UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# 2022

# Годишен извештај за остварените резултати на Обединетите нации во Северна Македонија

АПРИЛ 2023



United Nations

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

## ЗАСЛУГИ

Овој документ е изработен од Канцеларијата на постојаниот координатор на Обединетите нации (ОН КПК) во Северна Македонија во име на тимот на ОН во Северна Македонија. КПК се заблагодарува за придонесот на сите чинители при подготовката на овој документ.

Најновата верзија на овој документ е достапна на веб-страницата на ОН во Северна Македонија на northmacedonia.un.org.

За дополнителни информации, контактирајте со: **ОН КПК Република Северна Македонија** rc-northmacedonia@un.org

Насловна фотографија: Најдобриот цртеж од Натпреварот на ОН во цртање за деца организиран во пресрет на Денот на Обединетите нации, како дел од кампањата за зачувување на животната средина “Се грижам” ©UN RCO

Употребените ознаки и претставениот материјал во оваа публикација не подразбираат никакво искажано мислење од страна на Секретаријатот на Обединетите нации во врска со правниот статус на која било земја, територија, град или област или на нејзините власти, или во врска со граничните линии или граници.

Финансиските податоци сè уште не се финални за 2022 година, и може да бидат различни според последните достапни финансиски извештаи на организациите кои се објавуваат подоцна во годината.

# Содржина


**ПРЕДГОВОР** .... 4

**ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2022 ГОДИНА** .... 5

**КЛУЧНИ РАЗВОЈНИ ПАРТНЕРИ НА ОН** .... 6

**КРАТОК ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНАЛНИОТ И ЛОКАЛНИОТ КОНТЕКСТ** .... 7

**ПОДДРШКАТА НА ОН КОН НАЦИОНАЛНИТЕ РАЗВОЈНИ ПРИОРИТЕТИ** .... 8

**РЕЗУЛТАТИ ВО 2022** .... 9

- РЕЗУЛТАТ 1: Инклузивна благосостојба .... 9
- РЕЗУЛТАТ 2: Квалитетни услуги за сите .... 12
- РЕЗУЛТАТ 3: Здрава животна средина .... 18
- РЕЗУЛТАТ 4: Добро владеење .... 22

**ФИНАНСИРАЊЕ И ПАРТНЕРСТВА** .... 25

**КОХЕРЕНТНОСТ, ЕФЕКТИВНОСТ И ЕФИКАСНОСТ** .... 26

**ЕВАЛУАЦИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ** .... 28

**ФИНАНСИИ И МОБИЛИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИ** .... 29

- Финансиски преглед .... 29
- Мобилизација на ресурси .... 30

**ОН ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2023** .... 31

**АНЕКСИ** .... 32


** За детални резултати од 2022, погледнете го Додатокот (стр 37)*

# Предговор

*„Потребно ни е единство, солидарност и мултилатерални решенија за решавање на кризите со храна и енергија, како и за елиминирање на недовербата што ја попречува глобалната акција низ целиот свет.“*
Антонио Гутереш, Генерален секретар на Обединетите нации





Во 2022 година, напредокот и оптимизмот вратени со закрепнувањето од КОВИД-19 и глобалното економско заживување беа фрлени во сенката на енергетската и финансиската криза и кризата со недостигот од храна – кои се случија, во голема мера, како последица на војната во Украина. Оваа криза претставува нов товар за економиите на глобално и регионално ниво, како и предизвик во секојдневниот живот на луѓето и пречка за постигнувањето на Агендата за 2030 година.

Во Република Северна Македонија – како и во многу други земји – таквата тешка ситуација направи значителен притисок врз Владата да продолжи со приоритизирање на реформските процеси и структурните промени, бидејќи фискалниот простор се намалува, а ранливоста се зголемува.

Во исто време, и покрај предизвиците, земјата постигна значаен напредок во процесот на пристапување кон Европската Унија (ЕУ), покажувајќи ја својата бескомпромисна посветеност кон спроведувањето и решавањето на приоритетите кои одат рака под рака со приоритетите и целите за одржлив развој.

Предизвиците на денешницата бараат визија и посветеност, но исто така и агилност и флексибилност од носителите на одлуки, сите развојни партнери и општеството. Во тој дух, 2022 година беше уште една година на постојани стратешки заложби за пример за блиско партнерство помеѓу Владата на Северна Македонија и организациите на Обединетите нации присутни во земјата.

Имплементацијата на Рамката за соработка за одржлив развој 2021-2025 (РСОР), како клучен стратешки документ за работата на ОН во Северна Македонија, е тесно поврзана со процесот на реформа на системот за развој на ОН, врз основа на клучните принципи на заедништво и зголемена ефикасност на системот на ОН со поддршка на владите и општествата кон забрзан одржлив развој. Во тој контекст, веруваме дека успеавме заеднички да одговориме на променетите потреби што произлегоа од актуелната криза, надоврзувајќи се на она што го научивме за време на пандемијата на КОВИД-19. Продолживме да покажуваме дека заедничката работа води до подобри и поодржливи резултати, ја зголемува ефикасноста и ги елиминира поклопувањата.

Северна Македонија е силен поддржувач на реформскиот процес на системот на ОН, глобално, како предводник на мултилатерализмот; и локално, во земјата, каде што нашата заедничка работа бележи одлична соработка и усогласување кон нашите заеднички цели во приоритетните области на РСОР.

Имплементацијата на заедничките работни планови за 2022 година придонесе кон напредок во решавањето на клучните развојни приоритети. Податоците укажуваат на зголемена вработеност на ранливите групи и на создавање нови работни места. Исто така, подобрени се регулативите и услугите за работниците, земјоделците и малите и средните претпријатија (МСП). Во областа на социјалните услуги, ОН ги поддржаа напредните образовни и социјални реформи преку развој на политики и услуги за оние на кои им е потребна помош. Во поглед на животната средина, ОН го поддржаа намалувањето на загадувањето на воздухот во Скопје, зголемувањето на заштитените подрачја и зајакнувањето на заштитата на биодиверзитетот. Свесноста на младите за климатските промени се зголеми и ризиците од поплави и од епидемии беа намалени или ублажени. Во областа на доброто владеење, работата на ОН придонесе за продолжување на процесот на децентрализација, фискална децентрализација и локален развој, напредок во формулирањето на дводецениската Национална развојна стратегија, подобрен правен систем, правда наклонета кон децата и подобрување на националните капацитети за спроведување на стратешките приоритети поврзани со пристапувањето кон ЕУ и Агендата 2030.

Ова се само дел од резултатите кон чие остварување заеднички работевме. Тие се сведоштво за можностите кои постојат, но и надеж дека овие резултати, и покрај предизвиците за одржување на мирот, стабилноста и социо-економскиот развој, кои ќе се чувствуваат со години.

Овие резултати треба да продолжат да бидат наша водилка во работењето, и во напорите никој да не биде изоставен.

Поддржувањето на вредностите и принципите на ОН содржани во Повелбата, кои во континуитет се ставени на тест од новите предизвици, остануваат клучни за надминување на актуелните кризи преку нашите заеднички заложби.

**Росана Дуџак**

**Постојан координатор на ОН**

**Бујар Османи**

**Министер за надворешни работи**

# Тимот на ОН

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

**22**

**организации на ОН поддржаа развојни активности во Северна Македонија**

Обединетите нации во Северна Македонија ги спроведуваат своите активности во согласност со приоритетите за развој на земјата, со заложбите за човекови права и за родова еднаквост, со агендата за пристапување во ЕУ и со целите за одржлив развој (ЦОР) од Агендата 2030.

ОН работеа врз остварување на приоритетите според Рамката за соработка за одржлив развој 2021 – 2025 година преку обезбедување техничка помош, развој на капацитетите, размена на знаења и иновативни пилот-програми.

Во 2022 година, 22 организации на Обединетите нации имплементираа развојни активности во Северна Македонија, работејќи заедно преку Тимот на ОН (УНКТ), во координација на Постојаната координаторка (ПК) на ОН, назначена за претставничка на Генералниот секретар на ОН за развојни операции во земјата. 17 од овие субјекти имаа физичко присуство во Северна Македонија, додека 5 ги спроведуваа своите активности од далечина. Тимот на ОН во Северна Македонија во 2022 година беше составен од повеќе од 320 домашни и меѓународни стручни лица и вработени.

| | |
|---|---|
| ФАО | Организација за храна и земјоделство на Обединетите нации |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| *МУТ* | *Меѓународна унија за телекомуникации** |
| ИОМ | Меѓународна организација за миграции |
| ОХЦХР | Канцеларија на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| УНДРР | Канцеларија на Обединетите нации за намалување ризици од катастрофи * |
| UN-Habitat | Програма на Обединетите нации за човечки населби* |
| *UNDSS* | *United Nations Department for Safety and Security* |
| УНЕЦЕ | Економска комисија на Обединетите нации за Европа * |
| УНЕП | Програма на Обединетите нации за животна средина |
| УНЕСКО | Организација на обединетите нации за образование, наука и култура* |
| УНФПА | Фонд за население на Обединетите нации |
| УНХЦР | Висок комесар на Обединетите нации за бегалци |
| УНИЦЕФ | Фонд за деца на Обединетите нации |
| УНИДО | Организација на Обединетите нации за индустриски развој |
| УНОДЦ | Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал |
| УНОПС | Канцеларија на Обединетите нации за проектни услуги |
| *UNV* | *Волонтери на Обединетите нации ** |
| *КПК* | *Канцеларија на Постојаниот координатор на Обединетите нации* |
| ОН Жени | Организација на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените |
| СЗО | Светска здравствена организација |

* нема физичко присуство *Не е потписник на РСОР*

Food and Agriculture Organization of the United Nations
International Labour Organization
IOM UN MIGRATION
ITU
UNITED NATIONS HUMAN RIGHTS OFFICE OF THE HIGH COMMISSIONER
UNDP
UNDRR UN Office for Disaster Risk Reduction
UNECE
UN environment programme
UNESCO United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
UNFPA
UNHCR The UN Refugee Agency
unicef
UNIDO
UNODC United Nations Office on Drugs and Crime
UNOPS
UN WOMEN
World Health Organization
UN VOLUNTEERS

# Клучни развојни партнери на ОН

Во текот на 2022 година, ООН соработуваа со над 110 партнери – национални и локални владини институции, граѓански организации, меѓународни партнери, приватниот сектор, академската заедница и сите други засегнати страни – Во анексот е дадена детална листа на партнерите со кои ООН соработуваа во 2022 година.

**Партнери кои дадоа финансиски придонес за имплементација на активностите на ООН во Република Северна Македонија во 2022 година***

*Придонесите се пресметани врз основа на ефективните расходи во 2022 година, заклучно со 31 март 2022 година, за периодот 1 јануари – 31 декември 2022 година, во американски долари.*




* Државите кои придонесуваат со финански средства кон фондовите на ОН со здружени средства, вертикалните и тематските фондови преку кои се финансирале активности на ООН во Северна Македонија се подредени по азбучен ред.

# Краток преглед на регионалниот и на локалниот контекст

Влијанието на регионалните и на глобалните кризи во 2022 година ги оптерети институционалните капацитети во Северна Македонија и сериозно влијаеше врз животниот стандард на луѓето, особено врз оној на најранливите групи.

Глобалната енергетска криза и зголемувањето на цените на храната го отежнаа економското заживување по кризата со КОВИД-19, тренд што се интензивираше поради војната во Украина. Влијанието врз  Северна Македонија беше воглавно индиректно поради поголемата зависност од увоз на енергија и храна и трговската изложеност на пазарите на Европската Унија (ЕУ). Граѓаните, но и бизнисите, а особено малите и средните претпријатија (МСП) беа силно погодени од инфлацијата и од енергетската криза што ја поткопаа и онака ниската конкурентност на економијата. Консолидацијата на пазарот на трудот продолжи и во 2022 година, но невработеноста кај младите и понатаму останува повисока. Финансирањето на буџетскиот дефицит и социјалните расходи стануваа сè потешки со исцрпувањето на механизмите за финансирање и со влошувањето на ситуацијата на пазарот на капиталот.

Човечкиот капитал останува клучен економски предизвик, бележејќи постојан пад на населението, тренд потврден и со пописот во 2021 година, главно поради континуираниот тренд на стареење и интензивна надворешна миграција. И покрај реформите во образованието, резултатите од проценките на знаењето остануваат ниски и недоволно усогласени со вештините потребни на пазарот на трудот. Иако влијанието на КОВИД-19 се намали, здравствениот систем и понатаму се соочува со тешкотии поради недостигот од ресурси и медицински персонал. Социјалните реформи и борбата против неформалната економија допрва треба да ги дадат очекуваните резултати, додека правата на децата, особено на лицата со попреченост, се подобруваат.

Фокусот врз климатските промени, животната средина и природните ресурси е намален поради енергетската криза, што придонесе за мало влошување на загадувањето на воздухот во споредба со претходниот период и за време на пандемијата со КОВИД-19. Од друга страна, зголемувањето на цената на струјата, исто така, ги зголеми стимулациите кон зелена транзиција и ги направи инвестициите во обновливи извори на енергија попривлечни. Предизвиците со одржливо управување на трите поголеми езера и понатаму се големи, а состојбата со Преспанското и со Дојранското Езеро особено загрижува и се влошува. Инвестициите во управувањето со отпадните води и со цврстиот отпад, управувањето со природните ресурси, како и поголемиот фокус врз рециклирањето сè уште се недоволни, а прогресот бавен.

И покрај предизвиците, во 2022 година, ЕУ го започна скринингот на нивото на транспонираност со правото на ЕУ, но преговорите ќе бидат официјално отворени само откако ќе се измени Уставот за да се вклучат дополнителни етнички групи во преамбулата. Во меѓувреме, предизвиците и одложувањата на процесот на преговори за пристапување во ЕУ ја намалија јавната поддршка за интеграцијата во ЕУ и ја продлабочија политичката поларизација на општеството.

Регионалната соработка активно продолжи во рамките на Преспанскиот форум и иницијативата „Отворен Балкан". Иницијативата, чија цел е создавање единствен пазар за Албанија,  Северна Македонија и Србија, се покажа како корисна во справувањето со кризата со недостиг од храна и енергија во 2022 година.

И покрај подобрениот индекс на меѓународните ранг-листи , корупцијата и недостигот од отчетност и понатаму се клучен општествен проблем. Вклученоста и учеството на засегнатите страни и на општеството во целина во креирањето на политиките се подобрува, но капацитетот за имплементација, праведноста и довербата на јавноста во институциите продолжија да се намалуваат. Државата остана активно вклучена во механизмите на ОН и во европските механизми за човекови права, но интеграцијата и мониторингот на имплементацијата на препораките остануваат предизвик.

Политичкиот контекст дополнително ги оптовари институционалните капацитети во државата и мултидимензионалната криза ја влоши и онака тешката оперативна средина за локалните власти. Дигиталниот развој останува критична алатка за подобрување на доброто владеење, бидејќи земјата беше оценета под европскиот просек на поширокката регулаторна рамка.

Земјата е дел од една од главните рути за мешани миграциски движења кон Европа, што резултираше со повеќе од 27,391 откриени нерегуларни преминувања на границите во 2022 година, претежно од Сирија, Пакистан, Мароко и други земји. Околу 22,000 бегалци пристигнаа од Украина, но само 5,900 останаа во земјата. Решавањето на статусот на лицата без државјанство, иако на дофат, не беше завршено во 2022 година.

Консултациите за формулирање на дваесетгодишната Национална стратегија за развој продолжија и понатаму, а беа започнати и неколку важни реформи, како што се новите буџетски реформи, и политиките кои подобро ги таргетираат ранливите групи како што се жените, младите, лицата со попреченост и Ромите.

Анализата на контекстот во 2022 година, која ОН ја прави секоја година, ја потврди потребата од зајакнување на капацитетите за управување со податоци, од зајакнување на ефективната борба против корупцијата и неформалностите и од дизајнирање антикризни мерки кои ќе бидат насочени кон потребите на најранливите групи. И покрај актуелните предизвици, земјата исто така мора да ги подобри стратешките инвестиции во човечкиот капитал, обезбеденоста со храна, приспособувањето кон климатските промени, подобрувањето на животната средина и зголемувањето на отпорноста од катастрофи.

### Индекс на потрошувачки цени




*Раст на БДП во 2022*




Извор: ДЗС, 2023

# Поддршката на ОН кон националните развојни приоритети

**Во овој дел од извештајот се истакнуваат резултатите на ОН  Северна Македонија од имплементацијата на активностите во 2022 година во четирите области од РСОР – инклузивна благосостојба, квалитетни услуги за сите, здрава животна средина и добро владеење  имплементирани во соработка со националните и со меѓународните партнери.**

## Кратко потсетување на приоритетите во Рамката за соработка

Во рамките на РСОР 2021 – 2025, ОН и партнерите се осврнуваат на три национални стратешки приоритети и се стремат да придонесат кон подобрување на постигнувањата во четири планирани резултатски области.

Базирајќи се врз долгото искуство на работа во  Северна Македонија, ОН со оваа Рамка за соработка постепено го менува начинот на работа од директно спроведување на активностите кон таргетирана поддршка на институциите преку советодавни услуги и во улога на овозможувач на пренесување искуства, иновации и експертиза.

Активностите на ОН се базирани врз податоци, за што е потребно зајакнување на капацитетите на носителите на податоци и статистики, подобро собирање на расчленети податоци и подобрена координација и размена на информации на сите нивоа. Сите активности се реализираат заеднички со националните и локалните институции, со граѓанското општество, со приватниот сектор, со меѓународните партнери и други засегнати страни.

Сите програми на Организациите промовираат родова еднаквост, граѓанско ангажирање на младите, градење доверба, социјален дијалог, еднаков третман на сите и еднакви можности за сите да ги остварат своите човекови права и целосен потенцијал. Препознавајќи го фактот дека луѓето не се пасивни приматели на услуги, туку се учесници во промената, активностите на ОН ја поддржуваат општествената трансформација преку пристап на поактивен и одговорен поединец и заедница за одржлив и инклузивен развој.

За детални податоци на сите индикатори погледнете во Анекс 3; за резултати по исход и ентитет на ОН, видете го Додатокот на извештајот.

| ЦОР | СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ | РЕЗУЛТАТИ ДО 2025 |
|---|---|---|
| Благосостојба и луѓе | Одржлив и инклузивен економски и социјален развој | (1) Подобрен животен стандард на сите во  Северна Македонија преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување, овозможено во инклузивно и иновативно деловно опкружување |
| | | (2) Универзален пристап на сите во Северна Македонија до квалитетни социјални услуги засновани врз права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – втемелени во системи отпорни на кризни состојби. |
| ПЛАНЕТА | Климатска акција, управување со природните ресурси и ризиците од катастрофи | (3)Луѓето во  Северна Македонија имаат корист од амбициозна климатска акција, одржливо управувани природни ресурси и добро сочуван биодиверзитет преку добро управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи |
| МИР | Транспарентно и одговорно демократско владеење | (4) Луѓето во  Северна Македонија ќе имаат придобивки од подобрено владеење на правото; антиципативни и родово одговорни политики кои се засновани врз докази; поголема социјална кохезија; и подобрена испорака на услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции |

**ВЛАДИНИ ПРИОРИТЕТИ**



# Постигнати резултати во 2022

РЕЗУЛТАТ 1

## Инклузивна благосостојба

***До 2025 година, сите луѓе во Северна Македонија ќе имаат подобрен животен стандард преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување, овозможено во инклузивно и иновативно деловно опкружување.***

*Придонес кон ЦОР*

*Придонес кон националните приоритети*

- Забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард
- Развој на земјоделството
- Одржлив туризам
- Децентрализација и рамномерен регионален развој

*Усогласеност со поглавјата на ЕУ*

- Основите на прво место: Економски развој и конкурентност
- 11. Земјоделство и рурален развој
- 19. Социјална политика и вработување;
- 20. Претпријатија и индустриска политика;
- 26. Образование и култура

*Буџет во 2022*

**$5,311,561**

*Развојни партнери:*

• Министерство за труд и социјална политика; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за образование и наука, Агенција за вработување; Фонд за иновации и технолошки развој; Синдикати; Стопански комори; Економски и социјални совети; Организации на работодавачи; Здруженија на земјоделци, Организации на производители



Во 2018 во Северна Македонија започна да се применува младинската гаранција, во рамки на праксата од ЕУ земјите. Последните податоци од пазарот на труд покажуваат дека гаранцијата помогна за подобрување на состојбата кај младите во периодот 2018 - 2019. Во 2020 е забележан мал регрес поради влијанието на Ковид-19 пандемијата, а во 2021 повторно е забележано подобрување. Во 2022, 7,419 (3,595 жени), од 20,185 лица регистрирани во Младинската гаранција се вработени во рок од 4 месец. Процентот на учесници што успешно ја поминале програмата во 2020 е 43%. *Фото: МОТ*

Покрај предизвиците создадени од последователните кризи, некои од клучните индикатори за овој резултат покажуваат солидно подобрување во 2022 година. Стапката на вработеност се зголеми за 2.5 проценти минатата година, приближувајќи се до целта за 2025 година. Процентот на млади лица кои не се опфатени со образование, вработување или обуки значително се намали (22.8%) од минатата година (24.26%), речиси достигнувајќи ја целта поставена за 2025 година. Растот по вработено лице, исто така, се зголеми најмногу досега. Сепак, стапката на сиромаштија кај

вработените лица продолжува да се зголемува.

Активностите кои ги реализираа ОН во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување и другите релевантни партнери, значително придонесоа за овие позитивни резултати. Во 2022 година, ОН го поддржаа создавањето на **1,204 работни места** преку различни мерки за вработување, како што се советување и менторство на **671 бизниси** и интервенции како што се зелени мерки, поддршка на практикантство, програма за работа во заедницата и други, кои се реализираа во 52 од 81 општина. Од овие работни места најмалку 359 се пополнети од Роми, 36 лица со попреченост (23 самовработени лица) и 34 се создадени преку зелени инвестиции. Покрај тоа, поддржувајќи ја сѐ уште неразвиената, но толку потребна економија на грижа, ОН овозможија лиценцирање на **117 даватели на услуги на грижа за постари лица** и лица со попреченост (ЛСП) и **ги надградија капацитетите на 28 невладини организации** за помош на овие групи.

**5,351**

**лица со зголемена вработливост**

Одговарајќи на критичната потреба за градење на вештини потребни на пазарот на труд и фокусирајќи се врз ранливите групи, ОН поддржаа унапредување на вработливоста и активирање на **5,351 лица** од кои 54 % се жени и речиси 70 % млади, 2,379 се Роми и 152 лица со попреченост. Покрај тоа, **147 луѓе се квалификуваа преку обуките за вештини** за дигитална трансформација и зелена транзиција во областите на: градежништвото, обновливите извори на енергија, текстилната индустрија. Решавајќи го најсериозниот предизвик на намалување на човечкиот капитал во земјата, ОН работеа со националните институции владините институции во имплементацијата на **младинската гаранција**, што резултираше со **регистрирање на 20,185 млади луѓе млади кои не се вработени, ниту пак посетуваат некакво образование или обука (НЕЕТ)** преку мрежата на даватели на услуги на Агенцијата за вработување. Од нив 7,419 (3,995 жени) беа вработени во рок од 4 месеци по регистрирањето, 2,400 млади НЕЕТ лица (1,553 жени, 193 Роми и 6 ЛСП) беа регистрирани со помош на НВО, во склоп на активностите за унапредување на социјалните услуги во рамките на заедницата. Ова придонесе кон значително намалување на процентот на млади НЕЕТ лица во 2022 (22.8 %), што се намали за речиси 2 % од минатата година (24.26 %), речиси достигнувајќи ја целта поставена за 2025 година.

Во текот на годината, ОН работеа со владините институции врз подобрување на политиките и регулативата, како и врз подобрување на услугите за инклузивен развој, притоа вградувајќи партиципативен пристап базиран врз докази.

**Љупчо Николовски**

**Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство**

„Соочувајќи се со предизвиците од пандемијата на КОВИД-19 и од војната во Украина за обезбедување на храна од домашно производство, ние, како министерство, и Владата ја препознавме важноста на Национална стратегија за обезбеденост со храна, како долгорочен патоказ за утврдување на националните приоритети, активности и ресурси потребни за унапредување на домашното земјоделско производство, а со тоа и достапноста на храна и можноста секој жител на Северна Македонија да си овозможи здрава исхрана. Ваква стратегија може да ни помогне да го направиме нашиот прехранбен систем поиздржлив и отпорен на идни кризи, кои можат да ја загрозат националната обезбеденост со храна". *Credit: Government MK*

Во областа на пазарот на трудот, ОН работеа врз овозможување на трипартитниот социјален дијалог во изготвувањето на **новиот Закон за работни односи** и ја поддржаа изработката на новиот Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, со што на Агенцијата за вработување (АВРСМ) ѝ се овозможува да ги имплементира најновите трендови во активирањето на ранливите лица на пазарот на трудот, преку имплементација на **моделот на социјален договор**. Анализата на правната усогласеност со **Конвенцијата на МОТ за спречување и елиминација на насилството и вознемирувањето во светот на работата, број 190**, беше валидирана од страна на Економско-социјалниот совет и влезе во парламентарниот процес.

Со цел зајакнување на руралната економија, ОН ги поддржаа измените на **Законот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост,** овозможувајќи приватизацијата на земјоделското земјиште во државна сопственост да биде целосно оперативна. Како одговор на предизвиците во глобалното опкружување, беа отпочнати подготвителни активности за развој на **првата национална Стратегија за обезбеденост со храна** преку консултативен и партиципативен процес, аналитички докази и предлог за меѓуинституционален национален координативен механизам.

Препознавајќи го предизвикот на миграцијата, ОН им помогнаа на владините институции **да ја вклучат дијаспората во социо-економскиот развој на земјата**, обезбедувајќи капацитети за повеќе од 20 институционални чинители со надлежности во прашања поврзани со дијаспората, вклучувајќи проекти за ангажман на дијаспората.

Активностите во областа на т.н. зелената економија, преку воведување **мерки за зелена транзиција за компаниите во Оперативниот план на Владата за 202**2 во вредност од 333,000 долари, придонесоа кон зголем интерес за неа. Услугите за креирање вештини беа зајакнати со **воведување на концепт на доусовршување на стручните вештини за возрасни во Регионалните инклузивни центри за извонредност**. Со поддршка на ОН, Министерството за информатичко општество и администрација направи проценка на дигиталните вештини за да ја разбере тековната понуда и побарувачка на дигитални вештини на вработените во приватниот сектор, стартап компаниите и образовниот сектор. Оваа проценка, заедно со изготвениот **Профил на државата во областа на дигитални иновации**, придонесе кон изработката на Националната стратегија за ИКТ 2023 – 2027.

**3,102 хектари**

**во процес на консолидација**

Освен овие неколку клучни документи, ОН работеше врз изработка на дигитални решенија, како што се **дигиталната алатка ХАНА (HANA)** која обезбедува пристап до пишани податоци на албански јазик за лица со оштетен вид, како и веб-базираната **Алатка за следење и анализа на цените на земјоделско-прехранбените производи (ФПМА)**. Приспособена и поврзана со националните системи за собирање податоци, ФПМА беше ставена во употреба од страна на МЗШВ со поддршка на ОН во 2022 година за да се овозможи лесно следење и анализа на домашните и глобалните цени на храната, што е од суштинско значење за решавање на обезбедноста со храна во состојба на криза.

Паралелно на ова, ОН, исто така, работеа врз конкретни мерки за решавање на неформални работни места и квалитетот на работните места. Во тој контекст, регулативата на пазарот на трудот беше подобрена со градење на капацитетите на Инспекторатот за труд преку **обука на 106 инспектори** за Законот за работни односи, развивање **платформа за е-учење и нова веб-локација со дигитални апликации за работодавачи и работници,** како и обезбедување нова ИТ и опрема за мерење. За решавање на неформалните работни места во секторот ХОРЕКА (хотели, ресторани и кафулиња), беше спроведена пилот-мерка со Здружението на хотели,

## Мирјана Капкоска-Ангелеска

**земјоделка од селото Дабјани**

наследила имот од својот дедо по денационализацијата на земјоделското земјиште, којшто не можела да го обработува, бидејќи се состоел од 65 парцели расфрлани на различни локации по полето. Благодарение на заедничките напори на ЕУ, ФАО и МЗШВ, сите нејзини парцели сега се консолидирани во една парцела, со големина од осум хектари и со правилна форма. „Конечно повторно го користам земјиштето за земјоделско производство", вели Мирјана. Фото: *ФАО*

ресторани, кафетерии и кампови – ХОТАМ с**о поедноставени постапки за вработување и за намален придонес за социјално осигурување за сезонски работници во Охрид и Струга. За да се подобри безбедноста и здравјето на работните места во градежништвото, рудниците и земјоделството,** ОН во соработка со релевантните институции направи анализа на јазот на усогласување на регулативите со конвенциите на МОТ.

ОН исто така одговори на најкритичните предизвици за одржлива и конкурентна рурална економија, како што се расцепканоста на земјоделското земјиште, недоволната земјоделска инфраструктура и управувањето со здравјето на животните, како и прилично големиот родов јаз во земјоделскиот сектор. Во 2022 година, со помош од ЕУ, ОН ја продолжија поддршката за спроведување на Националната програма за консолидација на земјиштето преку истовремено спроведување десет проекти за консолидација на земјиштето.

Овој процес вклучуваше подготовка и усвојување на планови за распределба на земјиштето и подобрување на земјоделската инфраструктура со опфат на **3,102 хектари земјоделско земјиште, во сопственост на 2,954 сопственици (од кои 633 жени)**. Како резултат на тоа, во подрачјата каде што е завршена консолидацијата на земјиштето, бројот на земјишни парцели сега е намален за речиси 2.5 пати, односно од 8,237 на 3,344 парцели, додека просечната големина на земјишните парцели е тројно зголемена (од 0.42 ха на 1.34 ха). Со ова се решава структурниот проблем со малата површина на земјоделските стопанства и со прекумерната расцепканост на парцелите, што го подобрува потенцијалот и конкурентноста на земјоделското производство.

## 70 земјоделки

**поддржани со финансиска помош**

Оваа година, во партнерство со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, **70 жени земјоделци имаа можност да искористат зголемена финансиска поддршка** (од 3,000 € на 6,000 €) преку мерката на ОН насочена кон поддршка на жените-земјоделски производители.

Како помош во усогласување со легислативата и со стандардите на ЕУ во областа на управување со здравјето на животните, ОН поддржаа подготвителна проценка за **надградување на Националниот информативен систем за животните во рамките на Агенцијата за храна и ветеринарство.**



Интервенциите на ОН овозможија создавање на 1,204 работни места со целосно и со привремено вработување (622 со целосно, 582 со привремено) преку различни мерки, вклучително и нови зелени мерки воведени во 2022. Од нив 68.5% се жени, 30.5% се млади до 29 години, 34.7% се Роми а 42 работни места (3.5%) се за лица со попречености. *Фото: УНДП*

РЕЗУЛТАТ 2

# Квалитетни услуги за сите

*До 2025 година, луѓето во Северна Македонија добиваат универзален пристап до квалитетни социјални услуги засновани врз права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – втемелени во систем отпорен на кризни состојби*

*Придонес кон ЦОР*

*Придонес кон националните приоритети*

Социјална инклузија (грижа за сите ранливи категории) и развој на човечкиот капитал
Модерен образовен систем
Стабилен и модерен здравствен систем
Младите во фокусот
Едно општество, еднакво за сите

*Усогласеност со поглавјата на ЕУ*

•Кластер 2, Поглавје 28: Заштита на потрошувачите и здравјето
•Кластер 3, Поглавје 19: Социјална политика и вработување; Поглавје 25: Наука и истражување, Поглавје 26: Образование и култура

*Буџет во 2022*

**$5,128,417**

*Развојни партнери:*

• Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Здравствени институти, здруженија или дирекции; Институти за стручна обука; Синдикат на здравствени работници; Граѓанско општество; Академски сектор, Приватен сектор



Бранка Тодевска, медицинска сестра, ја добива нејзината вакцина против сеознски грип. “Се вакцинирам секоја година за да се заштитам и ги повикувам сите други да се вакцинираат за нивно добро,” вели Бранка. *Фото: СЗО*

Според најновите расположливи податоци, населението кое живее под границата на сиромаштија се зголемува (од 21,6 % во 2019 година на 21,8 % во 2020 година), и тоа најмногу меѓу најмладите (од 27,8 % во 2019 година на 30,3 % во 2020 година). Ова дополнително се зголеми со последната криза која непропорционално ги погоди ранливите категории и стави повеќе луѓе во сиромаштија, или дополнителни 13.000 луѓе, од кои 5.000 деца, според процената во анализата поддржана од ОН за влијанието на кризата врз македонските домаќинства. Ова, исто така, предизвика мало опаѓање на индексот на човековиот развој, кој се намали од 0,774 во 2021 година на 0,770 во 2022 година. Меѓутоа, рангирањето на земјата се подобри од 82 на 78 место.

Користејќи ја движечката сила од КОВИД-19, поддршката на ОН и техничката помош за Министерството за здравство не само што го олесни ја одговорот на потребите на здравствениот систем за итни случаи, туку и овозможија **зајакнување на националниот здравствен систем**. Ова беше постигнато, меѓу другото, преку **генерирање суштински докази за подобрено креирање политики и за подобрување на дизајнот на услугите ориентирани кон пациентот.**

Процената на националниот правен контекст ги идентификуваше **потребните промени во националната законска и регулаторна рамка за да се овозможи спроведување на реформата на примарната здравствена заштита (ПЗЗ)**. Ситуациската анализа на потребата од интервенции во раното детство (ИРД) не само што ги обезбеди најновите податоци за системот, туку и овозможи откривање на **нов јаз во еднаквоста во пристапот до услугите за рана интервенција,** докажувајќи ја јасната нееднаквост во приходите во пристапот до услугите за ИРД. Клиничките протоколи и патеки за приоритетните незаразни болести ќе придонесат за воведување **минимален стандард за квалитет за услугите за нега** во секојдневната пракса.

Систематската анализа на административните процеси за лекарите од примарната здравствена заштита ги идентификуваше конкретните **отпуштања и можностите за зголемување на ефикасноста** на администрацијата на ПЗЗ. Планирањето и дизајнирањето на системот за електронско закажување термини на ниво на примарна здравствена заштита ќе им овозможи на пациентите да **избегнат долги чекања во нивниот здравствен центар**, без да се наметнува дополнителен административен товар на ПЗЗ. Дигиталниот софтвер што е дизајниран и е во пилот-фаза, ќе овозможи **полесни консултации меѓу здравствените професионалци** на примарно, на секундарно и на терцијарно ниво, со што пациентите ќе заштедат на непотребни патувања и ќе се избегнат турканици во чекалните во болниците. Горенаведените резултати придонесуваат за постигнување на целите на ЦОР 3.8 (универзална здравствена покриеност) и 3.4 (намалување на предвремената смртност од незаразни болести), како и за индикаторот за резултатот на РСОР за Самопријавена незадоволена потреба за медицински преглед и грижа, во 2020 година на 1.7 %, а се очекува да се врати на старото повисоко ниво во 2022 година по КОВИД-19.

Првата сеопфатна процена на структурата за планирање и процеси на **здравствената работна сила** ги постави темелите кон развој на нова (прва) стратегија за здравствена работна сила (ЗРС). Со поддршка на ОН, Министерството за здравство, Факултетот за медицина и Специјализираната болница за геријатриска и палијативна нега изработија акциски план за трансформација на специјализираната болница за геријатриска и палијативна нега во наставен центар за **новодизајнирана геријатриска супспецијализација** и изработија патоказ за развој на работната сила. Ова ќе помогне да се подготви здравствената работна сила за да одговори на потребите на растечката постара популација, во согласност со целта на ЦОР 3.в (зголемено финансирање во здравството со цел да се задржи здравствената работна сила во земјите во развој). **Преку 1,800 здравствени работници** (6.5 % од вкупната здравствена работна сила) **поминаа низ серија обуки** (секој во својата област на експертиза) во областите на вакцинирање, планирање на вакцинацијата и разговор за полесно прифаќање на потребната вакцинација, безбедност на работа, работа врз менталното здравје, работа во лабораторији, епидемиологија на терен, телемедицина, ефективна перинатална нега и други области.

"

## Светлана Милиќ

**65-годишна домаќинка од една општина во Северна Македонија, имала рутински преглед во мобилна гинеколошка клиника што го променил нејзиниот живот. Таа била дијагностицирана со рак на грлото на матката во рана фаза и била подложена на операција за да се спречи ширењето на ракот. И покрај тоа што Северна Македонија има повеќе гинеколози на 100.000 луѓе од европскиот просек, многу помали градови и села немаат лесно достапни услуги за сексуалното и репродуктивното здравје, што е значајна бариера за ранливите луѓе и за луѓето во руралните средини.** Фото: *УНФПА*

Светлана и уште 2,000 жени и девојки од руралните и недоволно опслужените подрачја на земјата имаа можност да добијат редовен гинеколошки преглед во своето место на живеење, преку услугите на мобилните гинеколошки клиники, формирани со поддршка на ОН уште во 2021 година, а подоцна интегрирани во националниот здравствен систем. Во соработка со локалната граѓанска организација ХОПС, овие услуги им се овозможени и на жените и девојките во затворите, на сексуалните работници и на корисниците на дрога.

Со поддршка на ОН и во соработка со Комитетот за безбедно мајчинство, Министерството за здравство формира шест оперативни извршни одбори за **имплементација на моделот за перинатална нега**, во шест региони на Скопје, Битола, Тетово, Штип, Струмица и Куманово. Одборите ќе придонесат за подобра координација на спроведувањето на Генералниот план за перинатална нега 2020 – 2030 на регионално ниво. Врз основа на активностите од претходните години, дополнителни 175 здравствени работници беа обучени во 10 објекти/болници во ефективна перинатална нега (ЕПН), придонесувајќи за подобрување на квалитетот на здравствените услуги и за **подобрување на здравјето на мајките и новороденчињата**. Додека стапката на неонатална смртност се зголеми за време на пандемијата (од 4.2 на 4.5%), овие континуирани инвестиции, вклучително и со поддршка на ОН, се очекува да го сменат трендот на пониски стапки од периодот пред пандемијата.

Во 2022 година, ОН работеа со Министерството за образование и наука и со придружните институции врз континуирана имплементација на реформата на образованието за решавање на кризата со учењето предизвикана од системските празнини, влошени од пандемијата со КОВИД-19. Иако училиштата останаа претежно отворени во текот на 2022 година, закрепнувањето од губење на наученото како последица на пандемијата беше бавно и придонесе кон пониски резултати во образованието, при што најранливите деца беа непропорционално погодени.

**340 ДЕЦА**

**добија подобрени вештини**

Во пресрет на Самитот за **трансформација на образованието** организиран од Генералниот секретар на ОН, со поддршка на ОН беа организирани серија од 10 национални консултации за иднината на образованието, со над 600 млади, студенти, наставници, општински службеници, парламентарци и граѓански организации. Како резултат на изнесеното во текот на консултациите, во своето **обраќање на Самитот во септември во Њујорк, премиерот нагласи дека ќе продолжат националните заложби за понатамошно подобрување на образовниот систем** и за унапредување на достигнувањата на ЦОР 5.

Иако училиштата останаа претежно отворени во текот на 2022 година, закрепнувањето од губење на наученото како последица на пандемијата беше бавно и придонесе кон пониски резултати во образованието, при што најранливите деца беа непропорционално погодени. Посетеноста на предучилишните установи е сè уште мала, при што на најголем дел (60 %) од 3-5-годишните деца им недостасува **квалитетно и инклузивно предучилишно образование** (индикатор на РСОР 2_10), иако тоа се зголеми по КОВИД-от. Како одговор на ова, ОН инвестираа во застапување за **проширен пристап до предучилишно образование**, заедно со поширок процес за **оптимизирање на целата училишна мрежа и за подобро користење на достапните ресурси**. ОН исто така изразија заложби со првите 10 општини директно да ја планираат оптимизацијата на ресурсите и да ги искористат неискористените простори во училиштата кон зголемување на покриеноста на предучилишното образование, очекувајќи први резултати во 2023 година.

ОН продолжија да ги поддржуваат наставните реформи така што на наставниците им обезбедуваат ефективни педагошки стратегии, образовни ресурси и алатки (вклучувајќи ги и дигиталните) за **квалитетна инклузивна настава**. Посебно внимание во овогодишната поддршка беше посветено на **благосостојбата на учениците** како значаен фактор за подобрување на резултатите за учениците, особено за оние од загрозените групи. Новите **образовни содржини** беа континуирано дизајнирани и слободно достапни на **Едуино**, вклучувајќи ресурси за учење, игри, активности и виртуелна



Учители и образовни работници се придружија на работилниците за градење на капацитетите на ОН за климатски промени преку нови исплатливи експерименти во рамки на нивните часови. Овој пристап им помага на децата да ги научат основите на науката и феномените на климатски промени, како деградација на вода, почва и циклуси на затоплување. Овие експериментални активности во училиште исто им помагаат на децата да развијата вештини за решавање на проблеми, упорност и соработка. *Фото: УНИЦЕФ*

лабораторија со научни експерименти што може да се следат според сопствено темпо, што, пак, дополнително го зајакна **Едуино** како онлајн платформа со проверени и квалитетни наставни материјали за учење за наставниците, родителите и учениците.

## 10,970 наставници

учествуваа во програми на ОН за професионален развој

За да се поддржи **вклучувањето на сите деца во стандардното образование** и да се создаде средина која ќе овозможи нега и стимулација на децата со попреченост за да учат и да ги развиваат вештините што им се потребни за напредок, ОН го поддржаа проширувањето на раното вклучување во програмите за образование, трансформацијата на специјалните училишта во ресурсни центри, градењето на капацитетите на вработените во ресурсните центри, 1,364-те членови на **тимовите за инклузија во училиштата на сите основни училишта** во земјата, како и на 400 професионалци низ целата земја во Аугментативна и алтернативна комуникација. Како резултат на тоа, во учебната 2021/2022 година, 1,232 ученици со попреченост биле запишани во редовните основни (911) и средни (312) училишта. Воведувањето на националната програма за социјално и емоционално учење беше остварено преку мрежа од 192 наставници за стручна поддршка и надополнето со двомесечна програма за обука за одржливи заедници за професионално учење за промовирање култура на континуирано учење за целиот персонал и за подобрување на резултатите за сите деца.

ОН продолжија да поддржуваат **сеопфатно сексуално образование (ССО)** и иницијативи поврзани со младите преку работа со Бирото за развој на образованието во планирањето и спроведувањето на процесот на стратешко позиционирање и развојот на Националната стратегија за ССО. Стратегијата има за цел да ги подобри знаењата, вештините и ставовите на учениците за ССО и да ја зголеми свеста за потребата од ССО во основното образование.

Сите овие активности имаат за цел да го подобрат квалитетот на образованието и резултатите од учењето на учениците, чиј напредок ќе се мери преку индикаторот на РСОР 2_20 за резултатите од тестирањето ПИСА во циклусот од 2022 година, што се очекува наскоро.

ОН стапија во партнерство со Министерството за труд и социјална политика и со други релевантни институции за да ги поддржат политиките за **социјална заштита и дизајнот на услуги и пилот-проекти**, со цел подобрување на заштитата на лицата на кои им е потребна.

Во 2022 година, поддршката на ОН беше фокусирана врз **развивање на капацитетот на работната сила на социјалната служба.** Новата Платформа за дигитално учење за вработените во социјалните служби нуди вршење специјализирани онлајн обуки потребни за процесите на лиценцирање, како и обука за решавање на потенцијалното „професионално согорување“ (burnout), која досега ја



"

Програмата за социјално менторство поддржана од ОН за жените кои претрпеле насилство, им помогна на учесниците да станат финансиски и психолошки отпорни. Магдалена Чадиноска Кузманоски, социјален ментор која работела со пет жени, објаснува како социјалното менторство води до вработување, финансиска сигурност и подобрен квалитет на живот за преживеаните и луѓето кои зависат од нив. Развојот на меки вештини и професионалната обука им помагаат на жените да станат поконкурентни на пазарот на трудот, додека социјалните ментори сугерираат потенцијални можности за вработување само кога се сигурни дека жената може да се справи со барањата на работното место. *Фото: UN Women*

искористија повеќе од 100 вработени од социјалниот сектор. Паралелно, ОН изгради капацитети, алатки и методи за интегрирано управување со предметите и случаите од ранливото население како единствена влезна точка за услуги за поддршка и добивање придонеси, која се очекува да опслужи над 50,000 домаќинства почнувајќи од 2023 година.

## 50,000 домаќинства

**ќе добијат подобри социјални услуги преку интегрираното менаџирање на случаи**

Првата меѓусекторска стратегија за родителство беше развиена со цел да се обезбеди грижлива семејна средина за децата во домот. Како дел од **родителски интервенции,** стотици деца имаа корист од подобрените родителски вештини преку програмата за „Нежно родителство“ (100 семејства), Линијата за помош на родители (100 родители) и апликацијата за родителство Бебо (Bebbo) (над 7.000 корисници) – од кои сите овозможуваат лесен и евтин пристап до рана интервенција и поддршка на родителите.

Врз основа на новите стандарди за згрижување и чување деца, новоформираните регионални центри за поддршка на згрижувањето се стекнаа со знаења и развија вештини за промовирање на услугата за згрижувачки семејства, оценување и едукација на потенцијалните и идните згрижувачки семејства и за набљудување и поддршка на постојните згрижувачки и роднински семејства. Процесот на идентификација и барање нови згрижувачки семејства, како и пристапот до информации за општата популација, професионалци и постоечки згрижувачки семејства е олеснет преку веб-страницата за згрижувачка нега https://zgrizuvanje.gov.mk/ .

Развиени се националните капацитети за проширување на **моделот заснован врз човековите права за процена на попреченоста и за потребите на децата и младите** во Североисточниот, Источниот, Вардарскиот и Југозападниот плански регион. По усвојувањето на измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита од страна на Собранието, изготвен со поддршка на ОН, отпочнатото формирање на националните и на десетте регионални функционални тела за процена ќе го комплетира воведувањето на новиот модел, којшто, од 2023 година, ќе обезбеди лесна и единствена влезна точка за услуги за поддршка и придобивки на сите лица со попреченост и на нивните семејства низ целата земја.

Како поддршка на Владата, за да се осигури дека никој нема да биде изоставен, ОН обезбедија и го олесниja обезбедувањето здравствени, образовни, социјални и детски **услуги за заштита на мигранти и присилно раселени лица,** вклучувајќи ги и авганистанските семејства кои привремено беа во земјата. Околу 26,000 мигранти, бегалци и баратели на азил сместени во привремените транзитни центри во Винојуг и Визбегово добија медицинска и психосоцијална поддршка, културна медијација, рекреативни активности, јазична помош и други потреби за прием и заштита. На 40 баратели на азил со специфични потреби, сместени во Прифатниот центар Визбегово и во приватно сместување, им беше помогнато со едукација и услуги за вработување, како

и со медицински интервенции и психосоцијална поддршка. И на крај, во врска со ветувањето на Глобалниот договор за фондот за бегалци за преостанатите косовски бегалци, 5 лица добија државјанство, а 6 доброволно се вратија во Косово. 244 лица од првичниот број на косовски бегалци сѐ уште се во земјата, а нивната ситуација се очекува да биде решена до 2024 година.

Минатата година се постигна добар напредок во имплементацијата на **Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство**. Со техничка поддршка на ОН беа изготвени клучни документи, како што се Мултисекторскиот протокол (МСР протокол), шест подзаконски акти и Програмата за реинтеграција на жртвите. Овие законски документи дефинираат нови одредби, го олеснуваат одговорот на повеќе засегнати страни и клучните стандарди и процедури во собирањето и анализата на податоци и обезбедуваат подобрени квалитетни услуги за жртвите на насилство. Собирањето и анализата на податоци е од суштинско значење за креирањето политики базирани врз докази. Насочувајќи се кон хроничниот недостиг од квалитетни и веродостојни податоци за насилството врз жените (НВЖ) и семејното насилство, ОН, исто така, го поддржаа мапирањето на актуелната ситуација и предизвиците поврзани со собирањето и пријавувањето на податоците за РБН, по што беше инициран развој на систем за управување со информации.

ОН го поддржаа прегледот и ажурирањето на постојните материјали за обука за сексуалното и репродуктивното здравје (СРЗ) и РБН за професионалци од СРЗ, даватели на услуги за РБН и организации на лица со попреченост (ОЛСП), со цел **да се подобри квалитетот на услугите за СРЗ и РБН за лица со попреченост.** Националната кампања насочена кон сите жени и девојки кои живеат во урбаните и руралните средини, со фокус врз ромската популација, ја подигна свесноста во врска со достапните услуги за жртвите и за преживеаните од родово базирано и семејно насилство во земјата. Покрај тоа, се одржаа настани во три заедници за да се подигне свеста за насилството преку интернет.

Со поддршка на ОН, над 15,000 жени жртви на насилство можеа да ги користат **советодавните услуги** од Советувалиштето за жртви на родово базирано насилство, чии капацитети беа обезбедени со поддршка на ОН, а исто така беше обезбедно и првото инклузивно игралиште кое ќе го намали товарот на давателите на грижа (претежно жени) на повеќе од 20 деца со церебрална парализа. Дополнително, 249 жени и девојки кои претрпеле насилство во Југоисточниот Регион на земјата добија услуги од двете новоотворени психосоцијални советувалишта, центри предводени од партнерските граѓански организации Скај Плус Струмица и ЕХО Штип, поддржани од ОН. Одржливоста на психосоцијалното советувалиште во Струмица беше обезбедена преку изготвување и усвојување на општински



Анастасија, 19-годишна студентка по филозофија, била принудена да избега од својот дом во Украина поради тековниот конфликт. Таа се засолнила во Северна Македонија заедно со својата сестра, каде што биле пречекани од семејство Украинци кои работат во Амбасадата во Скопје. Благодарение на својата отвореност и љубопитност, Анастасија била поканета да ги продолжи студиите на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што ѝ бил даден лаптоп и сите потребни ресурси за да продолжи со студиите. Анастасија е благодарна за можноста да ги продолжи студиите и е желна да ги искористи своите вештини и интелект за да помогне во обновата на својата татковина. Деканот на Филозофскиот факултет во Скопје смета дека универзитетите имаат единствена можност да ги поддржат младите бегалци чие образование е прекинато поради војна или прогон. ОН ја поддржуваат Владата и сите засегнати страни во нивните напори да им понудат меѓународна заштита на бегалците и тие работат врз зголемување на прифаќањето на луѓето на кои им служат и врз тоа нивниот потенцијал да се искористи во земјите домаќини, како и во нивните татковини – откако ќе се чувствуваат безбедно да се вратат назад. *Фото: УНХЦР*




Состанок со локалната заедница во општината Шуто оризари, за промовирање на услуги за заштита од родово базирано насилство, поддржано од ОН и Британската амбасада во Скопје. Преку оваа кампања отприлика 455,000 индивидуи се коминицирани неколку пати за содржините од кампањата. *Фото: UNFPA*

локален акциски план за родово базираното насилство. 13 жени жртви на насилство, кои исто така се долгорочно невработени и самохрани мајки, се вработија и останаа на истите работни места, преку учество во 12-месечна **програма на социјално менторство за економско зајакнување.** Овие жени пријавиле зголемена самодоверба во барањето вработување и подобрена финансиска состојба, што резултира со подобар квалитет на животот и благосостојба.

РЕЗУЛТАТ 3

# Здрава животна средина

*До 2025 година, луѓето во Северна Македонија ќе ги користат придобивките од амбициозна климатска акција, од одржливо управувани природни ресурси и добро сочуван биодиверзитет преку правилно управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи:*

*Придонес кон ЦОР*

*Придонес кон националните приоритети*

•15. Инвестиции за одржлив развој (1. Земјоделски развој, 2. Инфраструктура, 3. Енергија);
16. Здрава животна средина;
17. Заштита од природни катастрофи

*Усогласеност со поглавјата на ЕУ*

•11: Земјоделство и рурален развој; 12: Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика; 15. Енергија; 27. Животна средина и климатски промени, 26: Образование и култура; 28. Заштита на потрошувачите и здравјето

*Буџет во 2022*

**$10,291,711**

*Развојни партнери:*

Министерство за животна средина и просторно планирање; Министерство за здравство; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за образование; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за економија; Кабинет на заменик-претседател на Владата задолжен за економски прашања; Центар за управување со кризи; Дирекција за заштита и спасување; Локална самоуправа; Здруженија на земјоделци; Стопански комори; НВО, приватен сектор



Поддршката од ОН за намалување на ризици од поплави продолжи со разни активности во Полошкиот регион, како и низ течението на реката Црн Дрим. Како резултат на тоа, повеќе од 100,000 граѓани од овој регион сега имаат понизок ризик од поплавување. Во сливот на реката Дрим, беа идентификувани соодветни мерки и активности за ублажување на ризикот од поплави врз основа на хидролошките и хидраулични модели поддржани од ОН и мапи за опасност од поплави и сеопфатна социо-економска и проценка на ранливоста на заедниците во сливот. Во Полог се инвестираше и во инфраструктурата за спречување на ризик од поплави и во капацитетот на релевантните агенции за вонредни состојби. На пример, пошумени се 40 хектари ерозивно земјиште во Националниот парк Шар Планина, реконструирано е коритото на Боговињска река и исчистена е атмосферската мрежа во Гостивар. Понатаму, капацитетите на релевантните агенции за вонредни состојби и други локални институции во полошкиот регион беа зголемени преку обезбедување опрема, организирање вежби и размена на искуства со колегите од регионот. *Фото: UNDP*

ОН го поддржаа воспоставувањето **сеопфатна национална политика за климатските промени**. По усвојувањето на амбициозниот и **зајакнат Национално утврден придонес (зНУП)**, во 2022 година Министерството за животна средина и просторно планирање имаше поддршка во составувањето на **Четвртата национална комуникација до УНФЦЦЦ (4. национална комуникација)**, која вклучува информации за Националниот попис на стакленички гасови, за секторските проекции на емисиите на стакленички гасови и за соодветните мерки за ублажување, како и за ранливоста на земјата во однос на неповолните ефекти од климатските промени и од предложените мерки за адаптација. Нацрт-предлог за развој на Националниот план за адаптација беше подготвен и ќе биде доставен до ЗКФ во првиот квартал од 2023 година. ОН, исто така, го поддржаа унапредувањето на **податоците за климатските промени** преку новоразвиената **платформа за мониторинг, известување и верификација (МРВ)**. Платформата ѝ овозможува на земјата да поднесе

извештај до УНФЦЦЦ/Парискиот договор и ЕУ/Енергетската заедница.

**Свесноста кај децата и кај адолесцентите за климатските промени и животната средина** беше подигната преку опширен системски пристап. Во 2022 година, Бирото за развој на образованието, со поддршка на ОН, **вгради теми за климатските промени и животната средина во редовните наставни програми** за природни науки во основните училишта (2. и 5. одделение), дополнувајќи ги претходно ревидираните наставни програми за 1. и 4. одделение во 2021 година и развиените наставни материјали за **градинките**. Над 120 наставници од предучилишни установи и од основни училишта беа обучени за интегрирање на еколошките концепти во наставата и понатаму ја дистрибуираа програмата до 800 колеги преку професионални заедници за учење, посети на училишта и коиспорака. Понатаму, се формира **мрежа од научни центри за искуствено учење**, за да се овозможи практично искуство на младите што ги вклучува Хидробиолошкиот институт – Охрид, Природонаучниот музеј – Скопје, Националниот парк Галичица, Едукативниот центар „Негрево" во Пехчево, Народна техника – Скопје и Ботаничката градина при Природно-математичкиот факултет – Скопје. За крај, 140,929 млади луѓе беа вклучени и 5,113 беа ангажирани на социјалните медиуми преку комуникацијата поддржана од ОН за развојни иницијативи за климатска акција предводена од младите.

За да се зголеми **пристапот до финансии за климатските промени** во земјата, ОН ја поддржаа земјата со подготвителни и активности за имплементација со цел добивање или зголемување на пристапот до четири клучни глобални фондови – **Зелениот климатски фонд , Фондот за адаптација, Глобалниот фонд за животна средина и Заедничкиот фонд за одржлив развој.** Понатаму, ОН, исто така, го поддржаа Кабинетот на заменик-премиерот за економски прашања, како Национален назначен орган (ННО) за ЗКФ, и Министерството за финансии, во изработката на **постапка за мониторинг, следење и рационализација на климатските финансии и нов веб-систем за собирање податоци за климатските финансии и за известување на веб-страницата на ННО**, www.greendevelopment.mk. За да се овозможи **трансформација и вклученост на приватниот сектор** кон зелена и јаглеродно неутрална економија, ОН спроведоа **процена на климатската технологија за индустрискиот сектор** и продолжија да обезбедуваат техничка помош и финансиски награди врз основа на успешноста во работењето на компаниите. Понатаму, ОН го поддржаа Министерството за економија и Агенцијата за енергетика во развивањето на **секундарно законодавство за енергетски ревизии на големи претпријатија;** и овозможија развој на првата онлајн алатка за вклученост на приватниот сектор во климатската акција.

За спречување на **осиромашувањето на озонската обвивка**, ОН го поддржаа ревидирањето на **националното законодавство и собирањето податоци за супстанциите што го осиромашуваат озонот**, на Правилникот за лиценци за управување со средства за ладење и/или производи што содржат средства за ладење и на Студијата за количините отпад од ладење. Исто така, ОН го поддржаа следењето и постојаната контрола на потрошувачката на хидрохлорофлуорокарбони (HCFC) и други супстанции кои ја **осиромашуваат озонската обвивка** (евалуација на 50 увозни лиценци), како и следењето на шемата за обновување и рециклирање со 25,009.50 кг. контролирани супстанции и нивните мешавини. Беше направена процена на достапните **сервиси** за да се подготви доделувањето опрема за обновување и рециклирање.

Во однос на адаптацијата кон климатските промени, најголемиот дел од поддршката на ОН беше фокусирана врз **поголема отпорност на земјоделскиот сектор и урбаните области**. Во 2022 година беше лансирана национална е-Агри платформа од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со поддршка на ОН. Платформата им обезбедува информации на креаторите на политики во креирањето одржливи земјоделски политики и им овозможува на земјоделците да ја подобрат одржливоста на животната средина, продуктивноста и приходите на нивните имоти. Платформата е-Агри ги интегрира глобалните и националните земјоделски, метеоролошки, климатски и



ОН помогнаа на МЗШВ во создавањето на веб-платформа за Е-Земјоделство која ги консолидира националните земјоделски податоци, како што се информациите за пазарот, климатските податоци и просторните податоци, од повеќе дигитални системи и бази на податоци. Платформата ќе им обезбеди на креаторите на политики увид за развивање политики и мерки за одржлива транзиција во земјоделството. *Фото: ФАО*

просторни податоци, вклучувајќи ја и глобалната Платформа за мапа на Земјата како планета. Понатаму, ОН ја поддржаа Владата во промовирањето системи за климатски толерантни семиња преку **правна анализа на националното законодавство за семиња** и преку демонстрации на фармите и обука на земјоделците, земјоделските производители, претставниците на семенски фарми, земјоделските задруги и претставниците на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во партнерство со Институтот за земјоделство на УКИМ. Беше подготвен и предлог за подобрување на системот за наводнување, управување со земјиштето и водите во Радовиш.

Во однос на **урбаната отпорност**, Град Скопје доби поддршка во проширување на базата на **податоци за животната средина, информации и студии потребни за информирано донесување одлуки**, како што се Карта на биотопи, Инвентар на крајречни живеалишта, Студија за подземни води, Стратегија за управување со водите, Студија за можни патеки за пренос на шествалентен хром во подземните води на планината Жеден и нивното влијание врз изворот Рашче, Документ за стратешко планирање за редизајнирање на јавни простори, како и техничка документација за зелен коридор долж реките Серава и Лепенец. Поддржани беа и пилот-мерки за урбана отпорност за **намалување на ефектите од урбаните топлотни острови**, односно два **зелени покриви на Градски трговски центар и на Дом на културата „Кочо Рацин" и зазеленување на падините на скопската тврдина Кале**. Понатаму, **енергетската ефикасност на градежниот комплекс на Владата и Претседателската резиденција беше подобрена** преку имплементација на систем за управување со енергија и ISO 50,001 сертификација.

Со поддршка на ОН, капацитетот на националните институции за зајакнување на **отпорноста на биосферните резервати и локалитетите на светското наследство vis-a-vis климатските промени** и ризикот од катастрофи беше зајакнат и беше формирана мрежа на практичари од Југоисточна Европа.

Во однос на **интегрираното, одрживо и инклузивно управување со природните ресурси, веќе е постигнато значително зголемување на областа под заштита, на 13.9 %** од територијата на земјата, од основната линија од 10.34 % во 2019 година (**76% постигнување од индикаторот за резултат од РСОР**: Процент на вкупна површина под заштита), главно благодарение на прогласувањето на новиот Национален парк Шар Планина во 2021 година, поддржан од ОН преку подготовка на Студија за валоризација. Поддршката на ОН за Министерството за животна средина и просторно планирање продолжи во 2022 година, фокусирајќи се врз воспоставување релевантни институции и капацитет за имплементација на Националниот парк Шар Планина, преку развој на нацрт-план за управување со паркот, за да се овозможи ефективна заштита на оваа биосфера. Понатаму, ОН го поддржаа изготвувањето **студија за ревалоризација за Охридското Езеро**, главниот технички документ за повторно прогласување на Охридското Езеро за Споменик на природата, изготвувањето План за управување и ја олесни посветеноста на градоначалниците на општините околу езерото за заедничка заштита и обнова на езерото (Охрид, Струга и Дебрца). Рента, претставниците на заштитените подрачја, членовите на планинарските здруженија и локалните жени имаат капацитет за ефикасно управување со заштитените подрачја.

Со поддршка на ОН, Министерството за животна средина и просторно планирање ја зајакна националната политика и управувањето со **шумски екосистеми** кон поголема заштита на шумите и на растенијата, птиците и животните живеалишта. **Беа изготвени Упатства за одрживо управување со шумите за две пилот-локации** (Буковиќ и Беласица). Понатаму, **188 шуми со висока природна вредност** од речиси 56,000 ха и **стари поединечни дрвја со исклучителни природни карактеристики** и локалитети со важни растителни заедници беа валоризирани. За да се обезбеди непречен пристап до храна, размножување и намалување на смртноста од сообраќајни незгоди на големите месојадци (особено за балканскиот рис и кафеавата мечка), ОН идентификуваа и препорачаа мерки за заштита на два пилот-коридори и развија прирачник за дизајн на зелени премини за диви животни/биокоридори над главната патна и железничка инфраструктура. Препораките беа донесени од страна на надлежните институции – ЈП Државни патишта, ЈП Национални шуми и неколку ловечки здруженија за имплементација. Понатаму, специфични активности за заштита на биодиверзитетот на влекачите и водоземците беа канализирани преку развојот на **првите Национални црвени листи на влекачи и водоземци,** кои го анализираат статусот, трендовите и заканите за овие видови и придонесуваат за нивната заштита.

**56,000 хектари**

**шуми и индивидуални дрва валоризирани**

Поради важноста на заштитата на земјиштето како клучен медиум за обезбедување на биодиверзитетот, ОН го поддржаа Министерството за животна средина и просторно планирање и избраа општини во пионерската работа за воспоставување на политичката рамка за зајакнување на **заштитата на почвата и неутралност на деградацијата на земјиштето**. Во 2022 година, ОН го поддржаа Нацрт-законот за **заштита на почвата** и ажурирањето на Локалните еколошки акциски планови за Арачиново, Сарај, Желино, Јегуновце и Липково да вклучат пристапи за контрола на ерозијата и поројните води. Со поддршка на ОН, Северна Македонија го изготви првиот Национален извештај до **Конвенцијата на ОН за борба против десертификација (УНЦЦД).**

**40%**

**намалување на загадувањето на воздухот со PM10 честички во Скопска населба преку ОН поддршка**

Значителен **напредок беше постигнат и во однос на намалувањето на загадувањето на воздухот, со годишни ситни честички PM10 намалени од 51.32 μg/m3 во 2019 на 35.91 μg/m3** (**Целосно остварен индикатор** на резултат од РСОР: Годишни средни нивоа на ситни честички PM10 и ЦОР 11.2). ОН придонесоа за овој позитивен развој преку подобрување на целокупната рамка на политиката и пилот-активностите за греење на домаќинствата во најзагаденото предградие, Лисиче, во главниот град Скопје. Благодарение на поддршката на ОН, операторите на пазарот **ги променија практиките и вклучија нови ефикасни апарати за греење и готвење на пазарот**, откако беа обучени за овие технологии и нивните компаративни продажни места и поттикнати преку нова законска рамка која бара продажни канали за промовирање апарати за намалување на потрошувачката на електрична енергија. Шемите за субвенционирање за **енергетски ефикасни подобрувања во станбени згради** за семејства со ниски приходи и за подобри семејства успешно беа пилотирани во Лисиче, што резултираше со **40% намалување** во загадувањето на воздухот во однос на PM10 (60.359μg/m3 во 2020 година наспроти 35.5μg/m3 во 2021 година) во оваа област и **60% намалување** во загадувачките емисии (5.56 t во 2021 година наспроти 2.23 t во 2021 година). Како дел од оваа пилот-активност, на **399 домаќинства**, како и на економски ранливите домаќинства, им беше обезбедена поддршка за замена на неефикасно греење и спроведување на енергетска ефикасност. За крај, изработена е **Студија за пропорционирање на изворите на загадување**, што ги анализира изворите на загадувањето на воздухот и го информира Акцискиот план за градот Скопје. **Национална онлајн платформа за загадување на воздухот** беше развиена за да се олесни дијалогот помеѓу Владата, граѓанското општество, приватниот сектор и академијата.

Делумен напредок е забележан во намалувањето на

генерализираниот **ризик од катастрофи**, со оглед на тоа што ИНФОРМ вредноста на индексот на ризик за земјата е малку подобрен на 2,4 поени во 2022 година, но сепак не ја достигнува целта од 2,0 (индикатор на резултат од РСОР: Индекс на ризик ИНФОРМ, 33 % ниво на постигнување). Реформите на целокупниот систем за управување со кризи сè уште се во мирување и таквата ситуација го попречува постигнувањето на целите на Сендајската рамка за намалување на ризикот од катастрофи. Во овој контекст, ОН се едни од ретките организации кои ја поддржаа земјата во градењето отпорност, со фокус врз **намалување на ризикот од епидемии и големи поплави**, преку воспоставување сеопфатен систем и сет од мерки за одговор на овие видови ризици од катастрофи. Неколку важни документи со политики и упатства за спречување на ризикот од поплави беа развиени со поддршка на ОН. Тие вклучуваат **контура на Националната стратегија за ублажување на ризикот од поплави, Нацрт-регулатива за подготовка на општински планови за одбрана од поплави и Нацрт-упатство за вклучување на намалување на ризикот од катастрофи во урбанистичкото планирање.**

Во 2022 година, ОН продолжија да ја поддржуваат изградбата на ефективен и ефикасен систем за **откривање и одговор на епидемии**, како еден од изворите на ризици од катастрофи. Во соработка со Министерството за здравство и со Институтот за јавно здравје, ОН го основаа и го опремија **Центарот за дејствување во услови на јавноздравствени вонредни ситуации и овозможија размена на податоци во реално време за болести во рамките на мрежата на лаборатории за јавно здравје** преку нивната дигитализација. Ова значително ја зголемува подготвеноста и капацитетот на земјата за одговор на епидемии.

Во моментот ОН ги поддржува активностите за **намалување на ризикот од поплави** и изградба на отпорност е во тек, со различни активности во Полошкиот Регион и во сливот на реката Дрим. Како резултат на тоа, повеќе од **100,000 граѓани во овие региони имаат корист од намалените ризици од поплави.** Во Полог беа направени инвестиции како во инфраструктурата за спречување на ризици од поплави, така и во капацитетите на релевантните агенции за итни случаи. На пример, **40ха ерозивно земјиште во Националниот парк Шар Планина беа пошумени, беше реконструирано коритото на Боговињска Река и беше исчистена мрежата за одведување на атмосферски води во Гостивар. Понатаму, релевантни агенции за итни случаи и други локални институции во Полошкиот Регион беа обезбедени со опрема**, организација на вежби и размена на искуства со колеги од регионот. Во сливот на реката Дрим беа идентификувани соодветни мерки и активности за ублажување на ризикот од поплави врз основа на хидролошките и хидрауличните модели поддржани од ОН и врз основа на мапите за опасност од поплави и сеопфатна социоекономска и процена на ранливоста на заедниците во сливот. Завршија работите за реставрација на реката Сатеска и за пренасочување во нејзиното природно речно корито.

Во однос на **опасниот отпад**, започна чистењето на еколошкото жариште ОХИС (стар хемиски фабрички комплекс), загадено со канцероген линдан (HCH). Чистењето ќе придонесе за решавање на долгогодишниот проблем со изложеноста на густо населените урбани средини во главниот град на земјата на оваа токсична супстанца. По претходните подготвителни инфраструктурни активности, ОН организираа **ефективно отстранување на 1.083 тони HCH отпад и HCH контаминирана почва** во 2022 година. Оваа активност ќе продолжи и во 2023 година. Градењето на капацитетите на владините службеници и на статистичарите на **статистика за е-отпад** исто така беше поддржано од ОН на регионално ниво, за да се обезбеди подобрен преглед на националната динамика и на управувањето со е-отпад и за да се хранат одлуките за политиките на национално ниво. Профилите на земјите со е-отпад, како и регионалниот извештај за следење на е-отпадот од Западен Балкан, се планира да бидат изготвени во 2023 година.



Започна чистењето на еколошката жариште на ОХИС, загадено со канцероген линдан (HCH). Чистењето ќе придонесе за решавање на долгогодишниот проблем со изложеноста на оваа токсична супстанца, за густо населените урбани средини во главниот град на државата. По претходните подготвителни инфраструктурни активности, ОН организираа ефикасно отстранување на 1,083 тони HCH отпад и HCH контаминирана почва во 2022 година. Оваа активност ќе продолжи во 2023 година. *Кредит: UNOPS*

РЕЗУЛТАТ 4

# Добро владеење

***До 2025, луѓето во Северна Македонија ќе имаат придобивки од подобрено владеење на правото; од политики базирани врз докази, предвидливи и родово одговорни; поголема социјална кохезија; и ефективно испорачување услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции.***

*Придонес кон ЦОР*

*Придонес кон националните приоритети*

- Владеење на правото, добро владеење и антикорупција
- Промовирање на демократијата и слободата
- Интеграција во ЕУ

*Усогласеност со поглавјата на ЕУ*

Основите на прво место:

- Кластер 1 Основи, Поглавје 23: Правосудство и основни права
- Кластер 1 Основи, Поглавје 24: Правда, слобода и безбедност

*Буџет во 2022*

**$10,589,510**

*Развојни партнери:*

•Кабинет на Премиерот, ВПМ задолжен за добро владеење и економски прашања, Секретаријат за европски прашања, Министерства за внатрешни работи, Локална самоуправа, Финансии, Труд и социјална политика, Надворешни работи, Информатичко општество и администрација, Правда, Култура, Образование и наука, Собрание, Народна банка, ДЗС, Биро за регионален развој, Управа за јавни приходи, Државен завод за ревизија, единици на локална самоуправа, Академија на судии и јавни обвинители, Народен правобранител, Национално координативно тело за недискриминација, НХРИ, Меѓуресорска работна група за усвојување на миграциски политики, Правосудство, Јавно обвинителство, Обвинителство за организиран криминал и корупција, Агенција за царина, СЦО, ИНТЕРПОЛ, Национална комисија за УНЕСКО, АДВОКАТСКА КОМОРА, ЗНМП, ОПД, Здружение на финансиски службеници (ЗФС), Здружение на единиците на локалната самоуправа, граѓанскиот и академскиот сектор.



**Валентин Ракип, момчето што стана препознатливо лице за децата без државјанство во земјата, продавач на магазинот Лице в лице, конечно доби државјанство на земјата.** *Фото: UNHCR*

Започнувањето на скринингот и преговарачките процеси за пристапување во ЕУ помогна да се поттикне напредокот на Северна Македонија во спроведувањето на реформите. Активностите на ОН придонесоа за понатамошно усогласување на правните, политичките и институционалните рамки со ЕУ acquis и меѓународните стандарди кои ги унапредија **основните права, родовата еднаквост, недискриминацијата, пристапот до правда,** централни за пристапувањето во ЕУ и за постигнувањето на целите за одржлив развој. Инклузивното и транспарентно владеење го зајакна уживањето на правата и значајното учество на луѓето, овозможувајќи им на жените, младите, лицата со попреченост и другите ранливи групи да се вклучат во политиката и во донесувањето одлуки на централно и на локално ниво. **Повеќе од 100 лица кои се соочуваат со дискриминација и исклучување** – жени и девојки, лица со попреченост, жртви на родово базирано насилство и трговија со луѓе, лица кои припаѓаат на одредени етнички малцинства, како Ромите – беа овластени да користат заштита од нееднаков третман во остварувањето на

своите права. **190 лица добија државјанство** поради законски интервенции. ОН, заедно со националните и со меѓународните партнери, придонесоа за развој на нова **стратегија за правата на лицата со попреченост** и инклузија и ја поддржаа националната рамка за следење на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП), зголемувајќи ги можностите за значајно учество во донесувањето политики и одлуки кои влијаат врз нивните животи.

Во **судскиот сектор,** поддршката на ОН резултираше со зајакната кривично правна заштита преку нови обвинувања за онлајн и офлајн насилство врз жените и децата. Започна процесот на трансформирање на правдата за деца во неказнен и ресторативен систем, каде што интересите на децата во судир со законот се од примарно значење. За да се одржи ваквата системска промена, беше поддржана новата Национална стратегија за превенција и правда за децата и беа обучени 350 професионалци за правда и социјална заштита, кои сè повеќе применуваат мултисекторски пристап земајќи ја предвид доживеаната траума во справувањето со децата во ризик и оние во конфликт или во контакт со законот. Мултимедијалната кампања „Само дете“ ја подигна свеста за доживотните последици од казнените мерки и од негативните искуства во детството. Беа зајакнати вештините на професионалците од кривично правниот систем за **борба против сериозен и транснационален криминал**, вклучувајќи недозволена трговија со дрога и оружје, трговија со луѓе, шверц на мигранти и недозволено финансирање на тероризам. Пристапот до и заштитните мерки за правата на жртвите се зајакнати со новиот закон за компензација финансиран од државата на жртвите на насилни кривични дела, развиен со поддршка на ОН.

## Фатмир Битиќи

**заменик-премиер одговорен за економски работи**

**Учествував на работилниците (за развој на визија во рамки на Националната развојна стратегија) во Скопје и искрено сум многу горд што многу млади луѓе, од различни етнички групи, претставници на ранливи групи на граѓани дискутираа меѓу себе и разменуваа идеи. Секоја сугестија, секоја визија за развојот на земјата е богатство, бидејќи ни помага за прв пат да дефинираме документ што ќе претставува долгорочен и сеопфатен патоказ за политиките што треба да ги направиме во следните 20 години. Извор: УНДП**

Зголемените капацитети и знаења на владата, судството, националните човекови права и другите независни институции и граѓанското општество придонесоа кон позитивна клима за промени, иновации и напредок на стратешките национални приоритети. ОН го поддржуваат развојот на првата **Национална стратегија за развој** што ги воспостави чекорите за развој на земјата за следните две децении. Повеќе од 3,000 граѓани и мултисекторски чинители за развој беа ангажирани во визионерски работилници за НРС, наречени Dream Labs и консултации за создавање на иднината, паралелно со основната анализа. Новата Стратегија за дигитална трансформација (ИКТ) 2023 – 2027 беше подготвена со поддршка на ОН. Како поддршка за процесот на пристапување во ЕУ, ОН продолжија со зајакнување на процесот на доближување на законодавството и на **преговарачките вештини на Собранието** и Секретаријатот за европска интеграција во давањето приоритет на техничката помош и во рационализирањето на експертизата и ресурсите во критичните области на реформи. Зајакнати се капацитетите на СЕП, секторските работни групи и другите владини институции за **интеграција на правото на ЕУ за родова еднаквост** во националните закони и политики. Се поттикнува активна вклученост на граѓанското општество и медиумите во процесот на пристапување во ЕУ, преку грантова шема, која поддржува лобирање, застапување, надзорни активности и градење на капацитети на национално и на локално ниво. Под водство на СЕП, беше воспоставена мрежа за соработка на националните институции кои учествуваат во процесот на интеграција во ЕУ.

**Реформата на управувањето со јавните финансии** забележува подобрување на транспарентноста во јавните трошоци, ревизијата, трансферните цени, индикаторите за мерење на неформалната економија и таа продолжи во нов реформски циклус во 2022 – 2025 година. Системот беше дополнително зајакнат со новиот Закон за буџети што ја вклучува родовата еднаквост како еден од клучните буџетски принципи и услов за разгледување на приоритетите за родова еднаквост во планирањето и извршувањето на буџетот. Првата Ревизија на успешност во однос на родовата еднаквост беше спроведена од страна на Државниот завод за ревизија со препораки за поефикасни владини мерки за унапредување на родовата еднаквост. Пристапот на интегрирано управување влијаеше врз **системот на локално управување** и децентрализацијата. Со поддршка на ОН, беше изготвена Контролна табла за општините, која сега ја користат 50 општини, за споделување информации за буџетските трошоци; овозможувајќи им на граѓаните да ги следат јавните трошоци на квартално ниво. Дополнителни финансии за општините беа обезбедени со воведување два нови механизми за финансирање. Методологијата за сеопфатна процена на системот на локалната самоуправа и процената на влијанието на регулативата беше дизајнирана да генерира докази и податоци за реорганизација на локалните надлежности. Моделот на е-Општина беше проширен со нови дигитализирани јавни услуги за повеќе од 300,000 луѓе. Бројот на општините кои користат е-Контролна табла за извршување на општинскиот буџет достигна вкупно 46 општини. Во основното образование беше развиена нова формула за распределба на средствата на општините за сите основни училишта да обезбедат квалитетно образование во согласност со меѓународните стандарди кои ќе се имплементираат од следната година.

Усвоена е **новата Стратегија за родова еднаквост** (2022 – 2027), нагласувајќи ја важноста на соодветното финансирање за родова еднаквост низ 17 тематски приоритетни области. Родовата еднаквост беше интегрирана во сите области на Националната стратегија за развој, во почетната фаза на развој. Претставници на 16 јавни институции и други засегнати страни се стекнаа со знаења за родовата статистика и родовата анализа. Зајакнати се капацитетите на 169 претставници на државните институции на РБН во процесите на секторско планирање и буџетирање. Одржливост на резултатите и зајакната локална сопственост на родовата интеграција беше постигната преку создавање застапници за родови прашања во 7 институции, кои ја завршија првата обука на обучувачи за родова интеграција во ИПА процесите. На локално ниво, 307 претставници, 212 јавни службеници и 95 општински советници беа обучени за родово одговорно буџетирање и родова еднаквост. **Сите овие резултати заедно со работата на другите партнери и националните институции придонесоа за подобрување на индексот за родова еднаквост** (2022) измерен во втор круг, којшто покажа зголемување од 2.5 поени од индексот за 2019 година и достигна 64.5, приближувајќи се до националната цел од 65 поени.

Пристапот на ОН кон иднината, транспарентниот и партиципативен пристап во креирањето на политиките воден од податоците, ги направи националните политики поефикасни и релевантни за новите предизвици. Значајни напори беа вложени во зголемување на институционалните капацитети поврзани со податоците и со употребата на податоците од попис и дигитализацијата на статистичките процеси. **Првото официјално објавување на резултатите од Пописот** на населението, домаќинствата и живеалиштата

од 2021 година, издаден со поддршка на ОН, придонесе за подобро разбирање на клучните демографски тенденции во земјата и нивното влијание врз политиката и донесувањето одлуки. Беа изработени **Национален патоказ за статистика на миграцијата** и Програма за статистички истражувања 2023 – 2027 во согласност со националните и со меѓународните стандарди. Истражена беше потенцијалната употреба на алтернативни и иновативни извори на податоци, како дознаки и големи податоци (‘биг дата’). Правосудните институции беа оспособени за собирање, за интегрирање и за генерирање податоци за заштита на децата, во врска со случаи на деца во контакт со законот и децата жртви. На локално ниво, Индексот на општински развој (ИОР) беше ажуриран за да ги прикаже податоците од пописот во 2021 година, а употребата на родови статистики и анализи беше промовирана. Подобрен е пристапот до услуги за поддршка на жени и деца, жртви на родово базирано и семејно насилство.

**300 млади**

**се вклучија во кампања за своите и за правата на своите врсници**

Заеднички со граѓанското општество и граѓанските движења, ОН се залагаа за маргинализирани заедници, позитивни наративи и поголема **социјална кохезија**. 74 препораки за политики низ 16 општини беа резултат на речиси 4.000 жени кои ги искажаа своите потреби на локалните носители на одлуки за поголема родово сензитивна јавна инфраструктура, транспорт и услуги. ОН промовираа **младинско зајакнување и учество** во обликувањето на новата Национална стратегија за млади и во други одлуки за политики, заедно со воспоставување локални младински совети во пет општини. 87 јавни настани и кампањи генерираа позитивни наративи и перцепции на ранливи групи и напуштени лица, вклучувајќи ја и пресвртницата #IBelong кампања за решавањето на статусот на лицата без државјанство во земјата до 2024 година. На Денот на човековите права, 300 млади луѓе се бореа за своите и правата на своите врсници под слоганот „Достоинство, слобода и правда за сите“.

ОН посредуваа за земјата да го усвои **Патоказот за антикорупција и незаконски финансиски текови** на Западен Балкан и да има корист од регионалната размена. Процена на ризикот од корупција беше извршена во јавните претпријатија, а повеќе од 200 државни службеници, градоначалници и општински советници ги зголемија своите знаења за локалното владеење, надзорот, антикорупцијата и управувањето со јавните финансии. Според рамката за прекугранична соработка со Косово, 415 полицајци од Северна Македонија разменија искуства со своите колеги во борбата против недозволената трговија со оружје и ги здружија силите за подигнување на свеста за злоупотреба на мало и лесно оружје. Преку заеднички напори на ОН, националните институции имаа поддршка во контролата по препораките за Северна Македонија што се однесуваат на имплементацијата на Конвенцијата на ОН против корупцијата (членови 7, 8 и 10; како и членовите 53 до 59). Активности за градење на капацитетите беа спроведени со Министерството за правда во насока на поврат на имотот и интегритетот во јавниот сектор, насочени кон граѓанските организации, јавната администрација и претставниците од правосудните и обвинителските институции.




Обука на обучувачи за родово одговорно буџетирање со учесници од Западен Балкан и Турција, април 2022 година. Фото: UN Women

# Финансирање и партнерства

Во текот на 2022 година, ОН иницираа и спроведоа неколку интервенции со цел поефикасно да го насочат финансирањето за одржлив развој од јавни и приватни извори.

Новиот Закон за буџети усвоен од Собранието во септември 2022 година, поврзан со новиот Интегриран информациски систем за управување со јавните финансии (ИФМИС), дава можност за подобрување на информациите за финансирање на ЦОР. Новата реформа за управување со јавните финансии ја вклучува родовата еднаквост меѓу клучните буџетски принципи и предвидува родово обележување на буџетските програми во рамките на ИФМИС. Во овој контекст, ОН продолжија да градат капацитет за родово базирано буџетирање со централни и локални институции, вклучително и преку поддршка на воспоставувањето на Ресурсен центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање.

За првпат во земјата и со поддршка на ОН, беше изработена и искористена анализа на трошоците за процена на адекватноста, ефикасноста, ефективноста и правичноста на владиниот буџет во правдата за деца за да се обезбедат информации во врска со следните фази од реформата на правдата за деца. Овој стратешки документ им помага на националните и општинските институции подобро да ги следат, планираат и извршуваат трошоците поврзани со правдата за децата и долгорочно ќе го подобри обемот и опсегот на превентивните програми, како и обезбедувањето на соодветни услуги и поддршка на децата во конфликт и во контакт со законот.

За подобрување на финансирањето за критични услуги на локално ниво, развиениот софтвер за вреднување и администрирање на данокот на имот во Општина Свети Николе беше проширен со модули за административен данок, што овозможува понатамошно зголемување на даночната основа и на наплатата на локалните даноци за повеќе од 200 %.

Новата формула за распределба на дотациите за основно образование меѓу општините, врз основа на обемните анализи на предизвиците од јавното трошење, беше одобрена од страна на Министерството за образование и наука. Со изменување на тековниот буџет преоптоварен од плати (89 %), ревидираната формула ќе го зголеми финансирањето за професионален и кариерен развој на работната сила на наставниците, ќе им овозможи на училиштата да понудат повеќе наставни часови и да обезбедат ефикасна распределба на ресурсите за овозможување на квалитетно образование. Исто така, таа ќе обезбеди фер и правична распределба на средства за училиштата со повеќејазична настава, за децата со попреченост, за учениците кои треба да патуваат на училиште и за децата од сиромашните домаќинства.

При продолжување на подготвителната работа за воспоставување на иновативниот Инструмент за зелено финансирање, ОН, исто така, нарачаа Студија за иновативни начини на финансирање на стратешки документи, за којашто беа извршени консултации со голем број засегнати страни од институциите и приватниот сектор. Студијата ќе послужи како основа за изработка на финансиски планови за поддршка на спроведувањето на претстојната Национална стратегија за развој.

За да го зајакне придонесот на приватниот сектор во одржливиот развој на земјата, ОН иницираа истражување за да истражат дали и/или како деловните субјекти во Северна Македонија во моментов работат врз усогласување на активностите со целите за одржлив развој. Еден од наодите упатува на тоа дека 51 % од испитаниците не се запознаени со целите за одржлив развој и она што го претставуваат тие, што укажува на простор за значителен ангажман со приватниот сектор, почнувајќи од подигнување на свеста за Агендата 2030 и прикажување на примери за придонеси на приватниот сектор.

Со поддршка на Заедничкиот фонд за одржлив развој, ОН нарачаа сеопфатна анализа за процена на ефектите од кризата со храна, енергија и финансии на целен и одржлив начин базиран на докази. Имајќи ги предвид сè помалите буџетски ресурси, проектот „Идентификување систематски решенија како одговор на глобалната криза со храна, енергија и финансии во Северна Македонија“ изработи анализа на антикризните мерки и препорача начини и модалитети за да се направат овие мерки и пошироки политики поефективни и поефикасни, вклучително и преку подобрување на таргетирањето кон потребите на најранливите.

Во однос на партнерството, надвор од редовниот ангажман на субјектите на ОН со партнерите, беше организиран преглед на средината на годината на имплементацијата на Заедничкиот план за работа и Годишните работилници на засегнатите страни за планирање, на кои учествуваа релевантните субјекти на ОН, владата, граѓанските организации и меѓународните партнери за заедничко разгледување и планирање на имплементацијата на РСОР на ОН. Исто така, тимот на ОН разговараше за тековните пристапи и празнини во рамките на секоја група резултати како дел од редовното следење на Стратегијата за мобилизација и партнерство на ресурсите на РСОР на ОН и го приоритизираше ангажманот со приватниот сектор како област во која ќе се истражи пофокусиран пристап на ОН во 2023 година.




*2022 Годишна конференција на ОН посветена на “Идентификација на систематски патишта за одговор кон Глобалната криза за храна, енергија и финансирање во Северна Македонија”. Фото: UN RCO*

# Кохерентност, ефективност и ефикасност на ОН

**Во 2022 година, ОН Северна Македонија – во цврсто партнерство со Владата – продолжи со спроведувањето на реформата на системот за развој на ОН за да постигне поголема кохерентност, ефективност и ефикасност на својата работа во земјата.**

**Втората година од имплементацијата на РСОР се карактеризираше со консолидирање на колективните и индивидуалните напори на субјектите за спроведување на реформските принципи во пракса – преку координирано заедничко планирање, понатамошно воведување на алатки и насоки, со континуиран фокус врз резултатите и ефикасна испорака.**

## Програмска усогласеност и кохерентност

РСОР се операционализира секоја година преку заеднички работен план (ЗРП), којшто ги содржи сите активности на ОН за поддршка на развојот на државата во рамките на дадена година и е изработен во консултативен процес со националните партнери по колективна дискусија и усогласување.

ЗРП за 2022 беше вториот таков годишен план во Северна Македонија, одобрен од страна на ЗУК за РСОР во март 2022 година, откако беа направени консултации со над 90 партнери на ОН и Владата, и ревидиран за време на консултациите во средината на годината во јуни и јули. Приоритетните активности, одредници и цели беа собрани на едно место и служеа како алатка за зајакнување на одговорноста на ОН кон сите партнери, коишто одредени донатори на локално ниво го нагласија како добредојден развој. ЗРП за 2022 година продолжи да промовира колективна акција на ОН кон заеднички меѓуагенциски резултати и цели, каде што ОН има овозможувачка и советодавна улога и експертиза за политики.

ОН продолжија со посветените напори за развој на заеднички програми на повеќе агенции на ОН, со цел да се овозможи сеопфатно знаење и експертиза од ОН во земјата за сложените, повеќестрани предизвици. Во 2022 година, ОН имаа седум заеднички програми во имплементација.

## Транспарентност и отчетност

Процесот на ЗРП за 2022 година и неговите резултати продолжија да ја промовираат транспарентноста на работата на ОН, што е клучно за реформата на системот за развој на ОН. Деталните информации – вклучувајќи ги и финансиите – продолжија да бидат достапни за сите партнери за време на фазата на планирање и имплементација, вклучително и преку јавни канали. Ова ја зацементира отчетноста како клучен двигател во постигнувањето на резултати и продолжи да ја унапредува




*Информации во реално време за ОН активностите се достапни на [www.uninfo.org/location/19/unct-overview](www.uninfo.org/location/19/unct-overview)*

соработката, партнерствата, размената на информации и да избегнува преклопувања во процесот на планирање.

Во октомври, на пример, постојаниот координатор на ОН беше домаќин на брифинг за земјите членки на ОН и за меѓународните партнери за напредокот на системот за развој на ОН во Северна Македонија, којшто вклучуваше преглед на различните производи на знаење и информации изработени од страна на ОН, како и тековните активности за програмирање и застапување. Исто така, беа презентирани клучните контекстуални промени и случувања кои служат како упатства за заедничките работни планови на ОН и како ресурс за креирање национални политики ([Ажурирање на Заедничката анализа на земјата за 2022 година](#) ).

Информациите за рамката за финансирање – клучни за отчетност и транспарентност на ОН преку обезбедување единствена референца и преглед на состојбата со финансирањето на РСОР и потребните, достапни и проектирани финансиски ресурси, вклучувајќи го износот, изворот, времетраењето и секвенцата –редовно се собираат и се внесуваат во Заедничките работни планови во 2022 година. Беа вложени значителни напори за да се обезбеди квалитет на финансиските податоци, вкрстена проверка и валидација во рамките на ОН и со сите донатори.

ОН на Северна Македонија продолжи да ја воведува UN-INFO – централната онлајн платформа за планирање, мониторинг и известување на УНКТ, којашто ги дигитализира рамките за заеднички резултати, стратегии и други алатки за оперативна координација – во 2022 година и ја промовира како клучна алатка за следење, поддршка и обезбедување едношалтерски систем за сите информации за работата на ОН во земјата, заедно со тријазичната корпоративна веб-локација во земјата ([https://northmacedonia.un.org](https://northmacedonia.un.org)).

## Заедничко владеење и координација

Управувачката структура на РСОР обезбедува стратешко и секојдневно усогласување помеѓу субјектите на ОН и сите други засегнати страни.

Заедничкиот управувачки комитет (ЗУК), највисокото тело за следење на текот на активностите на ОН и Владата, на седницата во март дадоа стратешки насоки и го одобрија ЗРП за 2022 година, којшто беше операционализиран преку редовна билатерална и мултилатерална интеракција и координација помеѓу агенциите на ОН и партнерските министерства и други институции.

Четири тематски работни групи за РСОР (ТРГ), главниот координативен механизам за обезбедување кохерентен пристап на ниво на ОН за анализа, планирање, имплементација и мониторинг на резултатите, продолжија со својата работа и остваруваа редовни средби - за внатрешни активности на ОН и за заедничко планирање на ОН со релевантните владини партнери на ниво на резултати.

Тимот на ОН во земјата и понатаму остана столбот за усогласување, поддржан од Тимот за управување со програмата (ПМТ) и од ТР-групите за програмски можности и предизвици; за комуникации и менаџмент, евалуација и учење за застапување и податоци; и повеќе внатрешни тематски групи. Рационализираната и регулирана внатрешна структура продолжи да ја подобрува кохерентноста и усогласувањето на работата на ОН во рамките на остварувањето на резултатите и мандатите и спроведувањето на реформата на системот за развој на ОН на ниво на земја, и ги поддржа процесите како што се Националната стратегија за развој, консултациите за Самитот за трансформација на образованието и други.

Зајакнатата улога на постојаниот координатор на ОН остана клучна за зајакнато лидерство и подобрено позиционирање на целокупната работа и за влијанието на работата на ОН во земјата во 2022 година. Ова е можно само поради активната поддршка за реформата на системот за развој на ОН од страна на Владата и политичката поддршка и ресурсите инвестирани на глобално ниво од страна на донаторите од 2019 година, вклучително и преку Фондот за специјални намени на ОН, од каде што се обезбедуваат финансиски средства за зајакнатата Канцеларија на Постојаниот координатор.

## Заедничко застапување

Заедничките активности за застапување и информирање на јавноста со цел поголема видливост и доближување на работата на ОН до луѓето, беа зајакнати преку подобрено претставување лични приказни на заедничката веб-локација во земјата (https://northmacedonia.un.org), преку социјалните медиуми и преку месечниот Билтен за одржлив развој, којшто редовно се испраќа на повеќе од 2 500 претплатници.

Покрај редовните кампањи – 16 дена активизам против родово базирано насилство и кампањите по повод различни меѓународни денови како што се Денот на човековите права и Светскиот ден на животната средина – комуникацијата беше значително подобрена во текот на неделата на ОН со еден голем настан во Скопје и, за првпат, со два настани надвор од Скопје, еден во Кавадарци и еден во Струга. Тие вклучуваа натпревар за цртање наменет за поттикнување на малите деца и на адолесцентите да научат повеќе за ЦОР и за предизвиците со кои се соочуваме во обезбедувањето заштита на животната средина и во минимизирање на ефектите од климатските промени. Над 200 деца од сите краеви на земјата доставија цртежи, а најуспешните беа поканети и на главната прослава на Денот на ОН во 2022 година, која се одржа во Скопје.

Стартуваше и нова долгорочна иницијатива и кампања за животната средина и климатските промени, како заедничко застапување со Делегацијата на ЕУ.

Обединетите нации во Северна Македонија постигнаа значаен напредок во зајакнувањето на своето присуство на социјалните медиуми и при теренските контакти во 2022 година, зголемувајќи ја фан-базата на Фејсбук и на Твитер за повеќе од 10 % на годишно ниво.

Една од клучните придобивки од присуството на ОН на социјалните медиуми во Северна Македонија е нејзината способност да се поврзе со младите луѓе, кои често се најактивни корисници на социјалните медиуми. Преку комуникација со помладата публика, организацијата може да ја подигне свеста за важни прашања и да инспирира нова генерација на застапници за одржлив развој, климатски промени и човекови права.

## Ефикасност

Спроведувањето на глобалната Агенда за ефикасност на ОН во Северна Македонија е фокусирана врз Стратегијата за деловно работење (BOS) 2.0, за која се проценува дека ќе заштеди 1,3 милиони долари преку елиминирање



*Од заедничката кампања 16 дена активизам против родово базирано насилствоа. Фото: UN- RCO*

на трансакциските трошоци, заштеда на време на персоналот и корист од економиите од обем во текот на петгодишниот период.

Во 2022 година, работата се сосредотчи на зајакнатиот Оперативен менаџерски тим (ОМТ), целосно застапуван од сите субјекти на ОН со оперативно присуство во земјата, напредуваше работењето на процената на пристапноста во однос на попреченоста на повеќе од 30 простории за настани и хотели што ги користат ОН низ Северна Македонија, што придонесува кон колективниот придонес на ОН во заложбите за правата на лицата со попреченост. Исто така, беше даден придонес кон поздрава и за позелена животна средина преку идентификување колективни начини за безбедно одлагање на ИТ што ги користат неколку субјекти на ОН.

Иако влијанието на КОВИД-19 врз начините на работа се намали во 2022 година, обезбедувањето континуитет во работењето, работењето без прекин, а во исто време, безбедноста и здравјето на персоналот останаа главен приоритет. Флексибилното работење од далечина остана во сила, проследено со постепено враќање на работа од канцеларија кога е тоа изводливо. На крајот на 2022 година, работната сила на ОН во Северна Македонија се состоеше од повеќе од 320 национални и меѓународни кадри – 56 % жени и 44 % мажи.

# Евалуација и научени лекции

## Евалуација на Партнерството за одржлив развој

Конечната независна евалуација на стратегијата што му претходеше на РСОР, Партнерството за одржлив развој 2016 – 2020 (ПОР), беше спроведена на крајот на 2019 година, а резултатите дадоа информации за развојот на РСОР за 2021-2025.

Во извештајот за евалуација на ПОР се наведени пет препорачани области за ОН да ги подобрат своите резултати или координацијата.

◊ Зајакнување на меѓуагенциската соработка;

◊ Управување со податоци и програмски дизајн и мониторинг;

◊ Одржливост на преземените интервенции;

◊ Одржливост на финансирањето; и

◊ Зајакнување на улогата на тимот на ОН во земјата во координација со партнерите за развој.

Тимот на ОН во земјата се обврза целосно да ги разгледа петте групи на препораки од евалуацијата. Забелешките од евалуацијата овозможија за ПК на ОН и Тимот на ОН во  Северна Македонија да добијат основен преглед, што ги водеше во оперативното работење во текот на 2022 година. До крајот на 2022 година, Тимот на ОН во земјата целосно исполни над 70 % од активностите, додека останатите остануваат применливи и продолжуваат во текот на целиот циклус на РСОР.

Надворешно спроведената евалуација на интервенциите поддржани од УНИЦЕФ со цел подобрување на инклузијата на децата со попреченост заклучи дека интервенциите во голема мера придонесоа кон зголемување на достапноста и на понудата на услуги, како и за квалификувани човечки ресурси, и значително помогнаа позитивно да се смени парадигмата и да се подобри јавното разбирање за попреченоста.

## Научени лекции

Тесната соработка помеѓу агенциите на ОН обично се остварува во оние области каде што постои јасна реформска агенда, поткрепена со јасно идентификуван проблем и силна посветеност на Владата за промени. Оттука, националната сопственост е важен фактор којшто ја обликува интеракцијата на агенциите на ОН на ниво на земјата.

Друг механизам за блиско, ефикасно и заедничко работење на ОН е поддршката добиена преку заедничките извори на финансирање. Здружените фондови и другите можности за финансирање коишто ги поддржуваат предлозите за повеќе агенции можат да послужат како алатка за свикување која овозможува најдобро користење на кростематската експертиза на ОН за решавање на сложените меѓусебни предизвици.

Системот на ОН може брзо да стане релевантен и да даде голем придонес во областите каде што претходно имал минимален ангажман. Ако постои јасна потреба во областа на експертизата, капацитетот и искуството на ОН, можно е ентитетите на ОН да се здружат, да се координираат ефикасно и да испорачуваат резултати во тесна соработка едни со други.



Еден од победничките цртежни на конкурсот на ОН на тема животна средина, во пресрет на Денот на ОН

# Финансии и мобилизација на средства

## Финансиски преглед

Во 2022 година, на располагање на ОН во Северна Македонија беа ставени 37,4 милиони долари, од кои беа потрошени 31,3 милиони долари, што резултираше со стапка на реализација од 84 %. Според резултатите на РСОР, најмногу средства беа потрошени во областа Добро владеење (потрошени 10,6 милиони долари) и Здрава животна средина (10,3 милиони долари), по што следеа областите Инклузивна благосостојба (5,3 милиони долари) и Квалитетни услуги за сите (5,1 милиони долари).

ОН успешно мобилизираа 82 % од потребните (буџетски) ресурси за втората година од РСОР, овозможувајќи непречено спроведување. Средствата за спроведување на активностите на ОН во Северна Македонија во 2022 година се добиени од 29 различни извори на финансирање.

Најголемиот дел од достапните средства беа добиени во форма на финансирање на конкретни проекти и програми (61 %), по што следеа основни финансиски средства (14 %), финансирање од Владата (11 %), финансирање од глобални вертикални фондови (7 %), од здружени фондови (4 %) и тематски фондови (3 %).

Десетте најголеми извори на неосновни финансиски средства за активностите на ОН во Северна Македонија, сметано врз основа на реализирани трошоци во 2022 година за работа на ОН во Северна Македонија беа Швајцарија, Шведска, Северна Македонија, САД, Европската Унија, Норвешка, Обединето Кралство, Глобалниот еколошки фонд, Фондот за адаптација и Словачка.

**Потребни средства, расположливи средства и расходи во 2022 година**

*Податоци заклучно со 31 март 2023 година, за 1 јануари – 31 декември 2022 година, во милиони американски долари*







**Потрошени средства во 2022 по организација на ОН**




**Потрошени средства во 2022 по извор на финансирање**

*Податоци заклучно со 31 март 2023 година, за 1 јануари – 31 декември 2022 година, во милиони американски долари*




Извор: Организациите на ОН во Северна Македонија, 2023. расположливите и потрошените средства се сумирани во овој извештај според финанскиските извештаи на организациите заклучно со 31 март 2023 година. Потрошените средства на УНХЦР се проценки според историски податоци за стапката на потрошени средства, бидејќи нивниот финансиски извештај се затвора во април.

# Мобилизација на ресурси

Кон крајот на 2021 година, ОН Северна Македонија ја изработи Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за РСОР на ОН (СМСП), којашто ги дефинира целите на тимот на ОН во заедничката мобилизација на средства и партнерства и ги дефинира целите на фокусот и пристапите за обезбедување кохерентен, усогласен и транспарентен пристап. За мобилизацијата на ресурсите беа дефинирани четири квантитативни цели и два пристапи. Известувањето за напредокот во постигнувањето на овие цели за РСОР на ОН 2021 – 2025 на крајот на втората година од имплементацијата е дадено подолу.

ОН во Северна Македонија постигнуваат добри резултати во однос на мобилизирањето финансиски средства потребни за реализација на планираните резултати како дел од РСОР на ОН за 2021 – 2025 (Цел 1 на СМСП). На крајот од 2022 година, за активности во петгодишниот период расположливи беа 124,6 милиони американски долари, или 70 % од потребните финансиски средства во износ од 178 милиони долари. На годишно ниво, 82 % од потребните ресурси за 2022 година беа мобилизирани и ставени на располагање, а 63 % од потребните ресурси за 2023 година беа мобилизирани пред почетокот на годината (пресметано врз основа на ажурираната годишна потребна цел за ресурси во ЗРП за 2022 и за 2023 година). Во пет-годишниот период на РСОР останува да се мобилизира целокупниот јаз во финансирањето од 53,6 милиони, или 30 % од вкупното потребно финансирање. Во однос на квалитетот на финансирањето/мешаното финансирање, поголемиот дел од финансиските средства добиени досега се во форма на неосновни средства (108,4 милиони долари, 87 %). Помеѓу неосновните извори на финансирање, најголем дел од придонесот се добива преку финансирање на проекти и програми (54 %), по што следи финансирање од владини средства (14 %), од здружени фондови (10 %), од глобални вертикални фондови (6 %), од тематски фондови (3 %) и од симболични фондови на приватниот сектор (помалку од 1 %). ОН веќе успеаја да го зголемат владиното кофинансирање и средствата од здружените и вертикалните фондови, а зависноста од наменските финансиски средства за проекти и програми беше намалена, што резултираше со подобрена комбинација на финансирање.

Десетте главни неосновни извори на финансирање за периодот 2021 – 2025 заклучно со 2022 година се Швајцарија, Северна Македонија, Шведска, Европската Унија, Заедничкиот фонд за одржлив развој, Обединетото Кралство, Глобалниот еколошки фонд, САД, Норвешка и Фондот за адаптација. ОН во Северна Македонија продолжи со посветената работа на зголемување на заедничкото (мулти-агенциско) планирање и е во согласност со годишната цел дефинирана во рамки на цел 3 од СМСП. Пет нови заеднички програмски идеи/заеднички иницијативи беа изготвени во 2022 година (два концепти поврзани со човековата безбедност, концепт за безбедност на патиштата, прехранбено-социјална енергетска криза и заедничка иницијатива за физибилити студии на Охрид) и четири успешно беа финансирани/снабдени со ресурси (зелени финансии, главна фаза, регионална младинска програма, системски патишта за кризата со храна – социјална енергија, физибилити студија за Охрид, иновации за повторна употреба на отпадот). Значителни нови средства беа мобилизирани во 2022 година за заеднички програми/иницијативи во вредност од 9,35 милиони долари.

**Потребни и расположливи средства за РСОР 2021 – 2025 година**

*Податоци заклучно со 31 март 2023 година, за 1 јануари 2021 – 31 декември 2025 година, во милиони американски долари*




**2021 – 2025 мобилизирани средства по модалитет на финансирање и извор на финансирање**

*Податоци заклучно со 31 март 2023 година, за 1 јануари 2021 – 31 декември 2025 година, во милиони американски долари*




*Извор: ООН во Северна Македонија, 2023; расположливите и потрошените средства се сумирани според финасиските извештаи на Организациите на ОН заклучно со 31 март 2023

# ОН во Северна Македонија 2023

Во 2023 година, ОН во Северна Македонија ќе продолжи тесно да соработува со Владата и со македонското општество кон забрзан одржлив развој. Целното и насоченото стручно советување и поддршката, засновани на принципот никој да не биде исклучен, ќе останат клучен фактор на ангажманот.

Во тој контекст, ОН ќе работат со партнерите за да создадат меѓународно конкурентни и отпорни мали и средни претпријатија, вклучително и во креативниот и културниот сектор. ОН ќе продолжат да работат со партнерите за подобрување на вработливоста на ранливите групи, како што се младите, тешко вработливи лица и лица со попреченост со вистински вештини, услуги за поддршка и доживотно учење; и ќе им помогнат на владините институции да го подобрат квалитетот на работните места, нагласувајќи ги аспектите на здравјето и безбедноста. Родово одговорното деловно опкружување и политиките за агро/рурален развој, како и поддршката на модерната, регулаторна рамка усогласена со стандардите и социјалните услуги ќе останат во јадрото на работата на политиките на ОН додека ја поставуваат основата за дигитален развој. За да се поддржи конкурентна активност на руралната економија, ОН ќе продолжат да работат врз критичните аспекти на консолидацијата на земјоделското земјиште и врз зајакнувањето на управувањето со здравјето на животните, исто така справувајќи се со безбедноста на храната во контекст на тековната мултидимензионална криза. Во однос на неповолните демографски аспекти, ОН, исто така, ќе ги поддржат владините институции за олеснување на продуктивниот ангажман на дијаспората во развојот на земјата.

ОН ќе продолжат да ги поддржуваат тековните реформи во здравството, во образованието и во социјалната заштита кои се однесуваат на системските предизвици. Новата единица за развој на политики и аналитика што ќе биде формирана во Министерството за здравство со техничка и советодавна поддршка на ОН ќе има за цел да ги зајакне капацитетите во справувањето со клучните предизвици на здравствениот систем. Ќе се зајакне поддршката на реформите во образованието за оптимизација на основните училишта и за подобрување на системот на буџетски распределби во основното и средното образование. Поддршката за политиките и развојот на услугите за подобрување на заштитата на најранливите категории ќе продолжи со фокус врз превенција од сите форми на насилство, како и врз заштита на лицата со попреченост, мигрантите и барателите на азил.

Предвидени се голем број нови иницијативи и активности во областа на животната средина и на климатските промени, покрај постојаните програми: две програми за справување со загадувањето на воздухот низ целата земја, со значајни инвестиции во зелено греење, зелен транспорт и енергетска ефикасност на јавните згради; продолжување на зелените кредити за малите и средни претпријатија и домаќинствата преку Зелениот финансиски инструмент; значајни инвестиции во подобрена инфраструктура за наводнување во Радовиш за земјоделство поотпорно на климата; нова програма за имплементација на зајакнатиот НУП, како и подготвителни активности за Националниот план за адаптација; сеопфатна поддршка за регионот на Преспанското Езеро, физибилити студија за Охридскиот крајбрежен урбанистички план; и изработка на Национална стратегија за заштита на почвата. Ќе продолжи работата врз еколошката едукација, зачувување на природните ресурси и биодиверзитетот, намалување на ризикот од катастрофи и управувањето со опасен и е-отпад.

ОН остануваат посветени на поддршката на финализирањето на Националната развојна стратегија (НРС) преку отворени и инклузивни дебати, како со експертите така и со граѓаните; и помагаат во градењето силни, отпорни и транспарентни институции со јасна визија, способни да донесат трансформативна промена на долг рок, но исто така и во животите на луѓето, особено на оние на луѓето без државјанство. Неколкуте месеци што му претходат на четвртиот Универзален периодичен преглед на земјата ќе бидат искористени како можност за засилен ангажман и поддршка на земјата во исполнувањето на нејзините обврски за човекови права. Конкретно, ОН се посветени на поддршката на Владата за решавање на статусот на лицата без државјанство до 2024 година и ќе продолжат да работат во тесна соработка со националните власти за изнаоѓање системски решенија за лицата без документи и без државјанство да имаат правен идентитет и да уживаат целосен опсег на човековите права.




Еден од победничките цртежни на конкурсот на ОН на тема животна средина, во пресрет на Денот на ОН

# Annexes

## [1] Партнери

**Влада и државни агенции**

Академија за судии и јавни обвинители
Управен суд
Агенција за катастар на недвижности
Агенција за млади и спорт
Комисија за антидискриминација
Биро за регионален развој
Биро за образование
Центар за социјална работа
Центри за развој на планските региони
Град Скопје
Центар за управување со кризи
Царинска управа
Дирекција за заштита и спасување
Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања
Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за европски и евроатлантски интеграции
Кабинет на заменик-претседателот на Владата задолжен за политички систем и добро владеење
Управа за е-здравство
Агенција за вработување
Агенција за храна и ветеринарство
Фонд за иновации и технолошки развој
Фонд за здравствено осигурување
Виш управен суд
Завод за социјални дејности
Меѓуресорска работна група за усвојување на миграциската политика
Судство
Единици на локалната самоуправа
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министерство за култура
Министерство за одбрана
Министерство за економија
Министерство за образование и наука
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министерство за финансии
Министерство за надворешни работи
Министерство за здравство
Министерство за информатичко општество и администрација
Министерство за внатрешни работи
Министерство за правда
Министерство за труд и социјална политика
Министерство за локална самоуправа
Министер без ресор одговорен за дијаспората
Општински центри за социјална работа (ОЦСР)
Општини
Народна банка
Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Меѓуагенциска работна група за реинтеграција
Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам
Национално координативно тело за имплементација на РСОР
Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
Институт за јавно здравје
Собрание
Кабинет на Претседателот
Кабинет на премиерот
Јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
Управа за јавни приходи
Регионални бироа за вработување
Секретаријат за европски прашања
Државен завод за ревизија
Државен инспекторат за труд
Државен завод за статистика
Врховен суд
Канцеларија на националниот координатор за СНЕ и БТ
Институти за стручно образование

**Граѓански организации**

Национален младински делегат во Генералното собрание на ОН
Акција Здруженска
Здружение на финансиски службеници (ЗФО)
Здружение на социјални работници
Здружение на специјални едукатори
Здружение на единици на локалната самоуправа
Здружение ЗМАИ
Балканска фондација за одржлив развој
Центар за истражување и креирање политики
Стопански комори
Канцеларија на организацијата Поврзување на природните вредности и луѓето
Совет за превенција на малолетничко престапништво
Организации на работодавачи
Здруженија на земјоделци
Проект Опции за здрав живот – Скопје
Хелсиншки комитет за човекови права
Меѓународен сојуз за заштита на природата – Источна Европа и Централна Азија
ИЗБОР СТРУМИЦА
Македонско еколошко друштво
ЕССА Синергија Скопје
Македонско лекарско друштво
Македонското здружение на гинеколози и опстетричари
Македонски Црвен крст
Македонско здружение на млади правници
Национална федерација на фармери
Национален ромски центар
НВО „СЕГА ПРИЛЕП“
Народен правобранител
Отвори ги прозорците
Организации на лица со попреченост
Организации на производители
Професионални здруженија
Синдикат на здравствените работници
Синдикати
Младински образовен форум

**Академска заедница**

Асоцијација за истражување, комуникации и развој
Факултет за земјоделство и храна
Факултет за компјутерски науки и инженерство
Правен факултет „Јустинијан Први“
Факултет за ветеринарна медицина – Скопје
Асоцијација за здравствена едукација и истражување (ХЕРА)
Македонска академија на науките и уметностите
Медицински факултет Скопје
Универзитет на Југоисточна Европа
Државен институт за земјоделство
Универзитетска клиника за психијатрија
Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
Универзитет во Саутемптон

**Повеќепартнерски совети**

Економски и социјален совет на Северна Македонија
Локални економски и социјални совети на Северна Македонија
Национална комисија за УНЕСКО
Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување
Национален совет за родова рамноправност
Национален трипартитен социјален и економски совет
Државен совет за спречување на детско престапништво
Национална комисија на УНЕСКО

**Меѓународни партнери**

Австриска амбасада (АДА)
Британска амбасада
Централна европска банка
Конзуларно претставништво на Словачка
Делегација на Европската Унија во Северна Македонија (ЕУД)
Иницијатива за подготвеност и спречување на катастрофи за Југоисточна Европа (ИПСК ЈИЕ)
Амбасада на Франција
Амбасада на Шведска (СИДА)
Амбасада на Швајцарија (СДЦ, СЕЦО)
Амбасада на Турција
Амбасада на Руската Федерација
Европска банка за обнова и развој (ЕБОР)
Европска инвестициска банка
Европска фондација за обука (ЕТФ)
Генерален конзулат на Белгија
Женевски центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ)
Германска амбасада
Германско федерално министерство за труд и социјала
Германско федерално министерство за здравство
Глобално партнерство за вода на Медитеранот
Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit GmbH (GIZ)
Меѓународен центар за миграција
ИНТЕРПОЛ
Меѓународен центар за развој на миграциски политики (ИЦМПД)
Меѓународен сојуз за заштита на природата, Регионална канцеларија за Источна Европа и Централна Азија (МСЗП - ЕКАРО)
Меѓународна фондација „Лајонс клуб“
Регионална иницијатива за миграција, азил, бегалци (МАРРИ)
Холандска амбасада
Мрежа на здруженија на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС)
Мисија на ОБСЕ во Скопје
Амбасада на Кралството Норвешка
Регионална канцеларија за младинска соработка (РИКО)
Паневропска програма за транспорт, здравје и животна средина (THE PEP)
Амбасада на САД (УСАИД)
Експертска група на УНЕЦЕ за енергетска ефикасност

**Приватен сектор и други**

Адвокатска комора
Бизнис-конфедерација на Македонија (БКМ)
Комора на медијатори
Дијаспора
Лекарска комора
Медиуми
Установи за примарна здравствена заштита
Комитетот за безбедно мајчинство
Национална комисија за превенција и рано откривање на рак на грлото на матката
Разни компании

## [2] Заеднички програми во 2022 година

**Миграциски политики базирани на докази, планирање и дискурс во Северна Македонија**
*финансирана од Migration MPTF , имплементирана од МОМ, УНХЦР и УНФПА, ; 1,5 милиони американски долари, 30 месеци (октомври 2020 – октомври 2023);*

**Безбедни и иновативни здравствени услуги во време на КОВИД 19**
*финансирана од Фонд за одговор и закрепнување од КОВИД-19 , имплементирана од УНФПА, СЗО и УНИЦЕФ, 850,000 американски долари, 14,5 месеци ( јануари 2021 – март 2022);*

**Од знаење и ангажман до зајакнување и учество (KEEP**
*финансирана од UN PRPD и имплементирана од УНДП, УНИЦЕФ, и УНФПА, 400,000 американски долари, 36 месеци (февруари 2021 – февруари 2024);*

**Инструмент за зелено финансирање за борба против климатските промени и загадувањето на воздухот**
*финансиран од Заедничкиот фонд за одржлив развој, имплементиран од УНДП, МОМ и УНЕЦЕ, 7,97 милиони долари/ вкупно финансирање од 46 милиони американски долари (април 2022 – март 2026);*

**Регионален младински проект**
*финансиран од Фондот за градење мир на ОН, имплементиран од УНДП, УНФПА, UN Women и УНИЦЕФ, 4,5 милиони американски долари, од кои 0,65 милиони американски долари за активности во Северна Македонија (мај 2022 – мај 2024);*

**Bio-hack My World**
*финансиран од Green Shark Challenge, имплементиран од УНДП и УНИЦЕФ, 0,25 милиони американски долари (мај 2022 – мај 2023);*

**Идентификување на системски патишта за одговор на глобалната криза за храна, енергија и финансии во Северна Македонија**
*финансиран од Заедничкиот фонд за одржлив развој, имплементиран од УНДП, УНИЦЕФ и ФАО, 0,25 милиони американски долари (јули 2022 – февруари 2023).*

# (3) Трендови на индикатори за резултати од РСОР

## Инклузивна благосостојба

| Индикатор | Категорија | Реф. вредност | Реф. год. | Национална цел (2025) | Постигнато (2021) | Постигнато | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на вработеност (20–64) | Вкупно (20–64 год.) | 59.2 | 2019 | 63.1 | 59.44 | 61.8 | ↗ |
| | Жени | 48.4 | 2019 | 49.2 | 49.7 | 51.7 | ↗ |
| | Мажи | 69.8 | 2019 | 74.3 | 68.9 | 71.8 | ↗ |
| | Вк. млади (15–29) | 34.4 | 2019 | 34.9 | 32.63 | 34.4 | ↗ |
| | Жени | 28 | 2019 | 28.2 | 27.79 | 28.5 | ↗ |
| | Мажи | 40.4 | 2019 | 41.8 | 37.2 | 40.2 | ↗ |
| Процент на неформално вработување во целокупната економија | Вкупно | 16.1 | 2019 | 14 | 12.93 | 12.3 | ↗ |
| | Жени | 13 | 2019 | not set | 10.1 | 9.2 | ↗ |
| | Мажи | 18.1 | 2019 | not set | 14.89 | 14.5 | ↗ |
| | Вк. млади (15–24) | 24.01 | 2019 | not set | 16.53 | 17.8 | ↘ |
| Процент на млади луѓе кои не се вклучени ниту во вработување, ниту во образование и обука | 15–29 години | 24.5 | 2019 | 22 | 24.26 | 22.8 | ↗ |
| | Жени | 28.3 | 2019 | 28.2 | 25.48 | 24.5 | ↗ |
| | Мажи | 20.9 | 2019 | 20 | 23.1 | 21.1 | ↘ |
| | 15-24 години | 18.1 | 2019 | 15.8 | 17.82 | 18 | ↘ |
| | Жени | 19.2 | 2019 | 19.1 | 16.83 | 18.4 | ↘ |
| | Мажи | 17.1 | 2019 | 16.9 | 18.75 | 17.6 | ↘ |
| | 25-29 години | 34.9 | 2019 | 33.3 | 34.7 | 31.6 | ↗ |
| | Жени | 43.1 | 2019 | 43 | 39.45 | 35.8 | ↗ |
| | Мажи | 27.1 | 2019 | 25.6 | 30.19 | 27.6 | ↗ |
| Годишна стапка на раст на БДП по вработено лице | | -1.3 | 2019 | 2.7 | 1.54 | 2.4 | ↗ |
| Индекс на глобална конкурентност 4,0 | Место | 82/141 | 2019 | 67 | 82 | Не се објавени | ↔ |
| | Бодови | 57.3 | 2019 | Нема | 57.3 | Не се објавени | ↔ |
| Стапка на работна сиромаштија | Вкупно | 8.8 | 2019 | 7 | 10 | 12.5 | ↘ |
| | Жени | 6 | 2019 | Нема | Не се објавени | 8.9 | ↘ |
| | Мажи | 10.6 | 2019 | Нема | Не се објавени | 15.1 | ↘ |

## Квалитетни услуги за сите

| Индикатор | Категорија | Реф. вредност | Реф. год. | Национална цел (2025) | Постигнато (2021) | Постигнато | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Процент на деца на возраст од 36–59 месеци кои посетуваат програми за образование во рано детство (стапка на посетеност) | Вкупно | 39.8 | 2019 | 60 | 36 (2020) | 41 | ↗ |
| | Девојчиња | 47.76 | 2019 | 60 | недостапно | 47 | ↘ |
| | Момчиња | 52.24 | 2019 | 60 | недостапно | 53 | ↗ |
| Процент на деца и млади лица на крај на предметна настава, кои постигнуваат минимално ниво на умешност | Читање | 45 | 2018 | 55 | Следна анкета во 2022 | Одложена анкета | ↔ |
| | Математичка писменост | 39 | 2018 | 49 | Следна анкета во 2022 | Одложена анкета | ↔ |
| Самопријавена незадоволена потреба за медицински преглед и нега, % од населението на возраст од 16 години и повеќе | Вкупно | 2.3 | 2018 | 2 | 2.5 (2019) | 1.7 (2020) | ↗ |
| | Жени | 2.6 | 2018 | 2.2 | 2.4 | 1.8 | ↗ |
| | Мажи | 2 | 2018 | 1.8 | 2.6 | 1.7 | ↗ |
| Процент од целната популација опфатена со сите вакцини вклучени во нивната национална програма | Опфат со сите вакцини | 95 | 2018 | >95 | <90 | <90 | ↗ |
| | 3 дози ДТП3 | 92.5 | 2018 | 95 | 80.9 | 83.9 | ↗ |
| | Втора доза на MCV2 | 74.8 | 2018 | 95 | 80.4 | 89.2 | ↗ |
| Веројатност за смрт од кардиоваскуларни заболувања (КВЗ), канцер, дијабетес, хронични респираторни заболувања меѓу 30 и 70-годишна возраст | | 20.3 | 2016 | 18.5 | 22.73 (2019) | Нема податоци | ↔ |
| Стапка на застапеност на модерна контрацепција | | 14 | 2018 | Следна анкета во 2023 | 20 | Нема податоци | ↔ |
| Стапка на неонатална смртност | | 3.8 | 2019 | 3.5 | 4.2 | 2.9(2021) | ↗ |
| Процент на домаќинства опфатени со кеш-трансфери за социјална заштита | | 8 | 2019 | 14.5 | 30.9 | 44.4 | ↗ |

| Индикатор | Категорија | Реф. вредност | Реф. год. | Национална цел (2025) | Постигнато (2021) | Постигнато | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Индекс на човечки развој* | Поени на индексот | 0.759 | 2019 | 0.78 | 0.774 | 0.770 | ↘ |
| | Место | 82/189 | 2019 | Нема | 82 | 78 | ↘ |
| *Процент на населението кое живее под националната граница на сиромаштија* | Вкупно | 21.9 | 2018 | 15.5 | 21.6 | 21.8 (2020) | ↘ |
| | Жени | 22 | 2018 | 16.8 | 22 | 21.0 | ↗ |
| | Мажи | 21.8 | 2018 | 14.2 | 21.1 | 21.9 | ↘ |
| | 0-17 години | 29.3 | 2018 | Нема | 27.8 | 30.3 | ↘ |
| | Млади (15-24) | 29.7 | 2018 | Нема | 27.4 | 28.6 | ↘ |
| | Возрасни (16+) | 20.6 | 2018 | Нема | 20.4 | 20.1 | ↗ |
| | 25+ | 19.2 | 2018 | Нема | 19.3 | 21.1 | ↘ |

## Здрава животна средина

| Индикатор | Категорија | Реф. вредност | Реф. год. | Национална цел (2025) | Постигнато (2021) | Постигнато | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Емисии на стакленички гасови (Gg $CO_2$-eq)* | | 8,021 | 2016 | 6196 | 12,290* (2019) | Податоци за две години | ↘ |
| *Процент на вкупно определени заштитени подрачја во земјата* | | 10.34 | 2019 | 15 | 13.47 | 13.9 | ↔ |
| *Годишно средно ниво на фини честички PM10(μg/m3)* | | 51.32 | 2019 | <40 | 41.90 | 35.91 | ↗ |
| *INFORM Индекс на ризик (2020) (на скалило од 1 до 10, каде што 1 е многу ниско и 10 е многу високо)* | Бодови | 2.6 | 2020 | 2 | 2.5 | 2.4 | ↗ |
| | ниво на ризик | низок | 2020 | многу ниско | ниско | ниско | ↔ |
| *Воспоставен систем за интегрирано управување со штетници* | | Нема воспоставен систем | 2020 | Воспост. систем и целосно функционален | не | не | ↔ |
| Просечна употреба на пестициди по област на засадени култури (kg/ха) | | 0.22 | 2017 | Просек ЕУ 3.14 | 0.3 | 0.3 | ↔ |
| *Степен на имплементација на интегрирано управување со водните ресурси (0–100)* | Бодови | 33 | 2020 | 60 | 40 | 40 | ↔ |
| | ниво | средно ниско | 2020 | средно високо | средно ниско | средно ниско | ↔ |
| *Процент на обновлива енергија во вкупен бруто-износ* | потрошувачка на енергија | 18.18 | 2018 | 29 | 19.22 (2020) | 17.29 | ↘ |
| | енергетска потрошувачка | 24.84 | 2018 | 46 | 23.53 (2020) | 21.53 | ↘ |

## Добро владеење

| Индикатор | Категорија | Реф. вредност | Реф. год. | Национална цел (2025) | Постигнато (2021) | Постигнато | Тренд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Индекс на владеење на правото (севкупно, на скала од 0 до 1)* | | 0.53 | 2020 | не е поставен | 0.53 | 0.53 | ↔ |
| *Индекс на родова еднаквост* | | 62 | 2019 | 65 | Следна анкета во 2022 | 64.5 | ↗ |
| *Ниво (степен) на воспоставеност на трајни национални координативни механизми за детски права* | | Слабо | 2020 | воспоставена | Слабо | Слабо | ↔ |
| *Во земјата е воспоставен систем за следење и јавна распределба за родова еднаквост и јакнење на жените* | | не | 2020 | да | не | не | ↔ |
| *Индикатори за управување ширум светот* | Просек | 49.72 | 2018 | >60 | 52.92 | 52.36 | ↘ |
| | Глас и отчетност | | | | 50.24 | 52.17 | ↗ |
| | Политичка стабилност и отсуство на насилство/ тероризам | | | | 50.47 | 50 | ↘ |
| | Ефективност на владата | | | | 57.69 | 50 | ↘ |
| | Регулаторен квалитет | | | | 68.75 | 66.35 | ↘ |
| | Владеење на правото | | | | 52.4 | 52.4 | ↔ |
| | Контрола на корупцијата | | | | 37.98 | 43.27 | ↗ |
| *Индекс за отворен буџет* | Транспарентност | 41 | 2019 | >=45 | 41 | 36 | ↘ |
| *Процент на официјални статистички податоци усогласени со достигнувањата на правото на ЕУ* | | 67 | 2019 | 95 | 67 (2019) | 67 | ↔ |
| *Ниво на општо задоволство од јавните услуги на локално ниво (на скала од 1 до 5)* | Вкупно | 3.07 | 2020 | 3.5 | 2.97 | 3.2 | ↗ |
| | Жени | 3.12 | 2020 | 3.6 | 2.97 | 3.21 | ↗ |
| | Мажи | 3.02 | 2020 | 3.4 | 2.97 | 3.19 | ↗ |
| | Урбани | 3.09 | 2020 | 3.5 | 2.83 | 3.16 | ↗ |
| | Рурални | 3.05 | 2020 | 3.5 | 3.08 | 3.26 | ↗ |
| *Степен на усогласеност на системите за заштита на бегалци и миграции со меѓународни и со ЕУ-стандарди* | | делумно усогласени | 2020 | целосно усогласени | во голема мера се усогласени | во голема мера се усогласени | ↗ |
| *Процент на населението кое верува дека донесувањето одлуки е инклузивно и одговорно* | | 19.8 | 2020 | 25 | 19.3 | 24 | ↗ |

# [4] Акроними и кратенки

| | |
|---|---|
| 4. НК | 4. национална комуникација со УНФЦЦЦ |
| HCFC | Хидрохлорофлуорокарбонати (супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка, се користат во ладилници) |
| НСН | Хексахлороциклохексан (линдан) |
| ГР | Група за резултати од РСОР |
| ГРЕВИО | Група експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ЕПН | Ефикасна перинатална нега |
| ЕРП | Преглед на ефикасноста на мерките за заштита на животната средина |
| ЕСА | Агенција за поддршка на вработувањето |
| ЕСС | Економски и социјален совет |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗБ | Закон за буџети |
| ЗЗП | Заедничка земјоделска политика |
| ЗКФ | Зелен климатски фонд |
| зНУП | Зајакнат национален (утврден) придонес |
| ЗП | Заштитени подрачја |
| ЗУК | Заеднички управувачки комитет на Владата и РСОР на ОН |
| ИРД | Интервенција во раното детство |
| ИФМИС | Информациски систем за финансиско управување |
| ИЧР | Индекс на човечки развој |
| КПЗ | Климатски паметно земјоделство |
| ЛП | Лице со попреченост |
| МАП | Пакување во модифицирана атмосфера |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МРВ | Мониторинг, известување и верификација |
| МКФ | Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МСРС | Меѓународни стандарди за работна сила |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НВЖ | Насилство врз жени |
| НЕЕТ | Млади што не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука |
| НРС | Национална развојна стратегија |
| НСВ | Национална стратегија за вработување |
| ОЛП | Организации на лица со попреченост |
| ОН | Обединети нации |
| ПК | Постојан координатор |
| ПМТ | Тимот за управување со програмата на ОН |
| ПСД | Партнерство за одржлив развој |
| СМСП | Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства |
| РОБ | Родово одговорно буџетирање |
| РСОР | Рамка за соработка за одржлив развој |
| КПК | Канцеларија на постојаниот координатор на ОН |
| СГ | Стакленички гас |
| СДР | Стратегија за деловно работење |
| СЕУ | Социјално и емоционално учење |
| СЗРС | Стратегија за здравствена работна сила |
| СН | Семејно насилство |
| СОО | Стручно оспособување и обука |
| ССО | Сеопфатно сексуално образование |
| УИЈЕ | Универзитет на Југоисточна Европа |
| УНКТ | Тим на ОН во земјата |
| УНФЦЦЦ | Рамковна конвенција на Обединетите нации за климатски промени |
| ХОРЕКА | Хотели, ресторани и кафулиња |
| ХОТАМ | Здружение на работодавачи во хотелиерството и угостителството |
| ЦЕДАВ | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| ЦОР | Цели за одржлив развој |
| ЦСР | Центри за социјална работа |

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

northmacedonia.un.org

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

# Дополнување:

# детални резултати во 2022

РЕЗУЛТАТ 1

# Инклузивна благосостојба

*До 2025 година, сите луѓе во  Северна Македонија ќе имаат подобрен животен стандард преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување, овозможено во инклузивно и иновативно деловно опкружување.*



Интервенциите на УНДП во 2022 овозможија создавање на 1,204 работни места со целосно или со скратено работно време преку разни мерки, вклучително и новите зелени мерки, од кои 68.5% се жени, 30.5% се млади до 29 години, 34.7% се Роми и 42 работни места се создадени за лица со попречености (3.5%). *Извор: УНДП*

Проектите спроведени од **агенции на ОН** во текот на 2022 година директно придонесуваат за зголемени можности за повеќе инклузивни работни места и за продуктивна економска средина. Изготвени се на начин што ги поддржува претпријатијата во создавање квалитетни работни места; за поддршка на стекнувањето вештини за зголемување на вработливоста на ранливите групи; за подобрување на политиките и правната рамка преку препораки за политики и техничка експертиза за подобрување на јавните услуги; за адресирање на неформалните работни места и за подобрување на квалитетот на вработувањето, како и за подобрување на земјоделскиот и руралниот развој.

### ОДРЖЛИВИ ПРЕТПРИЈАТИЈА КАКО ГЕНЕРАТОРИ НА ВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ ЗАЈАКНАТИ ВРЕДНОСНИ СИНЦИРИ И ПОДОБРЕНИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВИ БИЗНИС МОДЕЛИ.

Во 2022 година, **УНДП** поддржа вкупно **671 претпријатија,** правејќи ги работните места достапни за различни ранливи групи. Од нив, 502 мали и средни претпријатија беа поддржани во врска со услуги за бизнис-менторство и советување преку воспоставената платформа biz4all.mk. Во рамките на мерката самовработување, Ромите и лицата со попреченост добија поддршка за основање 28 нови претпријатија (5 Роми и 23 лица со попреченост) така што ги зголемија нивните претприемачки вештини преку обука и менторска поддршка. Како резултат на тоа, успеаја да започнат сопствен бизнис и да создадат дополнителни 9 работни места. Понатаму, УНДП инвестираше во развој на политики и конкретни мерки за поддршка на креирањето зелени работни места. Со специјално изготвени програми за вработување, 9 приватни компании добија поддршка за правење зелени инвестиции коишто создадоа 34 зелени работни места. Покрај тоа, 104 приватни компании и 28 нови даватели на услуги (грижа) добија поддршка преку флексибилни програми за стручно оспособување и обука приспособени на нивните потреби, а над 420 невработени лица беа обучени, на тој начин создавајќи работни места за над 70 % од нив.

**28 нови даватели на услуги**

**добија поддршка преку флексибилни програми за оспособување и обука**

**Интервенциите на УНДП** овозможија создавање на **1.204 работни места со полно и со скратено работно време** (622 работни места со полно и 582 со скратено работно време) во 2022 година преку различни мерки, вклучувајќи ја и

новововедената зелена мерка. Од нив 68,5 % беа работни места за жени, 30,5 % за млади до 29 години, 34,7 % за Роми и 42 работни места (3,5 %) за лица со попреченост. Мерката за економија на грижа како нов модул којшто продолжува да го зголемува интересот од креаторите на политики им овозможи на **117 лица да станат лиценцирани даватели на услуги за нега**, овозможувајќи им на повеќето жени да добијат признавање и формално вработување како даватели на услуги за нега. Во склоп на мерката посредуваа 28 невладини организации во најразлични форми, од создавање нови субјекти до создавање нови линии на услуги во рамките на постојните. Дополнителни 582 работни места со скратено работно време беа отворени преку програмата за креирање општествено корисни работни места со цел да се овозможат разновидни социјални услуги во 52 општини. Гледано низ призмата на ранливите групи, менторството на Ромите и програмата АЦЦЕДЕР обезбедија создавање работни места со полно работно време за 359 Роми, од кои 157 (43,7 %) жени и 174 (48,5 %) млади.

## ЖЕНИТЕ И РАНЛИВИТЕ/ИСКЛУЧЕНИ ЛИЦА ИМААТ ПРИДОБИВКИ ОД ПОДДРЖУВАЧКАТА СРЕДИНА ПРЕКУ ПРИСПОСОБЕНИ МЕРКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ПОДИНАМИЧЕН И ПОИНКЛУЗИВЕН СИСТЕМ НА ВЕШТИНИ КОЈШТО ОДГОВАРА НА ПОТРЕБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ.

**Интервенциите на УНДП** за подобрување на вработливоста и за олеснување на вработувањето на најранливите поединци дадоа значајни резултати во 2022 година. Тука спаѓаат **5.351 лица** кои имале корист од услугите за поддршка на активирање и вработување, од кои 2.888 жени (54 %), 3.717 млади (69,5 %) од кои 2.400 НЕЕТ, 2.379 Роми (44,5 %) и 152 лица со попреченост. Од 2.379 Роми кои се активирале на пазарот на трудот, 2.019 невработени Роми имале корист од мерките за активација преку холистички и индивидуален пристап од случај до случај поединечно на менторите и советниците за вработување (вклучувајќи ја и програмата АЦЦЕДЕР), 167 беа Роми повратници од земјите на ЕУ, а 193 беа млади НЕЕТ кои ги користеа услугите за активација (на терен) од програмата Гаранција за млади.

Преку стручно оспособување и обука за други видови вештини, во текот на 2022 година, вкупно 1.083 лица (70 % жени, 31,3 % млади) ја зголемија својата вработливост

**5,351 лица поддржани**

**за активирање и вработување**

и ги подобрија своите можности за наоѓање работа. Исто така, 231 лица тешки за вработување ја зголемија својата вработливост преку стекнување знаења и работно искуство во давање социјални услуги во заедницата на 9.022 корисници во 52 општини (5.122 жени, 679 лица со попреченост).

Дополнителни 318 невработени лица, ангажирани во секторот за грижа и економија завршија обуки за стручно оспособување, а 117 од нив се вработија со полно работно време во 28 новоформирани даватели на услуги за нега (НВО). Активностите за завршување на основното образование продолжија со 15 малолетници со цел да им се овозможи побрза интеграција.

Обуките за Идни вештини (Future Skills) им помогнаа на 147 лица (82 жени) да се доосposобат и да ја поддржат дигиталната трансформација и зелената транзиција во три клучни економски сектори: градежништво, обновлива енергија и текстил.

**МОТ/ЕУ** го поддржа Планот за имплементација на Гаранцијата за млади на Северна Македонија за периодот 2022 – 2026 година, врз основа на научените лекции од 2018 година и принципите утврдени во Препораката на Советот за Мост кон работни места – Зајакнување на гаранцијата за млади (октомври 2020 година). Во споредба со претходните планови за имплементација, во периодот од 2022 до 2026 година поголем акцент се става на: (i) вклучување на млади луѓе од подалечни места токму во местата каде што живеат, (ii) подобрување на квалитетот на понудите што им се даваат на младите луѓе кои се регистрирани во системот на **Гаранција за млади**; (iii) воспоставување пошироки и подобри партнерства со други владини и невладини чинители и (iv) зајакнување на системот за давање услуги. Севкупно, во 2022 година, **20.185 (10.316 жени) лица се регистрирале во Гаранција за млади, од кои 7.419 (3.595 жени) се вработиле** во рок од 4 месеци од регистрацијата. Стапката на успешност на учесниците во Гаранцијата за млади (процент на учесници кои успешно ја завршиле Гаранцијата за млади) во 2022 година беше 43 %.

**20,185 регистрирани**

**во Гаранцијата за млади**

**УНДП**, исто така, го поддржа спроведувањето на Гаранција за млади преку две младински невладини организации (над 60 млади теренски работници) што беа ангажирани за давање поддршка на Центрите за вработување на ЕСА при идентификување и регистрирање на млади НЕЕТ. Со оваа поддршка, над 5.000 млади невработени лица и над 1.140 приватни компании беа известени за шемата за Гаранција за млади во ЕСА. Како резултат на тоа, 2.400 НЕЕТ беа регистрирани во базата на податоци на ЕСА (1.553 жени; 6 лица со попреченост; и 193 Роми).

## ЗАЈАКНАТА И РОДОВО ОДГОВОРНА ПОЛИТИКА И РЕГУЛАТОРНИ МЕРКИ КОИШТО ГО ПОТТИКНУВААТ ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИНКЛУЗИВЕН И ЗЕЛЕН РАСТ.

**МОТ** посредуваше во трипартитниот процес за изработка на новиот **Закон за работни односи (ЗРО)**, чија изработка беше финализирана во втората половина од 2022 година, резултирајќи со консолидиран предлог-закон. Нацрт-договорот влезе во втората фаза на процесот во декември 2022 година, а првата од серијата планирани јавни расправи се одржа на 26 декември. Дополнителни 8 јавни расправи, кои имаат за цел да го подобрат нацрт-текстот и да го усогласат со Меѓународните стандарди на трудот, се планирани за првиот квартал од 2023 година.

**МОТ** спроведе анализа на усогласувањето на законодавството со Конвенцијата за спречување и елиминација на насилството и вознемирувањето во светот на работата, бр. 190, која беше потврдена на трипартитниот состанок во април 2022 година. Понатаму, Конвенцијата на МОТ Конвенцијата на МОТ за спречување и елиминација на насилството и вознемирувањето во светот на работата бр. 190 влезе во собраниска процедура за ратификација на 5 декември 2022 година.

Во 2022 година, **ФАО** ѝ помогна на Владата да ја започне изработката на првата Национална стратегија за безбедност на храната, со посебен акцент врз соодветните среднорочни и долгорочни одговори од политиката за одржливо земјоделство, безбедност на храната, исхрана и рурален развој. Во тесна соработка со Мрежата за рурален развој на Северна Македонија, преку консултативен и партиципативен процес, ФАО и МЗШВ спроведоа неопходно собирање национални податоци за безбедноста на храната и исхраната, како и детална анализа на релевантните национални политики што ќе послужат како основа за

дефинирање на идната **Стратегија за безбедност на храната и исхраната**. Покрај тоа, во 2022 година беше спроведено институционално истражување за изработка на предлог за воспоставување посветен и постојан меѓуинституционален национален координативен механизам како главно државно тело во кое се вклучени сите засегнати министерства и национални агенции одговорни за стратешки надзор на националната стратегија за безбедност на храната и исхраната, законодавството, политиките и програмите. Спроведувањето на оваа нова политика треба да придонесе кон подобрување на самостојноста на земјата преку зголемување на одржливото земјоделско производство и продуктивност, преку зголемување на дистрибуцијата и зајакнување на подготвеноста на земјата ефикасно да реагира на идната криза што може да има влијание на безбедноста на храната.

За зајакнување на руралната економија, **ФАО** ја поддржа Владата во измените на Законот за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, со што приватизацијата на земјоделското земјиште во државна сопственост стана целосно оперативна. Тоа вклучуваше и анализа на постојните алатки за решавање на проблемот со напуштено земјиште и неговата имплементација, вклучувајќи ги и добрите европски практики за употреба на механизмите за посредување за закуп на земјоделско земјиште. Спроведувањето на овој нов закон, којшто треба да биде усвоен од страна на Владата, треба да резултира со понатамошен развој на пазарот на земјоделско земјиште, враќање на напуштеното земјоделско земјиште во производство и рационално користење. Рационалното користење на земјоделското земјиште, како ограничен природен ресурс, е од суштинско значење за самоодржлив домашен земјоделски сектор којшто поттикнува создавање работни места во руралните средини и безбедност на храната за македонскиот народ.

Покрај тоа, ФАО исто така му помогна на МЗШВ да ја развие, тестира и стави во функција **Алатката за следење и анализа на цените на земјоделско-прехранбените производи (ФПМА)** – веб-базирана алатка на ФАО за анализа и дисеминација на глобалните податоци за цените, специјално приспособена за Северна Македонија (алатката ФПМА на глобално ниво првично беше развиена во 2010 година како дел од иницијативите на ФАО за решавање на проблемот со растечките цени на храната на глобално ниво). Верзијата на ценовната алатка на ниво на земја е поврзана со постоечките национални системи за собирање податоци. Таа им овозможува на Владата, на носителите на одлуки и на земјоделските производители лесно да ги следат и да ги анализираат навремените и веродостојни информации за домашните големопродажни и малопродажни цени на основните прехранбени производи, како и да ги следат цените на храната на меѓународно ниво, што може негативно да влијае врз националната безбедност на храната во контекст на кризи.

Со цел да ѝ даде поддршка на ЕСА во следењето и спроведувањето на најновите трендови во активирањето на ранливите групи на пазарот на труд со инструменти за непречено спроведување на моделот на давање социјални услуги врз основа на социјални договори, или на таканаречениот „social contracting" модел (понатаму во текстот – социјални договори), **УНДП** помогна во изготвувањето на новиот Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Во 2022 година, УНДП исто така продолжи со своите претходни активности за вметнување на концептот за доживотно учење и потребните квалификации на пазарот во релевантното законодавство. Во тој контекст, Министерството за образование и наука (МОН) беше поддржано да подготви **Развоен концепт за трансформирање на средните/стручните училишта во регионални инклузивни центри за извонредност (РИЦЕ)**. Концептот, сега усвоен од МОН, се базира врз универзалниот дизајн на учење и има за цел да ги изгради капацитетите на просветните работници во постигнувањето резултати кај различни типови ученици, а во исто време отвора можности за активности за доживотно учење на професионалците (наставниците) и учениците. Исто така, преку серија воведни работилници и обуки, стручни лица од МОН и Државниот просветен инспекторат го зголемија своето разбирање и знаење за инклузивното образование. Покрај тоа, 130 стручни лица од три регионални центри за стручно образование и обука (РВЕТЦ) во земјата ја зголемија својата свест за потребата од создавање инклузивна околина за различните типови ученици.

Со конкретни интервенции на ниво на политики во економијата на грижа, **УНДП** овозможи **невладини организации да станат даватели на социјални услуги на домашна и привремена нега** според утврдените протоколи. Тоа е во согласност со мерката за Ромите повратници, каде што невладините организации се ангажирани да ги идентификуваат и да одговараат на потенцијалните корисници. Интервенциите се поддржани од Студијата за ГМИ што има за цел да ги идентификува придобивките и причините коишто го попречуваат активирањето на пазарот на трудот. УНДП, исто така, продолжи да ги поддржува социјалните реформи преку **изработка на правилници за насоки и поддршка на Регионалните совети за социјална заштита за подготовка на Регионални планови**, кои ги интегрираат социјалните услуги, буџетирањето и вработувањето на ранливите групи. Во исто време, беше усвоен Протокол за постапување со деца кои се во ризик да дојдат во судир со законот и се организира пренесување на знаења за да можат локалните невладини организации да станат потенцијални даватели на услуги.

УНДП, исто така, работеше врз зајакнување на зелената економија преку поддршка на воведувањето мерки за зелена транзиција за компаниите во Владиното ОВП 2022 во вредност од 333.000 американски долари.

ОН, понатаму, го поддржаа процесот на дигитализација, преку заедничко креирање на **Профил за дигитални иновации** како основа за ИКТ-стратегијата 2023 – 2027, преземена од **МУТ**. Покрај тоа, **УНДП** изработи конкретни производи, како што се дигитална алатка **ХАНА** којашто обезбедува пристап до пишани податоци на албански јазик за слепи лица, како и мобилна апликација за усогласување на вештините на младите луѓе за понатамошно олеснување на растот на нивната кариера.

Со поддршка од **МУТ**, Министерството за информатичко општество и администрација ја заврши **Националната процена на дигитални вештини** за Северна Македонија. Процената имаше за цел да ја разбере моменталната понуда и побарувачка на дигитални вештини во Северна Македонија, да придонесе кон изработка на стратегија за дигитални вештини што ќе ги задоволи потребите на граѓаните и да придонесе кон понатамошен раст на дигиталната економија и дигиталното општество. Резултатите од оценувањето се дадени во форма на збир од директни и спроведливи препораки. Нивниот опсег вклучува процена на основните дигитални вештини во приватниот сектор, во стартап компаниите и во образовниот сектор, како и процена на тековната побарувачка за сите нивоа на дигитални вештини во економијата. Препораките обезбедија стратешки насоки за **Националната стратегија за ИКТ 2023 – 2027** што беше изработена во 2022 година со поддршка на ОН.

За крај, препознавајќи го проблемот со миграцијата, **МОМ** им помагаше на владините институции да ја вклучат дијаспората во социоекономскиот развој на земјата. Повеќе од 20 институционални чинители со надлежности во прашањата поврзани со дијаспората, од Кабинетот на министерот без ресор задолжен за прашања поврзани со дијаспората, Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за иселеништво, Министерството за здравство, Народната банка, Министерството за локална самоуправа, Агенцијата за странски инвестиции, Обединетата македонска дијаспора до членовите на Меѓуресорската работна група за миграциска политика, беа оспособени за изработка и спроведување на проекти за ангажман на дијаспората

за поддршка на социоекономскиот развој на Северна Македонија, во согласност со приоритетите утврдени во Националната стратегија на Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019 – 2023 и во Резолуцијата за миграциската политика на Северна Македонија 2021 – 2025.

### ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ НА ВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ МЕРКИ ЗА ПРЕМИН КОН ФОРМАЛНО ВРАБОТУВАЊЕ И СООДВЕТНА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА ВО СОГЛАСНОСТ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА РАБОТНА СИЛА.

МОТ го зајакна надзорот на пазарот на трудот преку **обука на 106 државни инспектори за труд** за Законот за работни односи во серија од четири работилници; преку изработка на **платформа за учење со е-модул за учење за инспектори за труд**, како и **нова веб-локација на Државниот инспекторат за труд** со дигитални апликации за работодавачи и работници и **нова ИТ и опрема за мерење**.

Исто така, МОТ спроведе пилот-мерка во соработка со Здружението на хотелиери - Здружение на хотели, ресторани, кафетерии и кампови – ХОТАМ. Пилот-мерката **Да ја направиме пријавената работа привлечна за работодавачите и вработените (MDWA)** обезбеди докази дека поедноставувањето на процедурите за вработување и помалиот придонес кон социјалното осигурување за работниците кои се ангажирани привремено и повремено влијае врз намалувањето на неформалното вработување и работа. Веб-локацијата на ХОТАМ беше влезна платформа за учество на заинтересирани работодавачи и работници во пилот-мерката спроведена во Охрид и Струга. Оценувањето на мерката и научените лекции во моментов се во тек.

МОТ исто така финализираше **компаративни анализи (на празнините) од Конвенцијата бр. 167 за безбедност и здравје** во градежништвото, Конвенцијата бр. 176 за безбедност и здравје во рудниците, Конвенцијата бр. 184 за безбедност и здравје во земјоделството и националното законодавство, lex generalis и lex specialis за здравјето и безбедноста на градежните работници и сите дополнителни правни акти во соодветната област. Сите три анализи на празнините за конвенциите за БЗР на МОТ беа валидирани и **ден за БЗР 2022 беше организиран** во соработка со Националниот совет за БЗР.

### ЗАЈАКНАТИ ПОЛИТИКИ И КАПАЦИТЕТИ ЗА ОДРЖЛИВА И КОНКУРЕНТНА РУРАЛНА ЕКОНОМИЈА, УСОГЛАСЕНА СО ЕУ, СО ФОКУС НА МАЛИТЕ ФАРМИ И ЖЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ.

Во текот на 2022 година, ФАО со поддршка на ЕУ успешно продолжи со давање поддршка во спроведување на **Националната програма за консолидација на земјиштето** преку истовремено спроведување десет проекти за консолидација на земјиштето на терен. Овој процес вклучуваше подготовка и усвојување на планови за прераспределба и подобрување на земјоделската инфраструктура што опфаќа 3102 хектари земјоделско земјиште и е во сопственост на 2954 сопственици на земјоделско земјиште (од кои 633 жени). Како резултат на тоа, бројот на земјишни парцели се намали за речиси 2,5 пати, од 8 237 на 3 344 парцели, додека просечната големина на земјишни парцели се зголеми тројно (од 0,42 ha на 1,34 ха) во областите каде што е финализирана консолидацијата на земјиштето. Подобрените земјишни структури треба да го подобрат потенцијалот на земјоделците да го зголемат земјоделското производство и да се префрлат кон земјоделство што е конкурентно, модерно и поотпорно на климата.

**3,102 хектари**

**во процес на консолидација на земјиште**

ФАО ѝ обезбеди поддршка на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) во спроведувањето на подготвителните чекори за надградба на **Националниот систем за идентификација и регистрација на животните (НАИТС)** во согласност со стандардите на ЕУ во областа на здравјето на животните и безбедноста на храната. Ова вклучуваше сеопфатна процена на системите на АХВ, што доведе до креирање техничка спецификација за приспособен НАИТС систем што се базираше врз системот изработен од страна на ФАО во Грузија. Спецификацијата вклучуваше патоказ за имплементација и предлог-проект за фазата на имплементација на системот.

UN Women му даде поддршка на Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ) во проширувањето на истражувањата и обезбедувањето техничката поддршка за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во интегрирањето на родот во националните политики за земјоделство и рурален развој. Министерството, во соработка со ФЗНХ и Работната група за родова еднаквост, ги ревидираше критериумите и двојно ја зголеми распределбата на буџетот за мерката специфична за родот (Мерка 115) за поддршка на жените-земјоделски производители, со што мерката повеќе одговараше на нивните потреби. На овој начин се овозможи поголема родова одговорност на Националната програма за земјоделство и рурален развој и се зголеми финансиската поддршка од 3.000 евра на 6.000 евра. Како резултат на тоа, 70 жени земјоделки добија зголемени финансиски субвенции, кои имаат за цел директно да влијаат врз нивната егзистенција и да ја намалат ранливоста на малите земјоделски производители.

РЕЗУЛТАТ 2
# Квалитетни услуги за сите

*До 2025 година, луѓето во Северна Македонија добиваат универзален пристап до квалитетни социјални услуги засновани врз права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – втемелени во систем отпорен на кризни состојби*



Пандемијата ковид-19 го оптовари здравствениот систем на многу непредвидливи начини и предизвика прекин на многу основни здравствени услуги, вклучително и тие за менталното здравје. СЗО ги поддржува напорите на Министерството за здравство за да се подобрат услугите за ментално здравје во рамки на заедниците. *Извор СЗО*

## ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ Е ЗАЈАКНАТ ЗА ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ УНИВЕРЗАЛЕН ПРИСТАП ДО ДОСТАПНИ И ВИСОКОКВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ СО ФОКУС НА ЛУЃЕТО ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ЗДРАВ НАЧИН НА ЖИВОТ И ОДГОВОР НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ ПОТРЕБИ И РИЗИК-ФАКТОРИ НА НАСЕЛЕНИЕТО, ВКЛУЧИТЕЛНО И ВО ВОНРЕДНИ СОСТОЈБИ

Во 2022 година, Министерството за здравство заедно со ОН и поддршката на останатите партнери продолжија со спроведување на реформата на здравствениот систем, чие работење се фокусира врз човековите права и начелата на правичност. Фокусот на работата беше ставен врз подобрување на примарната здравствена заштита и здравјето на мајките и децата, менталното здравје, како и на сексуалното и реподуктивното здравје, преку отпочнување активности за развој на човечки ресурси за спроведување на здравствената стратегија, справување со факторите на ризик кај незаразните заболувања, доближувањето на услугите до луѓето и подготвувањето на здравствениот систем за имунизации од поголем размер. Четири субјекти на ОН беа активни во оваа област во текот на 2022 година – СЗО, УНИЦЕФ, УНФПА и УНХЦР.

За да се забрза спроведувањето на **националната реформа во примарната здравствена заштита**, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување, **со поддршка од СЗО**, спроведоа **процена на националниот правен контекст**. Процената ги идентификуваше промените што се потребни во законодавната и регулаторната рамка за да се овозможи спроведување на реформата во областите на континуитет на грижата, координација помеѓу давателите на услуги и мерење на успешноста. Во исто време, уште неколку активности што имаат за цел да придонесат кон забрзување на реформата, беа завршени во текот на 2022 година со поддршка на СЗО. Првата од нив, **систематската анализа на административните процеси**, којашто беше побарана од страна на здравствените власти за докторите од примарната здравствена заштита, ги идентификуваше специфичните **отпуштања и можностите за зголемување на ефикасноста на администрацијата на ПЗЗ**. Министерството за здравство и Дирекцијата за е-здравство го изработија дизајнот на системот за **електронско закажување термини** за примарната здравствена заштита. Откако ќе започне со имплементацијата во 2023 година, системот ќе им овозможи на болните пациенти да избегнат долги чекања во нивниот здравствен центар, без да наметнат дополнителен административен товар на персоналот од ППЗ, но и да се подобрат искуствата и задоволството на пациентите и професионалците. Потоа, беа изработени **клинички протоколи и патеки за приоритетните незаразни болести (хипертензија, дијабетес, астма, хипотироидизам)**. Овие протоколи обезбедуваат воведување минимален стандард за квалитет на негата што се испорачува во сите практики на ПЗЗ и поставуваат основа за следење на квалитетот и воведување интервенции врз основа на докази во секојдневната пракса. Со поддршка на СЗО, Националниот институт за јавно здравје го изработи Акцискиот план (2023 –

2027) за **намалување на внесувањето сол во исхраната**, како важна и економична мерка за подобрување на здравствените резултати на населението. Акцискиот план ќе преставува насока за остварувањето на глобално договорените цели за намалување на внесувањето сол за 30 % до 2025 година во државата, како дел од глобалната акција за намалување на товарот на незаразните болести (НЗБ) во согласност со ЦОР 3.4 за намалување на предвремената смртност од незаразни болести за една третина.

**Првата сеопфатна процена на структурата за планирање и процеси на здравствената работна сила**, со поддршка на СЗО, ги постави темелите за изготвување на првата стратегија за здравствена работна сила (ЗРС). **Онлајн платформата за обука** www.obuki.zdravstvo.gov.mk беше редизајнирана и збогатена со нови функционалности со цел да овозможи подобри можности за учење за здравствените работници и лесен пристап до новоформираните и приспособени е-обуки, како и за лесно следење на бројот и профилите на здравствените работници што учествуваат во обуките. Платформата е достапна на три јазици: македонски, албански и англиски јазик.

Министерството за здравство, во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија и Центарот за семејна медицина, со поддршка на СЗО, ја **пилотираше Програмата за акција за ментално здравје (Mh-GAP)** во регионите Гевгелија и Кочани. Како дел од програмата, околу 100 лекари од примарната здравствена заштита беа оспособени за подобрување на услугите за граѓаните од овие региони од гледна точка на справувањето со проблемите поврзани со менталното здравје, вклучувајќи соодветна терапија и упатување. Покрај тоа, беше извршена процена на **центрите за ментално здравје базирани во заедницата (ЦМЗБЗ)** низ целата земја, во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија. Процената укажа на предизвиците и потребите со кои се соочуваат ЦМЗБЗ и послужи како основа за изготвување на Акциски план за грижа за ментално здравје во заедницата. Во исто време, **УНИЦЕФ** беше клучен во **генерирање** на првите **суштински податоци за менталното здравје** преку студијата за менталното здравје на адолесцентите и нивните семејства и студијата за менталното здравје на жените во перинаталниот период. Двете студии ги докажаа првичните претпоставки за загрижувачките трендови и обезбедија цврсти докази што им дадоа информации на националните системи за обемот на прашањата и итната потреба од дополнителни инвестиции во менталното здравје.

Иако менталното здравје беше најкритична последица од пандемијата на КОВИД-19, не беше единствена последица. Благодарение на движечката сила, поддршката на УНИЦЕФ и техничката помош не само што го олесни одговорот на потребите за вонредни состојби, туку и ја поддржаа реформата на националниот здравствен систем. Ова беше постигнато преку обезбедување критични докази за менталното здравје, исхраната на децата, ефикасноста на системот за домашни посети, ИРД услуги; изработка на дигитални решенија и моделирање на телемедицински услуги, развој на капацитети и техничка помош при изготвувањето на национални упатства и протоколи за мерките за КОВИД-19. Доказите што беа обезбедени преку **Функционалната анализа на патронажните услуги (на домашни посети)**, поддржана од **УНИЦЕФ**, му обезбедија информации на националниот систем за најкритичните недостатоци на овие услуги, како што се недостигот од персонал и недостигот од поддршка. Обезбедените докази претставуваат клучен информатор при ревидирањето на политиките и насоките за овие критични работни сили за бремени жени и мајки со новороденчиња. **Анализата на ситуацијата на интервенции во рано детство (ИРД)** не само што обезбеди најсовремени податоци за системот, туку овозможи да се открие нов јаз во еднаквоста во пристапот до услугите за рана интервенција, докажувајќи ја јасната нееднаквост во пристапот до услугите за ИРД. Системот за примарна здравствена заштита беше зајакнат преку **развој на капацитетите на 190 здравствени работници за телемедицина**, вклучувајќи далечинско следење на пациентите за да се овозможат услуги за деца и семејства каде што физичкото присуство не е можно. Беше изготвен **дигитален софтвер** за воспоставување на професионална комуникациска мрежа којашто овозможува консултации со здравствени работници на примарно, секундарно и терцијарно ниво, со што им се олеснува финансискиот товар на пациентите да не патуваат и да се избегнат турканици во чекалните во болниците. Пилотот е спроведен во пракса од страна на 5 семејни доктор и 5 специјалисти и во моментов е во тек. Протоколите за третман и грижа за КОВИД-19 на ниво на примарна здравствена заштита (за деца, бремени жени и општа популација) се финализирани, објавени и се користат од здравствените работници во земјата.

Врз основа на резултатите во 2021 година, **УНФПА** обучи уште 175 здравствени работници од 6 клучни објекти/ болници на ефикасна перинатална нега, додека СЗО обезбеди слична обука на уште 6 објекти, со што придонесе за п**одобрување на квалитетот на здравствените услуги за мајки и новороденчиња**, за зајакнување на знаењата и вештините за ЕПЦ и за подобрување на здравјето на мајките и новороденчињата. Мобилните гинеколошки клиники, формирани со поддршка на УНФПА во 2021 година, чиј фокус е врз **превенција од рак на грлото на матката**, беа делумно интегрирани во националниот здравствен буџет во рамките на програмата за превенција и рано откривање на рак на грлото на матката, со зголемување на буџетската распределба од година во година. Во исто време **беа спроведени две обемни кампањи за превенција на ракот на грлото на матката** со опсег од околу 400.000 лица на социјалните медиуми, и околу 1,8 милиони лица преку националните телевизиски медиуми. Во текот на 2022 година, **2.000 жени и девојки добија услуги за СРЗ** преку мобилните клиники. Во соработка со локалната граѓанска организација ХОПС, овие услуги им беа овозможени и на **жените и девојките во затворите, сексуалните работници и корисниците на дрога**. Овие клиники се целосно интегрирани во националниот здравствен систем, овозможувајќи соодветно управување со податоците и заштита на приватноста, како и услуги за едноставно упатување и понатамошно следење.

Иницијативата за воведување **училишта за унапредување на здравјето** добро се спроведува во 2022 година. Со поддршка од СЗО, контакт-лицата задолжени за здравјето во училиштата од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука, Бирото за образование, Институтот за јавно здравје, наставниците и другиот училиштен персонал и партнерите за спроведување, беа информирани за програмата и се работеше на постигнување национален консензус за воведување на програмата во четири училишта за рано усвојување. Беа зајакнати капацитетите на наставниците и другиот училиштен персонал од училиштата што први ќе ја спроведат иницијативата и беше извршена анализа на ситуацијата за да се идентификуваат клучните предизвици за здравјето и благосостојбата кај децата на училишна возраст. Планот за имплементација за воведување на програмата исто така беше развиен, а програмата може да се воведе во текот на следната учебна година.

Со поддршка од **СЗО**, Министерството за здравство, Медицинскиот факултет и Специјализираната болница за геријатриска и палијативна нега „13 Ноември“ изготвија акциски план за трансформација на специјализираната болница за геријатриска и палијативна нега во наставен центар за новодизајнирана геријатриска супспецијализација и изработија патоказ за развој на работната сила. Овие два плана придонесуваат кон напорите на МЗ **да ја подготви здравствената работна сила подобро да одговори на сè поголемиот број на постари лица** и променливите потреби за здравствена и социјална заштита.

Процената на **бариерите за пристап до здравствени услуги во руралните и оддалечените области и малите урбани населби** подготвена со поддршка од **СЗО** придонесе кон идентификување на бариерите за понудата и побарувачката за здравствени услуги во малите урбани населби и руралните и оддалечените области. Министерството за здравство се служи со резултатите за да направи балансирано територијално планирање за намалување на здравствените

нееднаквости и за справување со социјалните детерминанти на здравјето.

Со поддршка од **СЗО и УНИЦЕФ** беше постигнат **добар напредок во унапредувањето на вештините и знаењата на здравствените работници и организациите во надзорот, покриеноста и управувањето со вакцините, вклучително и за вакцините против КОВИД-19**. 200.000 дози на вакцини против КОВИД-19 беа испорачани со помош на УНИЦЕФ преку механизмот **КОВАКС**. Се заврши **стратегијата за надоместување на имунизација** со цел да се обезбеди пристап до вакцини за сите деца кои не примиле вакцини. Врз основа на резултатите од бихевиоралната студија за колебливоста во однос на вакцината ММР1, УНИЦЕФ изработи пет прототипови што беа отпечатени и дистрибуирани до 34 здравствени центри, пунктови за вакцинација и матични лекари низ целата земја. Преку обуки, техничка поддршка и ангажирање на заедницата, стапките на вакцинација **значително се подобрија** со цел достигнување на стапките пред КОВИД. **Забележан е и напредок во навременото известување и управување со податоците поврзани со вакцините.** Овој исход одигра витална улога во борбата против КОВИД-19 и во голема мера придонесе кон заштита на заедниците од болести кои можат да се спречат со вакцини.

## 200,000 вакцини обезбедени

**со поддршка од УНИЦЕФ преку КОВАКС механизмот**

**Националните упатства и Стандардните оперативни процедури за КОВИД-19 и редовната имунизација** се ажурирани во соработка со Центарот за семејна медицина со цел да овозможат безбедна и ефикасна испорака на вакцини. Околу 300 здравствени работници (лекари и медицински сестри во ПЗЗ, вклучувајќи педијатри и доброволни мобилни тимови) беа обучени за администрирање на вакцини, а над 90 менаџери за имунизација за беа обучени за стандардните оперативни процедури. Програмата за имунизација **Достигнување до секоја област (ЦРВЕНА) програма за имунизација беше пилотирана** во 12 општини низ целата земја, со цел да се намалат празнините во покриеноста со имунизација и да се опфатат најризичните групи, како за активностите на КОВИД-19, така и за рутинските програми за имунизација. 50 менаџери за имунизација од цела Северна Македонија беа обучени како да направат регионално микропланирање за имунизација. **Над 500 здравствени работници од вакциналните пунктови низ земјата поминаа обука за Безбедност и здравје на работното место**, за да се овозможи промовирање на најдобрите практики, права, улоги и одговорности на здравствените работници, вклучувајќи ги и клучните согледувања за безбедност и здравје при работа за време на реакцијата на КОВИД-19. Дополнителни обуки за подобрување на безбедноста на работното место што вклучуваа информации за придобивките од вакцинацијата против КОВИД-19 за работниот процес, беа организирани за над 30 големи работодавачи.

**Системот за следење на несакани настани** преку Националниот систем за електронска здравствена евиденција – Мој Термин беше ажуриран со цел зајакнување на интеграцијата помеѓу Мој Термин и системот на Македонската агенција за лекови (МАЛМЕД). Повеќе од 650 семејни доктори како и специјалисти-педијатри од превентивните тимови од здравствените центри беа обучени за новите можности за дигитално пријавување на несакани настани по имунизација со цел минимизирање на административниот товар на здравствените работници.

Последно, но не и најмалку важно, **спроведени се два круга на квалитативна и квантитативна бихевиорална анализа (БИ)** за да се оценат перцепциите, однесувањата, довербата и познавањата поврзани со пандемијата на КОВИД-19 кај општата јавност и здравствените работници во земјата што обезбедува информации за политиките и комуникациските активности.

## ОБЕЗБЕДЕНО Е КВАЛИТЕТНО И ДОСТАПНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДИНИ СО ИНФОРМИРАНОСТ ЗА ДОЖИВЕАНИ ТРАУМИ, РОДОВА ОДГОВОРНОСТ И ИНКЛУЗИВНО УЧЕЊЕ ЗА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ВО ЗЕМЈАТА ЗА ДА СЕ ЗГОЛЕМАТ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД УЧЕЊЕТО, ДА СЕ ОВОЗМОЖИ НИВНИОТ СОЦИОЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ТИЕ ДА СЕ ЗАЈАКНАТ СО ВЕШТИНИ ЗА ПРЕМИН НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Во 2022 година, УНИЦЕФ, УНФПА, УНХЦР и УНДП работеа со Министерството за образование и наука и сите други релевантни партнери за решавање на системските јазови во областа на образованието, коишто беа дополнително влошени од пандемијата. Субјектите на ОН обезбедија континуирана поддршка за развој на капацитетите на професионалците од предучилишните и основните училишта за инклузивното образование, за менталното здравје и психосоцијалната поддршка, за настава и учење збогатени со технологија, за животната средина и климатските промени.

Како одговор на овие предизвици, **УНИЦЕФ** ги насочи своите заложби кон **проширување на пристапот до предучилишно образование** заедно со поширок процес за **оптимизација на целата училишна мрежа и подобро користење на достапните ресурси**. УНИЦЕФ исто така директно ги вклучи општините во планирање на оптимизација на ресурсите и во искористување на неискористените простори во училиштата со зголемување на покриеноста на предучилишното образование.

**Националната програма за социјално и емоционално учење** беше спроведена преку мрежа за колегијална поддршка од страна на 192 наставници и опфати 71 предучилишни установи и 1366 предучилишни наставници (сите работат во предучилишна настава). Со цел да се зајакне системот на хоризонтална поддршка и развој во предучилишните установи, беше изработена двомесечна програма за обука за **одржливи заедници за професионално учење (ПЛЦ)**. Со помош на програма од седум модули, 202 наставници од предучилишни установи добија концептуална рамка и практично искуство и поддршка за воспоставување на ПЛЦ во предучилишните установи, за промовирање култура на континуирано учење за целиот персонал.

Беше организирана меѓународна конференција на тема **Интеракцијата помеѓу благосостојбата на детето и академските достигнувања** во март 2022 година, на која учествуваа еминентни национални и меѓународни експерти, наставници и професионалци (од Велика Британија, САД, Канада, Хрватска и Молдавија) и разговара за социјалното и емоционалното учење, родителството, дигиталните технологии во образованието и благосостојбата на децата. Конференцијата ја подигна свеста за важноста на социјалниот и емоционалниот развој и зголемувањето на пристапот до предучилишна настава за сите деца, важноста на психосоцијалната поддршка и благосостојба за време на образовниот процес, а подоцна и во зрелоста, различните аспекти на зголемената употреба на дигиталната технологија во образованието, нејзините ефекти врз процесот и забележаните можности. На конференцијата имаше повеќе од 4.600 учесници онлајн, а 200 беа со физичко присуство.

## 10,000 родители опфатени

**со кампања за родителски ресурси**

**Серија од 15 настани „Споделување и играње“** беше организирана во предучилишните установи, спојувајќи ги професионалците од предучилишните установи и родителите од различни заедници. Настаните имаа за цел да ја доближат програмата за социјално и емоционално учење и ресурси до родителите и старателите и да промовираат зголемен родителски ангажман, одговорна грижа и социјално и емоционално учење (СЕУ) во домот. На хибридните настани учествуваа повеќе од 10.000 родители, подигнувајќи ја свеста за важноста на СЕУ, со што настана јавна побарувачка

за социјални и емоционални можности за учење.

Со цел поддршка за **раната инклузија на децата со попреченост**, критична маса од 400 професионалци низ целата земја, вклучително и од предучилишни установи и ресурсни центри, им беше овозможено градење капацитети за примена на аугментативна и алтернативна комуникација за да им помогнат на децата со комплексни комуникациски потреби да комуницираат со своите врсници и негуватели, со што се олеснува нивната рана инклузија, учење и развој.

За поддршка на **целосна инклузија на сите деца во стандардното образование до 2023 година**, во партнерство со БРО, **УНИЦЕФ** го поддржа изготвувањето на нов Прирачник за изменета наставна програма за деца со комплексни потреби. Покрај тоа, **1236 членови на училишните инклузивни тимови од сите 364 основни училишта** го подобрија своето знаење и разбирање за заедничката работа на создавање средина за негување и мотивирање на децата со попреченост каде тие учат и ги развиваат вештините што им се потребни за напредок.

**Едуино** продолжи да нуди вебинари за професионален развој на наставниците. Во текот на 2022 година, серијата вебинари се фокусираше врз **иновативни наставни методи, употреба на дигитални алатки, инклузија, животната средина и благосостојбата на учениците** како значаен фактор за подобрување на резултатите за учениците. Серијата вебинари за професионален развојброеше повеќе од 10.000 учесници (вкупната работна сила на наставниците во Северна Македонија е 26.000). **Шест самостојни онлајн курсеви за развој на наставници за инклузивна дигитална настава и учење поткрепени со технологија** беа изработени, адаптирани на македонски јазик и одобрени од страна на Бирото за развој на образованието. Модулите ќе бидат достапни за наставниците како самостојни онлајн курсеви во 2023 година.

Препознавајќи го неискористениот потенцијал на образовниот систем за унапредување на менталното здравје и психосоцијалната благосостојба, беа изготвени приспособени модули за обука и алатки за МЗПСП за училишни психолози, пилотирани и тестирани како онлајн модули, нудејќи им на училишните психолози самостојно учење заедно со испробан прибор за алатки. Покрај тоа, новата група на наставници од 1. и 4. одделение (3.000) добија поддршка за спроведување на **новите национални наставни програми** преку обука за важноста на доброто ментално здравје и благосостојба за зголемување на учењето на учениците, креативноста и продуктивноста, физичкото здравје и очекуваниот животен век.

**УНФПА** продолжи со поддршката за воведување сеопфатно сексуално образование во училишните програми и иницијативите поврзани со младите. Врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка со Бирото за развој на образованието (БРО), во 2022 година УНФПА продолжи да го поддржува БРО во процесот на стратешко позиционирање, планирање и имплементација на сеопфатно сексуално образование. **УНФПА** и **УНИЦЕФ** придонесоа кон изготвувањето на Националната стратегија за ССО. Овој документ е предуслов за зголемување на ССО на национално ниво, по пилотирањето на ССО во 2021/2022 година во 3 основни училишта. Стратегијата беше изготвена на начин што нуди иновативни пристапи и решенија за ССО во образовниот систем и се фокусира на два главни приоритети: подобрување на знаењата, вештините и ставовите на учениците во областа на сеопфатното сексуално образование и зголемување на свеста за потребата од проучување на содржината на сеопфатното сексуално образование во основното образование.

Во 2022 година, како одговор на пандемијата на Ковид-19, **УНИЦЕФ** продолжи да обезбедува поддршка за училишта коишто се соочуваат со предизвици поврзани со **небезбедна вода, несоодветна санитација и лоша хигиена (WASH)** и превенција и контрола на инфекции. УНИЦЕФ ја продолжи соработката со трипартитниот комитет за WASH којшто се состои од претставници од МОН, Институтот за јавно здравје и Државниот просветен инспекторат. Како резултат на тоа, 58 претежно рурални подрачни училишта добија мобилни станици за миење раце – ефективно опфаќајќи 8260 ученици. Дополнително, претставниците на техничкиот персонал од овие училишта добија специјализирана обука за WASH и овозможија унапредување на плановите за подобрување на хигиената на училиштата.

Во пресрет на **Самитот за трансформација на образованието** организиран од Генералниот секретар на ОН, беше организирана серија од 10 национални консултации за иднината на образованието од страна на УНИЦЕФ под целосна координација на постојаниот координатор на ОН и активно учество на неколку други субјекти на ОН. Над 600 млади, студенти, наставници, општински службеници, парламентарци и граѓански организации беа вклучени во консултациите. Врз основа на придонесот од консултациите, беше подготвена и презентирана национална изјава за посветеност на Самитот во Њујорк од страна на премиерот.

## СИСТЕМОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА Е ОТПОРЕН НА НАДВОРЕШНИ ШОКОВИ И ЗАЈАКНАТ ЗА ДА ОБЕЗБЕДИ ПРОГРЕСИВНО ПОДОБРЕНИ УСЛУГИ ЗА СИТЕ ЛИЦА НА КОИ ИМ Е ПОТРЕБНА ПОМОШ, ОСОБЕНО ЗА ОНИЕ КОИ СЕ ИЗОСТАВЕНИ

Во текот на 2022 година, четири субјекти на ОН (УНИЦЕФ, УНХЦР, МОМ И УНДП) соработуваа со релевантните институции (ресорни министерства, владини агенции и институции од граѓанскиот сектор) за да ги решат потребите на децата, ранливите и запоставените лица на кои им се потребни услуги и помош. Резултатите на УНДП за ова и претходниот дел за образованието се презентирани во резултат 1 за инклузивна благосостојба.

Со цел да обезбеди **грижлива семејна средина за децата**, **УНИЦЕФ** примени двоен пристап за поддршка на развојот на политиките и услугите. На ниво на политики, за првпат во земјата беше изработена **нова меѓусекторска Стратегија за родителство**, којашто обезбедува насоки за позитивно родителство. Стратегијата има систематски пристап во обезбедувањето на услуги за поддршка на родителството, ресурси и иницијативи. Таа е наменета не само за подобрување на вештините за позитивно родителство, туку и за зајакнување на поттикнувачка средина и капацитети на работната сила за поддршка на родителите, за промовирање заеднички техники за нега и ненасилна дисциплина, истовремено ставајќи крај на суровите и навредливи родителски практики и нудејќи поддршка на менталното здравје и благосостојба на родителите и старателите.

На ниво на услуги, децата уживаа во благодатите од **модел-услугите за подобрување на родителските вештини** преку: онлајн **Програмата за нежно родителство**, преку насоките и информациите обезбедени од апликацијата за родителство **Бебо** за развојот на детето; и **Линијата за помош за родители** – сите овозможуваат лесен и евтин пристап кон рана интервенција и поддршка на родителите.

Поддршката на **УНИЦЕФ** во насока на **зајакнување на системите за заштита на децата** беше фокусирана на **развивање на капацитетите на работната сила во социјалните служби**. Почнувајќи од системот за згрижување на деца, капацитетот на основните професионалци во овој систем беше изграден врз основа на новите стандарди за згрижување и детска грижа. Процесот на идентификација и барање на **нови згрижувачки семејства**, како и пристапот до информации за општата популација, професионалци и постоечки згрижувачки семејства е олеснет преку веб-страницата за згрижување https://zgrizuvanje.gov.mk/. УНИЦЕФ го поддржува Регистарот за згрижување и собира информации за потенцијални, активни и достапни згрижувачки семејства, со што се олеснува комуникацијата помеѓу клучните професионалци.

Новата и единствена платформа за **дигитално учење за**

**работната сила во социјалните услуги**, воспоставена во партнерство со **УНХЦР** и **УНИЦЕФ**, обезбедува континуиран развој на професионалните капацитети. Нуди одржување на специјализирани онлајн обуки потребни за процесите на лиценцирање. Досега, на повеќе од сто лица кои први даваат социјална помош им беа обезбедени алатки за подобрување на личната отпорност и на тој начин да дадат подобар системски одговор во кризни ситуации. Овие професионалци, исто така, ги стекнаа потребните вештини за развој на годишни програми за ментално здравје и психосоцијална поддршка за најризичните деца, користејќи холистички пристап кон менталното здравје.

Поддршка од **УНИЦЕФ** за справување со потенцијалното „согорување" на персоналот за време на пандемијата, преку снабдување на повеќе од сто лица што први даваат социјална помош со алатки за **подобрување на личната отпорност и за давање на подобар системски одговор во кризни ситуации**. Повеќе од 200 семејства во тешка состојба за време на пандемијата со КОВИД 19 добија услуги за итна социјална заштита или упатување од седум мобилни тимови составени од адвокати и социјални работници, во тесна соработка со ЦСР, и со поддршка од УНИЦЕФ.

Во областа на **детската социјална заштита, УНИЦЕФ** ја заврши работата за развивање на знаењата и алатките што ги користат професионалците за социјална работа во Центрите за социјална работа (ЦСР) во земјата со примена на методот на **интегрирано водење на предметите** и подобро управување со обемот на работа. Речиси сите социјални работници од сите 30 центри за социјална работа (ЦСР) учествуваа - 197 социјални работници – вклучително и во 168 менторски сесии на програмата. Ова ќе биде од корист за **повеќе од 50.000 домаќинства** што добиваат социјални услуги и додатоци преку ЦСР. Одржаната обука преку менторство за социјални работници беше пренесена во Институтот за социјални работи и е инкорпорирана во електронската платформа за едукација на професионалци за социјална работа.

Во доменот на **инклузија на деца со попреченост, УНИЦЕФ разви национални капацитети за проширување на моделот заснован врз човековите права за процена на попреченоста и потребите на децата и младите** во Североисточниот, Источниот, Вардарскиот и Југозападниот плански регион. Со ова ќе се заокружи воведувањето на новиот модел како единствена влезна точка за услуги за поддршка и бенефиции низ целата земја. **Надворешно спроведената евалуација на интервенциите поддржана од УНИЦЕФ** со цел подобрување на инклузијата на децата со попреченост заклучи дека интервенциите во голема мера придонесоа кон зголемување на достапноста и понудата на услуги, како и квалификувани човечки ресурси и значително помогнаа за позитивно менување на парадигмата и подобрување на јавното разбирање за попреченоста.

Како поддршка за Владата, предводени од начелото „Никој да не биде изоставен", **УНИЦЕФ** го овозможи и олесни обезбедувањето на здравствена нега, образование, социјална и детска заштита на авганистанските семејства кои беа привремено сместени во земјата.

Во партнерство со **УНХЦР**, Министерството за труд и социјална политика, Црвен крст на Град Скопје и Отворена Порта – Ла Страда поддржаа вкупно **40 лица (бегалци и баратели на азил)** со конкретни потреби, сместени во приватно сместување и Прифатен центар за баратели на азил Визбегово. Организациите го олеснија пристапот до услуги, како што се образование, вработување, социјална помош и надополнети активности предводени од Владата, им помогнаа на лицата да најдат сместување соодветно за посебните потреби, ги олеснија медицинските интервенции каде што е потребно, обезбедувајќи часови по јазик и психосоцијална поддршка на дневна основа.

Во однос на директна поддршка, **МОМ** директно поддржаа повеќе од **26.000 мигранти, бегалци и баратели на азил** сместени во привремените транзитни центри во Винојуг и Визбегово и Прифатниот центар за баратели на азил во Визбегово, добија медицинска и психосоцијална поддршка, културна медијација, рекреативни активности, јазична помош и покритие за други потреби на прием и заштита.

И на крај, во врска со **ветувањето на Глобалниот договор за фондот за бегалци за преостанатите косовски бегалци,** 5 лица добија државјанство, а 6 доброволно се вратија во Косово. 244 лица од првичниот број на косовски бегалци сè уште се во земјата, а нивната ситуација се очекува да биде решена до 2024 година.

## ПОДОБРЕН ПОВЕЌЕСЕКТОРСКИ ОДГОВОР ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ОДГОВОР НА СИТЕ ФОРМИ НА НАСИЛСТВО ВРЗ ОСНОВА НА ПРИСТАП КОЈШТО ДАВА ЦЕНТРАЛНО МЕСТО НА ЖРТВИТЕ/ПРЕЖИВЕАНИТЕ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И ШТЕТНИТЕ ПРАКТИКИ И ДИСКРИМИНАТОРСКИТЕ РОДОВИ НОРМИ И СТЕРЕОТИПИ

Во текот на 2022 година, ОН (а поконкретно UN Women и УНФПА) ја поддржаа имплементацијата на неодамна усвоениот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, преку обезбедување на техничка поддршка за изработка на клучните документи и дизајнирање и пилотирање на услуги за жртвите и сторителите.

Со поддршка на **УНФПА**, Мултисекторскиот протокол (МСР протокол), шест (6) подзаконски акти и Програмата за реинтеграција на жртвите беа завршени, со заеднички напори на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за правда и граѓанските организации кои работат на превенција од РБН, родова еднаквост и зајакнување на жените.

**Собирање податоци и анализа** е основа за политики базирани на докази кои придонесуваат кон квалитетот на услугите за оние кои претрпеле РБН. Целејќи кон хроничниот недостаток на квалитетни и веродостојни податоци за насилство врз жените и семејно насилство, **УНФПА** го поддржаа Министерството за труд и социјална политика во мапирањето на сегашните услови и предизвици поврзани со собирањето и пријавувањето на податоците за РН во Северна Македонија, по што започна изработка на целосно функционален модел на ИМС.

**На форумот „Виртуелното е реално': зајакнување на законодавната рамка заради поддршка на телесната автономија"** организиран од **УНФПА** во рамките на регионалната кампања „Мое тело, мои права", се дискутираше за актуелната ситуација и за правната рамка за сајбернасилството. Форумот придонесе за зајакнување на регионалните партнерства преку изработка на конзистентни и ефективни правни мерки и подигнување на свеста за борба против дигиталното насилство и родовото насилство воопшто.

**Националната кампања** која се фокусира врз подигнување на свеста во врска со достапните услуги за жртвите и преживеаните од родово базирано и семејно насилство во земјата и решавање на превладувачките пречки кои ги спречуваат жените да пријават насилство како што се срам, страв и заблуди, беше насочена кон сите жени и девојки кои живеат во урбаните и руралните области со фокус на ромската популација. Националната кампања имаше опсег од 1,67 милиони, беа вклучени 57.000 луѓе и опсег од 455.000 лица што ја виделе кампањата на главните социјални медиуми. Во рамките на 16 дена активизам, ОН ја поддржаа организацијата на настани во заедницата за подигнување на свеста за онлајн насилството во три заедници (Дебар, Струмица и Прилеп), со повеќе од 100 учесници кои активно дискутираа за начините на превенција и заштита од РБН потпомогнато од технологија.

Со поддршка од **UN Women, 2.430 Ромки, мажи, девојки, момчиња имаат зголемено знаење и свест за превенција и заштита од насилство врз жените (НВЖД) и семејно насилство**, вклучувајќи родова дискриминација, штетни

родови стереотипи и рани бракови, над 2000 посети во кампања од врата до врата, 10 мрежни и осум дијалог-состаноци предводени од Здружението на граѓански организации Национален ромски центар. Како резултат на тоа, беше забележана промена во нивните лични ставови за насилството, а во некои случаи и промена во однесувањето – 19 Ромки побараа правна помош, вклучително и за постапки за развод поради семејно насилство. 10 случаи коишто беа затворени со позитивни судски одлуки во корист на жените и нивните бракови беа прекинати со конечни судски одлуки. Жените имаат прилика да живеат надвор од насилното опкружување, да добиваат издршка и државни бенефиции.

**2,430 Роми**

**вклучени во обуки за родово-базирано и домашно насилство**

Дополнително, преку **„UN Women поддршка за жртвите на насилство преку обезбедување на услуги“**, 249 жени и девојки кои претрпеле насилство во Југоисточниот Регион на Северна Македонија ги користеа услугите од две новоотворени психо-социјални советувалишта, предводени од ГО Скај Плус Струмица и ЕХО Штип, со техничка и менторска поддршка од партнерот на UN Women, ГО ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување. Беше обезбедена одржливост за психосоцијалниот советодавен центар во Струмица преку изготвување и усвојување општински Локален акциски план за родово базирано насилство, со поддршка на UN Women, што предвидува финансиски средства за функционирање на центарот.

**UN Women** го поддржа економското зајакнување на 15 жени кои претрпеле насилство, а исто така се долгорочно невработени и самохрани мајки, преку 12-месечна програма за социјално менторство организирана од страна на партнерот на UN Women - Асоцијација за истражување, комуникации и развој „Паблик“. 13 жени најдоа работа и останаа на истото место и уживаат подобар квалитет на живот благодарение на програмата.

Со поддршка на **УНФПА**, постојниот материјал за обука за СРЗ и РН, за професионалци на СРЗ, давателите на услуги за РН и ОПР беа разгледани и ажурирани од професионално обучени лица од КПЛП со попреченост и специјален едукатор и рехабилитатор, со што придонесоа за подобрување на квалитетот на услугите за СРЗ и РН за лицата со попреченост. Овие материјали имаат за цел да ги сензибилизираат лицата кои даваат услуги на полето на СРЗ и РБН, вклучувајќи ОЛП и различни иницијативи на лицата со попреченост што се неопходни за подобрување на квалитетот на услугите за лицата со попреченост.

Последно, но не и најмалку важно, според овој исход, со поддршка од канцеларијата на **МТУ** за Европа, првата **Национална процена на безбедноста на децата на интернет** беше спроведена од Министерството за информатичко општество и администрација. Процената вклучува квалитативни и квантитативни истражувања кои завршуваат со оперативен патоказ врз основа на идентификувани предизвици, можности и препораки. Препораките на извештајот претставуваа патоказ за изготвувањето на Националната стратегија за ИКТ 2023 – 2027. Процената доведе до потпишување на Меморандум за соработка (МС) помеѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за образование и наука за унапредување на детската онлајн заштита во земјата.

РЕЗУЛТАТ 3

# Здрава животна средина

*До 2025 година, луѓето во Северна Македонија ќе ги користат придобивките од амбициозна климатска акција, од одржливо управувани природни ресурси и добро сочуван биодиверзитет преку правилно управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи:*



Децата учат за климатските промени и развиваат љубопитност за наука преку експерименти и учење преку правење. Учители и обучувачи се вклучија во работилниците поддржани од УНИЦЕФ за развој на вештини за учење преку експерименти. На работилниците учителите и обучувачките добија вештини за примена на нови достапни експерименти во рамки на часовите. Овој пристап им помага на децата да ги научат основите на науката и ефектите врз животната средина и климатските промени, како што е деградацијата на вода, масла, воздух, топлина и циклуси на затоплување. Учењето преку искуство им помага на децата да развијат вештини за решавање на проблеми, упорност и соработка. *Извор: УНИЦЕФ*

## ПОВОЛНАТА ПОЛИТИКА, РЕГУЛАТОРНАТА СРЕДИНА, КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО И АКТИВНОСТИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА СЕ ЗАЈАКНАТИ КОН РАЗВОЈ СО НИСКИ ЕМИСИИ И ОТПОРНОСТ ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ПОВЕЌЕ СЕКТОРИ

Во 2022 година, **УНДП** го поддржа развојот на **Четвртата национална комуникација (4. НК)**, која беше усвоена од Владата во јануари 2023 година. Разработен е **Национален попис на стакленички гасови** за периодот 2015 – 2019 година, којшто ги надополнува постојните временски серии за 1990 – 2014 година. Беа користени неколку иновативни алатки, како што се предвидување и далечинско набљудување, што резултираше со вклучување на согледувањата за климатските промени во просторното/урбаното планирање, подобрување на квалитетот на инвентарот на стакленички гасови во секторот ЗШДУЗ, подобрена процена на потенцијалните тонења и воведување ново ниво на ранливост на општинско ниво преку воведување индекс на ранливост на егзистенцијата. Одржливоста на идните ажурирања на инвентарот на стакленички гасови се обезбедува преку систематски трансфер на знаења во релевантните институции, активности за градење на капацитетите и тесна соработка со главните даватели на податоци, како што е Државниот завод за статистика.

Потенцијалот за **ублажување на земјата до 2040 година беше ревидиран и потврден** за да се обезбеди усогласување со релевантните национални приоритети. Четвртиот НК, заедно со **3. БИН**, презентира јасна визија за амбициозни цели за ублажување на климатските промени, врз основа на докажани научни истражувања и на постоечкиот робустен и сеопфатен инвентар на (емисиите на) стакленички гасови. Врз оваа основа беа изготвени новата енергетска стратегија, Националниот акциски план за енергија и клима (НПЕК), зајакнатиот НУП и Долгорочната стратегија за климатска акција. Како дел од четвртиот НК, беа ажурирани информациите за ранливоста на земјата и неповолните ефекти од климатските промени и беа предложени **мерки за адаптација** потребни за да се задоволат специфичните потреби и грижи што произлегуваат од овие неповолни ефекти. Се изработуваат сценарија за идни екстремни климатски настани. Изготвена е Платформата за мониторинг, известување и верификација на климатските промени (МРВ). Таа е изготвена со цел да служи како основа за континуирано транспарентно известување и до УНФЦЦЦ и ЕУ/Енергетската заедница за климатските промени. УНДП, исто така, ја поддржа подготовката на проектниот предлог за изработка

на Националниот план за адаптација (НПА), којшто ќе биде доставен до ГКФ во првиот квартал од 2023 година.

Земјата е дел и од водечката иницијатива на УНДП, **Ветување за климата**: Од ветување до влијание – искористување на Ветувањето за климата за претворање на зајакнатите национално утврдени придонеси во амбициозна климатска акција. Има за цел да создаде основа за спроведување почетни активности што се неопходни за **имплементација на ажурираните НУП-ови** преку создавање средина каде што се овозможува подобра координација меѓу клучните национални чинители, и за вклучување на локалните чинители во текот на изготвувањето и спроведувањето на програмата. Завршени се неколку студии што ги одредуваат идните активности коишто ќе ја унапредат локалната агенда за животна средина: Биотопска карта за Скопскиот Регион, Инвентар на крајречни живеалишта и Акциски план за скопската агломерација. Студија за подземните води на скопската агломерација, Стратегија за управување со водите за Скопскиот Регион, Изведба на пиезометри за дефинирање можни патеки за пренос на шестовалентен хром во подземните води на планината Жеден кон изворот Рашче, подготовка на стратешки плански документ за редизајнирање на јавните простори во централното градско подрачје на Град Скопје, како и техничка документација за воспоставување зелен коридор долж реките Серава и Лепенец. Градот Скопје воспостави модели за подобрување на урбаната отпорност и ги тестираше тие модели за да обезбеди доказ за концептот: Скопје Зелен катастар, Изградба на зелени покриви на Градски трговски центар и на Дом на културата „Кочо Рацин", зазеленување на падините на скопската тврдина Кале. Лабораторијата Скопје, Центарот за иновации на Град Скопје, формиран со поддршка на УНДП, изгради капацитети на администрацијата на Град Скопје за нови пристапи и техники на дизајнирање и испорака на услугите, помогна во дизајнирање или редизајнирање на две услуги за зголемување на задоволството на граѓаните кои ја користат таа услуга и создаде поволна средина за зајакната соработка со граѓаните и бизнисите.

Соработката со Град Скопје во последните 4 години резултираше со проширена база на податоци за животната средина, информации и студии потребни за информирано донесување одлуки и креирање на теренски м**одели за подобрување на урбаната отпорност**. Зајакнати се капацитетите на администрацијата на Град Скопје за обезбедување побрзи и поквалитетни услуги за своите граѓани и за вклучување на локалните чинители во текот на изготвувањето и спроведувањето на програмата.

## модели за подобрување на урбана отпорност

### се развиени

Исто така, Владата доби поддршка за изготвување национална стратегија и механизми за промовирање **системи за семе и отпорност кон климатските промени**. Во 2022 година беа постигнати следните резултати: i) Извршување **правна анализа на националното законодавство за семе**, истакнувајќи ги клучните недостатоци и празнини во однос на најдобрите меѓународни практики и нудејќи препораки за подобрување на институционалната и правната рамка за производство на семе и саден материјал. ii) Во партнерство со Институтот за земјоделство при УКИМ, во 2022 година ФАО спроведе демонстрации на фарми и онлајн програми за обука со цел унапредување на вештините на околу 60 земјоделци, земјоделски производители, претставници на фарми за семе, земјоделски задруги и претставници на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството. Овој напор е насочен кон промовирање на обновувањето и размножувањето на климатски отпорни, локални сорти на семе, усогласување со една од целите на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2021 – 2027 за зголемување на биодиверзитетот во земјоделството и за обезбедување на снабдувањето со храна преку производство на висококвалитетни, климатски толерантни семиња за клучните култури. (Придонес кон индикатор на резултат од РСОР 3_1_10 и 3_1_30). Во 2022 година, ФАО ѝ даде поддршка на Владата за успешно завршување на вториот проект за подготвеност на Зелениот климатски фонд (ЗКФ) на Северна Македонија. Голем чекор за зајакнување на ангажманот на приватниот сектор во климатската акција и инвестициите беше одлуката на Владата во април 2022 година за назначување на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) на Северна Македонија како **првиот национален субјект што го иницира процесот на акредитација на ЗКФ**. Ако се акредитира како Национален субјект за директен пристап, ФИТР ќе биде рамо до рамо со Меѓународните субјекти за пристап до ЗКФ, како што се агенциите на Обединетите нации, мултилатералните развојни банки, меѓународните финансиски институции. Преку ФИТР, земјата би можела директно да пристапи до ЗКФ, земјата директно ќе има пристап до финансирање на климатските промени и подобро интегрирање со своите национални акциски планови за климата. Како прв чекор, беше објавен првиот заеднички јавен повик насловен „Предизвик за климатски промени 2022", што се доделува на пет приватни компании за спроведување на нивните проектни идеи што предлагаат развој или употреба на иновативни еколошки, чисти технологии и можат да придонесат за ублажување на климатските промени или за адаптација во приоритетните сектори во земјата. Придонес кон индикатор на резултат од РСОР: 3_1_30 ). Во соработка со Кабинетот за економски прашања на вицепремиерот (ННО за ЗКФ) и Министерството за финансии, ФАО ја заврши **постапката за мониторинг, следење и рационализација на климатските финансии** на краток и среден рок. Беше изработен и пилотиран веб-систем, достапен преку www.greendevelopment.mk со цел да обезбеди поддршка во собирање и известување за финансирање на климатските промени. Беше изработен и валидиран првиот пилот-извештај за климатските финансии на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Тоа е во согласност со целта на Владата да воспостави национален систем за мониторинг, следење и рационализирање на финансиите за климата. Системот, исто така, би можел да ги следи финансиите за климатските промени од јавни, приватни и алтернативни извори и да го мери напредокот на земјата во исполнувањето на својата обврска на УНФЦЦЦ за мобилизирање на климатските финансии за адаптација и ублажување на климатските промени. (Придонес кон индикатор на резултат од РСОР: 3_1_70 ).

За ѝ овозможи поддршка на Владата за ангажирање на приватниот сектор во климатски отпорен развој со ниски емисии, ФАО ја изработи првата онлајн алатка за ангажирање на приватниот сектор во климатската акција. Онлајн алатката служи за навигација низ клучната терминологија, концепти, искуства и можности кои треба да им помогнат на чинителите од приватниот сектор да се вклучат во климатската акција и климатските инвестиции. Содржи информации за климатските промени, законите и можностите за приватниот сектор предизвикани од климатските промени, климатските финансии, климатските технологии и улогата на чинителите од приватниот сектор во ублажувањето и приспособувањето кон климатските промени. Алатката, исто така, ги води чинителите од приватниот сектор низ институционалниот и политичкиот контекст поврзан со климатската акција во Северна Македонија. (Придонес кон индикатор на резултат од РСОР: 3_1_30). Во 2022 година, ФАО го поддржа ННО за ЗКФ во одржувањето осум тематски обуки за климатски теми идентификувани за време на проценката на капацитетите за потребите на ЗКФ за 2021 година. Обуките ги подобрија вештините на 140 владини вработени од релевантните институции за управување и координирање на климатските активности и финансии. (Придонес кон индикатор на резултат од РСОР: 3_1_30).

**ФАО** тесно соработуваше со Министерствата за земјоделство, шумарство и водостопанство и за животна средина и просторно планирање со цел да изготви целосен предлог-проект за Фондот за адаптација за подобрување на климатската отпорност на земјоделското производство

во Радовиш преку подобро наводнување, управување со земјиштето и водите. Се очекува да биде поднесен предлогот со буџет од 9,9 милиони американски долари.

Во 2022 година, **УНДП, МОМ и УНЕЦЕ** ја започнаа главната фаза на имплементација на **Инструментот за зелено финансирање**. Главните активности беа фокусирани врз изработка на алатки за обновлива енергија и енергетска ефикасност и финализирање на правната рамка за воспоставување на ИЗФ. Во 2022 година, УНЕЦЕ подготви ревизија и ажурирање на алатката Селектор на технологија на Програмата за финансирање на зелената економија за Северна Македонија. Како онлајн платформа, оваа алатка им овозможува на корисниците да пристапат до глобалниот директориум за зелени технологии. Од технологиите коишто моментално се вклучени во платформата, опфатени се енергетски ефикасни топлински пумпи и соларни панели што произведуваат обновлива енергија до системи за наводнување со капка по капка и машини за сеење кои поддржуваат одржливо управување со земјиштето. Понатаму, УНЕЦЕ избра двајца консултанти за дизајнирање и спроведување обуки и започна со изготвување наставна програма за обука за консултанти за проекти и верификација, кои за возврат ќе им дадат поддршка на компаниите во дизајнирањето и верификацијата на проекти за ЕЕ и РЕ. Процесот на одобрување на договорот помеѓу УНДП и ЕБОР е во завршна фаза, а процесот на длабинска анализа на локалните банки кои учествуваат е завршен.

Во 2022 година, **УНИЦЕФ**, во партнерство со Бирото за развој на образованието (БРО), учествуваше со свој придонес во изготвувањето на наставните програми по Природни науки за 2. и 5. одделение во основното образование. Покрај тоа, УНИЦЕФ во партнерство со БРО изготви наставни материјали за климатски промени и образование за животна средина со активности за учење преку игра за предучилишна возраст (градинки) и основно образование. Наставните материјали, придружени со видеа, им служат на наставниците и едукаторите за унапредување на образованието за климата и животната средина во градинките и училиштата. Понатаму, УНИЦЕФ, во партнерство со ГО Македонско еколошко друштво, изработи рамка за мрежата на научни центри за поддршка на имплементацијата на наставните програми за наука во образовниот систем врз основа на учење преку игра. Научните центри кои беа вклучени во развојот на рамката беа: Хидробиолошки завод – Охрид, Природонаучен музеј – Скопје, Национален парк Галичица, Едукативен центар „Негрево“ во Пехчево, Народна техника – Скопје, Ботаничка градина при Природно-математички факултет – Скопје. Се изготви и спроведе комуникација базирана врз докази за развојни иницијативи за климатска акција предводена од младите. Комуникацискиот тим на УНИЦЕФ оствари комуникација со 140929 лица и ангажираше 5113 лица на социјалните медиуми преку објави поврзани со животната средина и климатските промени.

**УНИДО** успеа да го усвои правилникот за видовите категории на лиценци за управување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење; следење и постојана контрола на потрошувачката на HCFC и други супстанции контролирани со Монтреалскиот протокол за супстанциите кои го осиромашуваат озонскиот слој (евалуација на 50 увозни лиценци); следење на шемата за обновување и рециклирање со 25.009,50 кг контролирани супстанции и нивни мешавини што биле обновени и рециклирани во 2021 година; спроведено истражување за количината на создаден отпад од средствата за ладење, што вклучува изработка на методологија за собирање податоци и за отпадните средства за ладење и за отпадната опрема за ладење и климатизација (RAC), како и прашалник за животниот циклус на RAC опрема. Во втората фаза, УНИДО го заврши прегледот на тековното национално законодавство и собирањето податоци; процена на сервисните продавници кои треба да се доделат со опрема за обновување и рециклирање; процена на дополнителната опрема за сервисните продавници; и листата на опремата што треба да се додели.

УНИДО спроведе процена на климатската технологија за индустрискиот сектор; го финализираше развојот на секундарното законодавство за енергетски ревизии на големи претпријатија со Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Северна Македонија; ја заврши имплементацијата на системот за управување со енергија (EMС) и сертификација од трета страна по ISO 50001 за градежниот комплекс на Владата и Претседателството на Северна Македонија; продолжи со извршувањето на механизмот за техничка помош и на механизмот за финансиска награда базиран врз перформанси; и ја спроведе финалната евалуација на проектот и собирањето податоци за евалуација на влијанието на проектот.

Во текот на извештајниот период, **УНЕСКО** работеше во координација со Националните комисии на УНЕСКО на земјите кориснички и со локалитетите кои учествуваат во Западен Балкан за поддршка на развојот на капацитетите во областа на климатските промени, управувањето со ризикот од катастрофи и заштитата и промоцијата на биосферните резервати и локалитетите на светското наследство. Конкретно, беше изработена и испорачана програма за обука за релевантните засегнати страни во местата определени од УНЕСКО, вклучувајќи три онлајн сесии одржани помеѓу 4 и 11 октомври 2022 година и регионална работилница одржана во Охрид, од 17 до 21 октомври 2022 година. Обуката им обезбеди на учесниците знаење за идентификување релевантни податоци при спроведување мерки за намалување на ризикот од катастрофи (DRR) и за адаптација кон климатските промени (CCA), процедури за брза процена на ризиците од климатски и катастрофи и идентификување опции за DRR и CCA. Обуката, исто така, придонесе кон создавање мрежа на знаење составена од професионалци кои работат во културолошки и природни локалитети во Југоисточна Европа, а таа мрежа по обуката, се очекува да продолжи да комуницира и да споделува DRR/CCA искуства и решенија за зачувување на локалитетите определени од УНЕСКО.

## ИДЕНТИФИКУВАНИ И ШИРОКО ЗАСТАПЕНИ РЕШЕНИЈА НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО ЗА ИНТЕГРИРАНО, ОДРЖЛИВО И ИНКЛУЗИВНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ (ВОДА, ЗЕМЈА, ШУМИ, БИОДИВЕРЗИТЕТ).

Првите **Национални црвени листи на влекачи и водоземци** беа изработени со поддршка на УНЕП, како поддршка на политиките за зачувување на земјата, потребите за добивање информации, анализи на статусот, трендовите и заканите за овие видови и катализирање на специфични активности за заштита на биодиверзитетот. Иницијативата од 2022 година за валоризација на стари поединечни дрвја со исклучителни природни карактеристики и локалитети со важни растителни заедници ќе го подобри **ефективното управување** во однос на примената на мерките за заштита на нејзините природни, здравствени, културни или други вредности. **Постапката за стратегиска оцена на животната средина за нацрт-планот за управување со Националниот парк Шар Планина** придонесува за процесот на усвојување на таков плански документ, насочувајќи го вистинското одржливо управување со областа и нејзините природни вредности. Покрај **нацрт-планот за управување со Охридското Езеро**, регионот ќе добие стручно мислење односно **физибилити-студија за природни и културни вредности** која дополнително ќе ги поддржи **процесите на донесување одлуки за урбанистичко планирање**, истовремено заштитувајќи ги уникатните вредности на Охридскиот Регион. Идентификуваните ш**уми со висока природна вредност** (најмалку 188, распространети на речиси 56 000 ха) со предложени насоки за управување со шумите за две пилот-области (Буковиќ и Беласица), како и искуства стекнати преку идентификација на квоти за недрвени шумски производи за избрани растителни видови што биле извршени во текот на изминатите неколку години, ќе послужат како за одржливо управување со овие вредности, така и за идентификација на специфични практики на ОУЗ/ОУШ што ќе се спроведат во текот на

2023/4 година во целните општини. Изработените насоки за спроведување мерки/проектирање на зелени/био-коридори за големи месојади (конкретно балканскиот рис и кафеавата мечка) при изградба на нови инфраструктурни проекти, се очекува да придонесат за зголемување на безбедноста во сообраќајот и на заштитата на биодиверзитетот.

Правната и институционалната анализа во секторот за земјиште, извршена во 2022 година со поддршка на ОН, ја постави основата за изработка на првата **Национална стратегија за заштита на почвата** и Законот за заштита на почвата, со што се напредна во регулирањето на одржливото управување со земјиштето во земјата. Истовремено, беше иницирaн преглед и ажурирање на Локалните еколошки акциски планови и планови за ерозија за целните општини (Арачиново, Гази Баба, Липково, Желино, Сарај и Јегуновце) со главна цел да се придонесе за **ОУЗ и контрола на ерозија**. Истите општини продолжуваат со работата со национални експерти за процена на **шумски и тревни екосистеми (услуги)** за да придонесат за ОУЗ/ОУШ во регионот. Овие резултати, како и научените лекции од различни активности за градење на капацитетите (шест ренџери/претставници на ПА, 16 претставници на планинарски здруженија и 20 локални жени), исто така, го поплочуваат патот кон успешно приспособување и спроведување на Програмата за обуки за ОУЗ/ОУШ/НДЗ кај национални и локални власти за примена на методи, пристапи и практики во запирање на деградацијата на земјиштето и уништувањето на шумите и враќање во првобитна состојба. **Првиот извештај за националната Конвенција на ОН за борба против опустинување (УНЦЦД)** претставува преглед на собраните биофизички и социоекономски податоци неопходни за развој на стабилен систем за мониторинг и известување на УНЦД, којштo треба да биде структуриран на начин што ќе им одговара на националните ДЗ и статистички потреби, како и да одговори на обврските на Северна Македонија што произлегуваат од ратификуваните меѓународни конвенции.

**УНДП**, исто така, ја поддржа изработката на физибилити-студија за подобрување на **системот за наводнување и одводнување во сливот на реката Брегалница.**

Во текот на годината беа собрани податоци и информации за тековната и планираната интервенција во **Преспанскиот Регион** и беа спроведени консултации со клучните чинители на национално и на локално ниво за приоритетите во областа на земјоделството, туризмот, водите и управувањето со отпадот, како и прекуграничната соработка. Нацрт-акцискиот документ за Програмата на ЕУ за Преспа е доставен до Делегацијата на ЕУ во Скопје, а преговорите се започнати. Потпишувањето на договорот со ЕУ и започнувањето на Програмата се очекува да биде извршено во вториот квартал од 2023 година.

## ЗАЈАКНАТИ СЕ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ОДГОВОР НА ЗАКАНИТЕ ОД ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ПО ЗДРАВЈЕТО ВО НАЈРАНЛИВИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Во 2022 година, **УНДП** пилотираше шема за поддршка за подобрување на енергетската ефикасност во станбените згради која се покажа ефикасна во намалувањето на загадувањето на воздухот, што резултираше со намалување од 41 % на ПМ10 (60.359 µg/m3 во 2020 година наспроти 35.5 µg/m3 во 2021 година) во оваа област, и со намалување на загадувачките емисии од 60 % (5.56 t во 2021 година наспроти 2.23 t во 2021 година). 129 домаќинства и семејства со ниски приходи од Лисиче добија поддршка за замена на неефикасните уреди за греење и спроведување мерки за енергетска ефикасност (адаптација на покрив/фасада, замена на стари прозорци/влезни врати), а дополнителни 270 социоекономски ранливи домаќинства во Скопје добија поддршка за замена на своите стари уреди за греење. Поддршката на Владата во транспонирањето на релевантните делови од секундарното законодавство преку изготвување 23 дописни табели за Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија и Нацрт-правилникот за квалитетот на течните горива треба да придонесат за намалување на загадувањето на воздухот низ целата земја така што ќе ги принудат пазарните оператори да постават нови ефикасни печки на пазарот. Податоците од мониторингот и моделирањето кое беше направено како дел од изработката на Студијата за распределба на изворите за агломерацијата Скопје претставуваа основа за информиран Акциски план за Град Скопје, којштo треба да обедини повеќе чинители за да спроведат неопходни активности и мерки кои ќе го намалат загадувањето на воздухот во градот. Онлајн платформата што беше направена ќе го олесни дијалогот помеѓу Владата, институциите од граѓанскиот сектор, приватниот сектор за идентификување на тесните грла и барањето консензуални решенија кои ќе ги решат проблемите на среден и долг рок.

УНДП ги зголеми активностите за намалување на загадувањето на воздухот во пет нови општини (Куманово, Кавадарци, Гостивар, Струмица и Струга), со новите мобилизирани ресурси. Тоа треба да резултира со зајакнување на нивните капацитети за спречување и за одговор на загадувањето на воздухот. Капацитетот за мобилизирање на академските институции и граѓанските организации ќе продолжи да се користи за да се создадат решенија и да овозможи промена на однесувањето на јавноста.

## КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАЗНОВИДНИ РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ, КАКО И КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЕФЕКТИВНО НАМАЛУВАЊЕ И ОДГОВОР НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И РАСЕЛУВАЊЕТО НА ЛУЃЕТО, СЕ ЗАЈАКНАТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО СЕНДАЈСКАТА РАМКА

Со поддршка од СЗО и во соработка со партнерите, воспоставени се стратешки разузнавачки операции за јавно здравје во сите структури за јавно здравје во земјата (Центар за дејствување во услови на јавно-здравствени вонредни ситуации и Функционална дигитализирана мрежа на јавни здравствени лаборатории). Со ангажманот на Меѓународната експертска институција – Epiconcept, Владата ја приспособи Програмата за обука за теренска епидемиологија (ФЕТП) и зајакнувајќи ги капацитетите на 8 високи епидемиолози, обучи 48 епидемиолози од целата земја за епидемиологија на терен, процена на ризик, брза реакција на епидемија со користење на новиот дигитализиран систем за надзор, анализа на податоци и управување со вонредни состојби. Оваа обука ќе биде спроведена и ќе придонесе кон зајакнување на капацитетите на земјата за брзо откривање патогени и за подобро реагирање на идните пандемии, епидемии и други здравствени итни случаи во согласност со ЦОР 3.г, Да се зајакнат капацитетите на сите земји, особено на земјите во развој, за рано предупредување, намалување на ризикот и управување со националните и со глобалните здравствени ризици. МЗ, заедно со Националната лабораторија за јавно здравје, со поддршка на СЗО и УСАИД, развија Систем за управување со информации за лабораториите за јавно здравје (ЛИМС), којштo придонесе за следење и зачувување на податоците во реално време и за подобрување на управувањето со податоците и за известувањето на микробиолошките лаборатории. ЛИМС софтверот ќе им помогне на здравствените професионалци да постигнат ефикасна контрола на квалитетот и да обезбедат безбедност и усогласеност на пациентите со исполнување на строгите регулаторни барања. Оваа активност придонесува кон ЦОР 3.г, Да се зајакнат капацитетите на сите земји, особено на земјите во развој, за рано предупредување, намалување на ризикот и управување со националните и со глобалните здравствени ризици. Министерството за здравство, со поддршка од СЗО, го зголеми капацитетот на 3 клинички болници и пренамени 8 болнички одделенија кои имаа недостиг од опрема за следење и интензивна нега во најтешко погодените региони на земјата откако доби донација

од 50 монитори за пациенти со 6 вентилатори за позитивен притисок (BiPAPs) и 4600 кислородни маски и обезбеди соодветна кислородна терапија на пациенти со КОВИД-19 и тешки респираторни заболувања.

Во 2022 година, преку поддршката на **УНДП**, во согласност со Рамковната директива за води на ЕУ, беа изработени хидролошки и хидраулични модели на високо ниво и мапи за опасност од поплави на сливот на реката Дрим, а исто така беше извршена и сеопфатна социоекономска процена и процена на ранливоста на заедниците околу сливот. Тоа резултираше со утврдување на најсоодветните мерки и активности за ублажување на ризикот од поплави. За првпат по повеќе од 40 години, се започнаа сериозни мерки за рехабилитација на критичните делови од коритото на Сатеска, вклучувајќи го и нејзиното пренасочување во старото корито на реката. Откако ќе се заврши, оваа структурна мерка значително ќе го намали ризикот од поплави за заедниците долж реката Сатеска.

Подготвеноста за ефикасен одговор на релевантните агенции за вонредни состојби и други локални институции во Полошкиот Регион се зголеми со обезбедување опрема, организација на вежби за тестирање на нивните капацитети за ефикасно реагирање на големи поплави. Изготвен е нацрт-концепт за воспоставување систем за рано предупредување во Полошкиот Регион и се очекува да биде ставен во употреба до крајот на 2023 година. Членовите на Мрежата за отпорност на Полог учествуваа на студиска посета во Кралево, Србија и имаа можност да научат од искуството на агенциите за вонредни состојби и од локалната власт за мерките што ги спроведуваат за намалување на ризикот од катастрофи во нивната општина. Беше подготвена стратегија за намалување на ризикот од поплави на национално ниво, со што се создаде основа за подобро планирање и приоритизација на инвестициите во мерките за ризик од поплави низ целата земја. Изготвена е нацрт-уредба за изработка на општински планови за заштита од поплави, а откако ќе ја одобри министерот за животна средина, ќе стане алатка за подобра подготвеност на општините за спречување и одговор на поплавите на локално ниво. Упатство за вклучување на намалување катастрофи во урбанистичкото планирање беше изработено и пилотирано на деталниот урбанистички план за село Камењане. Инвестиции во намалување на ризикот од поплави беа направени низ целиот Полошки Регион. Повеќе од 40 хектари земјиште склоно на ерозија во Националниот парк Шар Планина беше пошумено. Беше реконструирано коритото на Боговињска Река, а се исчисти и водоводната мрежа во Гостивар, со што беше намален ризикот од урбани поплави.

**УНДРР** го поддржа зајакнувањето на процесот на донесувањето одлуки врз основа на докази за ДРР, преку воведување на поднационалниот модел за индекс на ризик ИНФОРМ, мапирање на ранливоста, изложеноста и капацитетот за справување низ поднационалните субјекти во Северна Македонија и во поширокиот регион на Југоисточна Европа. Имплементацијата на моделот за Поднационалниот индекс на ризик ИНФОРМ беше направена во соработка со Националниот фокусен центар Сендаи и Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија, со финансиска поддршка од УСАИД, а резултатите се достапни онлајн.

## ЗАЈАКНАТИ НАЦИОНАЛНИ И ЛОКАЛНИ КАПАЦИТЕТИ И ЗГОЛЕМЕНА СВЕСТ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ОТПАДОТ И ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ (ХЕМИКАЛИИ, ВОДА, КОМУНАЛЕН ОТПАД, ОПАСЕН ОТПАД, МЕДИЦИНСКИ ОТПАД – ВКЛУЧИТЕЛНО И ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ)

Во 2022 година, **УНОПС** започна со активности за санација. Ископувањето започна во јуни, а до крајот на декември 480,25 тони HCH отпад беа ископани, спакувани и транспортирани во Франција.

**УНИДО** заврши со купување на лабораториската опрема и потрошен материјал за подобрување на аналитичките капацитети на две лаборатории за еколошки и човечки биомониторинг; активности за поставување на дадената локација, односно оградување, зонирање и обележување на локацијата; поставување на комора со контролирана клима; инсталација на компресори за негативен притисок и систем за прочистување на воздухот; испорака на потребната опрема и алатки (буриња и контејнери одобрени од ОН; ЛЗО; резервоари за собирање отпадни води и единица за филтрирање на отпадните води; единици за деконтаминација за работниците; инструменти за мониторинг на воздухот; рачен инструмент за анализи на почвата (XRF); машини (транспортерска лента со монтирана инка; камиони, булдожери, кранови итн.). Предвидената количина од 477,1 тони HCH отпад беше ископана, спакувана, извезена и уништена, а 126,37 тони загадена почва на HCH беа ископани, спакувани и привремено складирани додека чекаат извоз, од кои околу 20 тони неодамна беа извезени. Редовно се вршеше еколошки и човечки биомониторинг и неговите резултати не ги надминаа граничните вредности, потврдувајќи дека инсталираните безбедносни карактеристики и имплементирани безбедносни постапки и стандарди за време на активностите за санација на локацијата го минимизираат и го елиминираат ризикот за животната средина и луѓето.

**МОМ** ја поддржа инфраструктурата за здравје и хигиена на ранливите мигранти и инфраструктурата за чистење на животната средина преку пристап до квалитетна вода и преку управување со отпадните води во прифатните центри за мигранти, вклучувајќи собирање отпад и правилно одлагање.

**МТУ, УНЕП и УНИТА** започнаа со работа на регионален Мониторинг за е-отпад, преку обуки, прашалници и дискусии, како и истражување и собирање податоци/статус за легислативата, статистиката и управувањето со е-отпадот на национално ниво. Овие активности беа изготвени преку блиски партнерства со националните партнери.

РЕЗУЛТАТ 4

# Good governance

*До 2025, луѓето во Северна Македонија ќе имаат придобивки од подобрено владеење на правото; од политики базирани врз докази, предвидливи и родово одговорни; поголема социјална кохезија; и ефективно испорачување услуги од страна на транспарентни, отчетни и одговорни институции.*




The first Resource Center on gender-responsive policymaking and budgeting was promoted in North Macedonia, under the leadership of MLSP and thanks to the continued support by Sweden and Switzerland-SDC. The Centre will further advance the Government's gender equality commitments and will provide opportunities for continued exchange, learning and replication of good practices, not only in the country but across the region. The role of public administration is crucial in developing policies and programmes that are responsive to the needs of women and men in society. *Credit: UN Women*

### УНАПРЕДЕНО ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО, ПРИСТАП ДО ПРАВДА И ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ЗА СИТЕ, ОСОБЕНО ОНИЕ КОИ СЕ ИЗОСТАВЕНИ ОД ИНКЛУЗИВНИТЕ И РОДОВО ОДГОВОРНИ ПРАВНИ, ПОЛИТИЧКИ И ИНСТИТУЦИОНАЛНИ РАМКИ И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ

Во текот на 2022 година, ОН ги поддржаа националните партнери во забрзувањето на политичките, правните и институционалните реформи што се од клучно значење за пристапот во ЕУ и постигнувањето на ЦОР. Користејќи ја нивната компаративна предност и комплементарност, повеќе агенции на ОН придонесоа за усогласување на националните закони и политики со правото на ЕУ и со меѓународните стандарди, фокусирајќи се врз ризичните или изоставени групи.

**УНИЦЕФ започна голема трансформација на правдата за децата во неказнен и ресторативен систем.** Измените на Кривичниот законик во однос на насилството врз децата, Законот за правда за децата и Законот за извршување на санкции беа извршени за да се овозможи правосуден систем којшто дава приоритет на заштитата и развојот на децата во судир со законот. Реформите се одржаа со изработка и усвојување на **меѓусекторската Стратегија за превенција и правда за деца за 2022 – 2026**, изработена преку учество на деца, како и анализа на трошоците со препораки за соодветно и правично распределување на буџетот, градење на капацитетите, подигнување на свеста и застапување. Беше изготвена заедничка рамка за стандардизирана обука за сите професионалци кои се занимаваат со децата во судир со законот, како и за децата кои се во ризик да дојдат во судир со законот и децата во контакт со законот. Повеќе од 800 професионалци беа ангажирани во различни активности за градење на капацитетите, како што беа примената на пристап фокусиран врз траумата, мултисекторска работа во системот J4C, воспоставување на моделот Барнахус. Од овие, 150 лица беа обучени за пристап информиран за траума, додека 200 беа обучени за мултисекторска работа. Целните групи вклучуваа судии, обвинители, медијатори, адвокати, социјални работници, ненаставен кадар и кадар во малите групни домови, вработени од воспитно-поправниот дом и затворот за малолетници. УНИЦЕФ изработи пет програми за рехабилитација, реинтеграција и ресоцијализација на овие ранливи деца.

**Конкретните мерки коишто произлегуваат од Стратегијата за реформи во правосудниот сектор (2017 – 2022) беа спроведени со поддршка на УНОПС.** Поврзани се со спроведувањето на Хашките конвенции за меѓународна правна соработка во граѓански прашања (HCCH) од страна на судии, адвокати и професионалци за социјална заштита. Во соработка со националните партнери беа изготвени Законот за граѓанска постапка и измените на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Беа изработени 11 подзаконски акти за спроведување на Законот за јавно обвинителство, од кои седум беа донесени, меѓу кои и правилник за соработка на органите со ЕВРОЏАСТ.

**Заедно со националните партнери и со другите агенции на ООХН, ОХЦХР придонесе кон усогласување на политиките и законодавството со човековите права.** Беа донесени Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022 – 2026 година и беа спроведени измени на Кривичниот законик во однос на насилство врз жени и деца. Владините институции добија поддршка во работата со механизмите за човекови права на ОН, особено во подготовката на државниот периодичен извештај според Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МКГПП). НИЧП, организациите на лицата со попреченост и граѓанското општество имаа корист од учеството во регионалните тематски консултации, меѓу другото, за разгледување и пишување на општи коментари на ЦРПД.

**UN Women придонесе за неколку пресвртници за родовата еднаквост, постигнати заеднички со националните партнери.** Тие ја вклучуваат новата Национална стратегија за родова еднаквост (2022 – 2027), која има 17 специфични цели и ја нагласува важноста од соодветното финансирање за родова еднаквост, и Законот за буџети, којшто ја вклучува родовата еднаквост меѓу неговите клучни буџетски принципи и предвидува одредби кои бараат буџетските корисници да ги разгледаат приоритетите за родова еднаквост во планирањето и извршувањето на буџетот. Новата Програма за реформа на управувањето со јавните финансии (2022 – 2025) изработена од Министерството за финансии предвидува вметнување родови аспекти во буџетските програми (придонес кон ЦОР 5.в.; ЦОР 16.6). Вториот Индекс за родова еднаквост (2022) којшто беше изработен во соработка со ДЗС ѝ дава 64,5 поени на Северна Македонија, што претставува пораст од 2,5 поени во однос на претходниот индекс.

**Постигнат е важен напредок во инклузијата на попреченост.** УНИЦЕФ, УНДП, УНФПА и ОХЦХР ја поддржаа изработката на новата Стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2030 година. Консултациите со лицата кои живеат со попреченост и нивните репрезентативни организации и граѓанското општество овозможија да се слушне нивниот глас. ОХЦХР го поддржа Народниот правобранител во водењето на субрегионалниот дијалог за најдобрите практики за следење на спроведувањето на ЦРППР, во којшто беа вклучени 120 засегнати страни од Западен Балкан и од земјите на ЕУ, како и Комитетот за ЦРППР. Преку заедничко застапување, 100 маргинализирани лица станаа посвесни за своите права и за патиштата коишто се достапни за барање заштита, пристап до правда и ефикасен правен лек.

**Застапувањето и стратешкиот ангажман на УНХЦР резултираа со подобрени капацитети и рамка за меѓународна заштита на раселените лица и бесплатна правна помош.** Во 2022 година, пристигнаа 27.425 нови лица и вкупно 168 барања за азил, при што кај помалку од 1 % од нив одлуката беше донесена во согласност со законските начела што важат за конкретните докази и факти што беа изложени. УНХЦР презеде 162 интервенции за застапување и обезбеди стручни совети во 39 случаи за усогласување на националната правна рамка и практики со меѓународните стандарди за заштита. Во контекст на приливот на бегалци од Украина, на Владата ѝ беа препорачани планови за одговор. Зајакнатото застапување и партнерства **за решавање на статусот на лицата без државјанство до 2024 година резултираа со Патоказ** што ги наведува клучните чекори што треба да се преземат кон системско решение, вклучувајќи ги и промените во Законот за граѓанска регистрација. Вкупно 190 лица, од кои мнозинството беше потпомогнато директно од УНХЦР и МЗМП, добија државјанство врз основа на измените на Законот за државјанство.

**УНОДК продолжи со зајакнување на националните капацитети во борбата против организираниот криминал.** Професионалците од кривично правниот систем ги зголемија знаењата и вештините во истрагата, во гонењето и пресудувањето на случаите на недозволената трговија со дрога и оружје, на трговијата со луѓе, криумчарењето мигранти и недозволеното финансирање на тероризам. 30 претставници од различни агенции и 12 обвинители и судии се запознаа со стратешките ризици за безбедноста, вклучувајќи го и тероризмот и поврзаните закани од транснационалниот организиран криминал и корупција. 36 засегнати страни ги зголемија нивните познавања за системските празнини и за факторите на ризик на трговијата со луѓе врз основа на анализата на 13 случаи на трговија со луѓе, дискусиите за валидација и изработката на национален извештај. Овие напори обезбедија информации за нацрт-амандманите на Законот за кривична постапка, мултидисциплинарна работилница за 55 национални претставници и објавувањето на извештајот „Степенот и обемот на трговијата со луѓе во Југоисточна Европа“.

**МОМ ги поддржа мобилните тимови во идентификација, упатување и помош на жртвите на трговија со луѓе и криумчарење мигранти.** Беа опфатени 691 ранливи лица, од кои 13 жртви на трговија со луѓе (ЖТЛ) и 142 потенцијални жртви на трговија со луѓе. Речиси 80 % од идентификуваните ЖТЛ беа жени и девојчиња, малолетници и државјани на земјата кои претежно биле тргувани поради сексуална експлоатација, сексуална и трудова експлоатација и присилни бракови.

## КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЦЕНТРАЛНАТА И ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ СЕ ЗАЈАКНАТИ ЗА ПОДОБРО ПЛАНИРАЊЕ, БУЏЕТИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ, ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТАВЕНОСТА И ЕФИКАСНО ИСПОРАЧУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНИ ЈАВНИ УСЛУГИ

**УНОПС придонесе за зајакнување на националните капацитети за интеграција во ЕУ, за политиките на ЕУ и за процесот на преговорите.** Беа обучени 500 административни службеници од Собранието и клучните извршни институции, како што се СЕП, министерствата за надворешни работи, за правда, за економија, за одбрана, за внатрешни работи, за земјоделство, за финансии, од Агенцијата за финансиско разузнавање и други. Порталот НППА и дигиталните решенија ги поврзаа институциите вклучени во европскиот преговарачки процес во еден систем. Изготвувањето на македонската верзија на правото на ЕУ се забрза преку обезбедување услуги за превод, техничко уредување, јазична ревизија и лекторирање. Изработени се различни анализи на политики, стандардни оперативни процедури, основни студии, извештаи, прирачници за поддршка на СЕП и на Владата во донесувањето информирани одлуки во процесот на пристапување.

**УНДП ја поддржа централната и локалната власт во реформите за управување со јавните финансии.** Фокусот беше ставен врз ублажување на негативните ефекти од мултидимензионалната криза, но и врз зајакнување на институционалната отпорност кон идните потенцијални шокови. Со измените на Законот за финансирање на ЕЛС се воведоа нови механизми за локално финансирање. Дигитални алатки за децентрализација и неформална економија беа изработени по следниот редослед и за МТСП и за МФ. Беа оформени и Фонд за перформанси и Фонд за изедначување, а се ажурира и една дополнителна платформа за собирање општински даноци. **УНДП, исто така, го ажурира Индексот на општински развој (ИОР),** што беше повторно пресметан во согласност со податоците од пописот од 2021 година.

Како резултат на ова, 50 општини ја инсталираа е-Контролната табла и редовно ги објавуваат своите финансиски информации на неа. Моделот на Е-општина беше спроведен во 19 општини. Уште пет општини (или вкупно 46) добија поддршка за известување преку е-Контролната табла за извршување на општинскиот буџет. Постигнати се видливи резултати во **испорачувањето поквалитетни услуги и услуги насочени кон луѓето** – седум општини имаа корист од меѓуопштинската соработка, вклучувајќи ја и дигитализацијата, која ги намали трошоците и го

подобри квалитетот на услугите; 30 општини ги подобрија пожарникарските услуги, 17 противпожарни единици што ја опслужуваат територијата на 46 општини беа опремени со возила и опрема; три рурални општини пилотираа модел на јавно-приватно партнерство за управување со биоотпад за зголемување на приходите; и седум општини имаа корист од усогласениот фонд за техничка документација на ЦОР. Општинската грантова шема продолжи да се спроведува со поддршка на приоритетни проекти на заедницата во 40 општини избрани преку јавни консултации. Повеќе од 170 советници и државни службеници од 10 општини ги зајакнаа своите капацитети во извршувањето на своите овластувања за донесување одлуки, надзор и застапување на локално ниво.

**Како резултат на поддршката на ОН за жените, клучните владини институции го вклучија родот и го усогласија своето планирање и програмирање со правото на ЕУ за родова еднаквост.** СЕП и секторските работни групи, како водечки и координативни субјекти во процесот на пристапување кон ЕУ, ја вклучија родовата перспектива во нивната интегративна работа во ЕУ. Исто така, секторите задолжени за ИПА во рамките на министерствата и јавните институции постигнаа подобро разбирање за родовата интеграција во ИПА-процесите. Беше постигната одржливост на резултатите и поголема локална одговорност за родовата интеграција преку поставување застапници за родови прашања во 7 институции, кои успешно ја завршија првата обука на обучувачи за родова интеграција во ИПА-процесите. Беа утврдени главните производители на административни родови податоци и достапност на родово расчленети податоци преку мапирање на родовите индикатори за ЦОР низ целиот статистички систем. Исто така, беа изработени два модули за обука на персоналот задолжен за ИПА, врз основа на наодите и мапираните потреби на администрацијата за родова интеграција. Дополнително, **родовите аспекти беа внесени во два нацрт-закони за јавна администрација, заедно со 5-годишната Програма на Државниот завод за статистика.** Дваесетгодишни трендови беа идентификувани преку тренд-анализата на публикациите „Жените и мажите“; беа дадени препораки за подобрување на родовата еднаквост во спортот преку спроведената анализа. Персоналот во јавната администрација од 16 институции, како и претставници од различни институции во статистичкиот систем, беа обучени за користење на родовата статистика и оспособени за спроведување родова анализа.

**UN Women придонесе за подобрување на јавниот надзор врз родово одговорните политики.** Државниот завод за ревизија беше оспособен за вклучување на родовата перспектива во ревизорските практики. Како резултат на тоа, ДЗР ја заврши првата ревизија на успешноста на воведувањето на родовата еднаквост како важен чекор напред, овозможувајќи независен надзор на јавните трошоци и зајакнување на отчетноста на институциите за унапредување на родовата еднаквост и изготви Методолошко упатство за интеграција на родовите аспекти во ревизијата. UN Women ги олесни дискусиите помеѓу собраниската Комисија за еднакви можности и Клубот на пратенички за застапување и лобирање за родово одговорни политики и буџети. Комисијата одржа две јавни расправи, една за вклучување на родовата еднаквост во нацрт-законот Закон за буџети, и втората за новата Национална стратегија за родова еднаквост (2022-2027) (ЦОР5; ЦОР 16). 169 претставници од 13 државни институции ги зајакнаа своите капацитети преку Ресурсниот центар за родово одговорно креирање политики и буџетирање на МТСП. Во 2022 година, 11 министерства и државни институции ги вклучија родовите аспекти и направија специфични буџетски распределби во рамките на избраните секторски програми. 307 претставници (212 јавни службеници и 95 општински советници) беа обучени за РСБ и РЕ. Како резултат на тоа, родовата перспектива беше вклучена на локално ниво преку 67 програми и 357 мерки кои се однесуваат на потребите на жените и најранливите. На локално ниво, Општина Крива Паланка доби поддршка за изготвување на својата прва родово одговорна Стратегија за локален развој (2022 – 2025).

**УНИЦЕФ придонесе за трансформација на мрежата на основни училишта и буџетските средства**, со цел зајакнување на ефективноста на јавните расходи наменети за децата. На национално и на општинско ниво се работеше врз градење на капацитетите и застапувањето, за да се овозможи квалитетно образование во сите основни училишта и правична распределба на буџетот врз основа на објективни критериуми. Новата формула и механизмот за финансирање на основното образование беа јавно одобрени од страна на Министерството за образование и наука и Министерството за финансии. Им беше дадена поддршка на МОН и Бирото за развој на образованието за ревидирање на стандардите. Покрај тоа, УНИЦЕФ изработи референтна **анализа на трошоците во однос на адекватноста на буџетот во областа на правда за деца**. Ова им помогна на националните и на локалните институции подобро да ги следат, планираат и евидентираат трошоците во областа на правдата за деца и превентивните програми. Наодите од **Анализата на состојбата на следењето на правата на децата** беа искористени за застапување и широки консултации за воспоставување систем за следење во различни сектори кои се занимаваат со правата на децата.

**Конференцијата на високо ниво за „Одржливо управување со миграцијата во Западен Балкан“,** одржана на 15-16 ноември 2022 година со поддршка од МОМ, резултираше со Декларација за зајакнување на субрегионалната соработка во справувањето со криумчарењето мигранти и трговијата со луѓе, особено преку зголемување на пристапот до редовни патишта за мигрантите и поттикнување на практиките и постапките за социјална инклузија, реадмисија и реинтеграција.

### ЗГОЛЕМЕНА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПРЕДВИДЛИВОСТА И КВАЛИТЕТНИТЕ И РАСЧЛЕНЕТИТЕ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДОБРЕНО ГЛЕДАЊЕ КОН ИДНИНАТА, ОДГОВОРНО КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ ВРЗ ОСНОВА НА ДОКАЗИ И ОРИЕНТИРАНИ КОН ПОСТИГНУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

ОН го вложија своето колективно знаење во подобрување на креирањето политики врз основа на докази што се предвидливи и инклузивни и долгорочно, стратешко изготвување на визии, базирано на податоци. Процесот на формулирање на првата **Националната развојна стратегија** којашто го воспоставува патот на развој на земјата во следните две децении беше пресвртна точка во целата Влада и целото општество кога станува збор за креирање политики. УНДП поддржа ангажман и консултации на повеќе од 2.500 граѓани и мултисекторски чинители за развој во визионерските работилници на НРС и консултации за осмислување на иднината. Во исто време, беа изработени 23 референтни анализи за областите релевантни за одржливиот развој на земјата, вклучувајќи образование, водостопанство, транспортна инфраструктура, управување со отпадот и инфраструктура за отпад, култура и културно наследство, економски развој, јавни финансии и фискална политика, млади и спорт, туризам, рамномерен регионален развој, пазар на трудот, просторно планирање, животна средина, климатски промени и живеалишта, дигитализација, социјална политика и пензиски систем, здравство и здравствена инфраструктура, енергетски систем, владеење на правото и борба против корупцијата, јавни институции, зелена економија и зелени работни места, и за крај, наука и истражување. Првата ревизија на НРС се очекува да биде завршена пред крајот на 2023 година, заедно со Акцискиот план за нејзино ставање во употреба и поставување на рамката за управување со НРС и институционално финансирање. UN Women помогна во внесување на родовата перспектива во сите области на НРС опфатени во почетната фаза на нејзиниот развој.

## 2022 ДЕТАЛНИ РЕЗУЛТАТИ

**Во склоп на „Планирање и дискурс за миграциската политика заснована на докази во Северна Македонија“, заедничката програма на УНХЦР, МОМ и УНФПА**, беа спроведени различни институционални активности, активности за градење на капацитетите и други. Проценката на потребите за управување со миграцијата во Северна Македонија од страна на **УНХЦР** се заснова врз преглед на расположливата документација и 14 интервјуа со клучните национални засегнати страни членови на Меѓуресорското тело за развој и спроведување на миграционата политика 2021 – 2025 и други релевантни засегнати страни. 328 претставници на владата, собранието, судството, академиците, приватниот сектор, граѓанските организации, невладините организации, меѓународните организации и други ја зголемија својата компетентност за предвидлива миграција со поддршка на УНХЦР и МОМ. За целите на ДЗС беа изготвени три алатки/механизми за управување со податоци. Исто така, беше обезбедена поддршка за набавка на нови ИТ системи/бази на податоци/софтвер или надградба на постојните во МИОА, одделот ОКРА при МВР и НБРСМ за понатамошно унапредување на процесите на собирање и анализа на податоци за управување со миграцијата и процесите за дигитализација на институциите.

**Во рамките на истата заедничка програма, УНФПА, МОМ и УНХЦР** ги зголемија капацитетите на националните партнери за искористувањето на алтернативни извори на податоци. Анализата на состојбата на дознаките беше проследена со национално истражување на дознаките, кое на НБРСМ ѝ овозможи увид во каналите за прием и користење на дознаките од домаќинствата. Се вложи пионерски напор за мапирање на потенцијалните извори на податоци за проценка на миграцијата со користење големи податоци врз основа на Интегрираното моделирање на европската статистика (ИМЕМ). Капацитетите на 169 национални засегнати страни (министерства, национални институции, академици, граѓанско општество), од кои 108 жени (64 %) и 61 мажи (36 %), беа зајакнати со податоците за дознаки и со примената на големи податоци во проценката на миграцијата и креирањето на политики. 44 претставници од различни институции беа обучени и за примената на моделот што соодветствува со начелата на моделот Интегрирано моделирање на европската статистика (ИМЕМ).

**Поддршката на УНФПА за првото официјално објавување и ширење на резултатите од пописот во 2021 година беше од суштинско значење.** Публикацијата, која содржи клучни резултати и визуелизации, во печатен и електронски формат, го зголеми знаењето и свеста за главните демографски тенденции во земјата. Бидејќи Северна Македонија беше првата земја во Западен Балкан која спроведе попис користејќи комбинирана методологија на теренско пребројување и податоци од регистрите на население, УНФПА го поддржа ДЗС во ширењето добри практики на меѓународни и регионални форуми. Дополнителна експертска поддршка беше обезбедена за изработката на **нова Програма за статистички истражувања 2023 – 2027**, за утврдување на релевантните потреби за податоци во национални и ратификувани меѓународни документи, а посебен дел од анализата беше посветен на потребите за податоци за индикаторите за одржлив развој ЦОР 17.18. Прегледот на Стратегијата за демографски политики 2022 – 2024 година укажа на области каде што е потребен поефикасен одговор на политиките на демографските предизвици. Регионалниот форум „Градење градови погодни за младите во свет од 8 милијарди луѓе“, организиран во ноември 2022 година во Босна и Херцеговина, кој собра 120 градоначалници, претставници на општините и млади луѓе, се фокусираше врз учеството на младите и зајакнувањето на демографската отпорност во општествата.

МИОА доби техничка поддршка од **МТУ** за изработка на Национална ИКТ-стратегија 2023 – 2027, која претставува стратешка рамка за процесот на забрзана дигитална трансформација на земјата преку дигитализација на јавните услуги за граѓаните и бизнисите, вклучувајќи напредни дигитални технологии како што се вештачка интелигенција, големи податоци и облак-услуги.

### СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА И ДОВЕРБА СЕ ПОДОБРУВААТ ПРЕКУ ДИЈАЛОГ И ЗНАЧАЈНО УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ, ЖЕНИТЕ, ЕТНИЧКИТЕ И ВЕРСКИТЕ МАЛЦИНСТВА, БЕГАЛЦИТЕ И ДРУГИТЕ РАНЛИВИ ГРУПИ

Во 2022 година, ОН ја зајакнаа социјалната кохезија преку промовирање на учеството на младите и жените и вклучување на најчесто изоставени лица, како што се лицата со попреченост, мигрантите, бегалците, барателите на азил, луѓето без државјанство и одредени етнички малцинства. **УНДП, УНФПА и УНИЦЕФ** ја поддржаа Агенцијата за млади и спорт во креирањето на новата Национална стратегија за млади 2023 – 2027. Потребите и ставовите на младите од различно потекло беа собрани преку широк младински ангажман и консултации со U-репортерите низ целата земја. Процесот на формирање локални младински совети и зајакнување на младите доби поддршка во пет општини.

Во рамките на **Регионалниот младински проект, УНДП и УНФПА** ги проширија партнерствата за конструктивни наративи за вклучување регионални, јавни медиуми и локални младински медиумски мрежи и млади влијателни лица („инфлуенсери“) на социјалните медиуми. 35 средношколци и 6 наставници од Северна Македонија ги проширија своите знаења за дезинформации, дезинформации и лажни вести. Младите со попреченост, младите во руралните средини, средношколците и универзитетските здруженија беа вклучени во напорите за градење на меѓусебна доверба и разбирање.

**УНИЦЕФ ги зголеми можностите на младите луѓе да имаат право на глас во главните национални политики**, вклучувајќи ја и Националната посветеност за трансформација на образованието – како дел од Самитот за глобално трансформирање на образованието, Националната стратегија за развој, Националната стратегија за превенција и правда за децата. Нивниот ангажман преку повеќе дебати во живо, консултации и U-Report ја зголеми својата база во 2022 година од 200 на 920. Вкупно 465 млади луѓе од различно потекло (од кои повеќето беа девојчиња) активно учествуваа и направија 94 иновации и производи преку четири главни програми: UPSHIFT, Generation Unlimited (Неограничена генерација), Програма за социјално и емоционално учење (СЕУ) и Правда за деца (J4C). 150 млади лица учествуваа во програмата UPSHIFT фокусирана врз решенија предводени од млади за еколошки предизвици во три области: вода, воздух и енергија. Од 30-те предложени решенија, 15 добија грантови и беа имплементирани во заедниците. Националната кампања на УНИЦЕФ „Само дете“ ја подигна свеста за децата во контакт со законот. Таа привлече 313.546 кликови и 315.783 прегледи. Иновативната програма за застапници за деца и млади им овозможи безбеден простор на 13 деца и млади од малите групни домови и од воспитно-поправниот дом каде би можеле да се соберат, да комуницираат, да научат за своите права и да ги споделат своите искуства и грижи за правосудниот систем. Програмата беше корисна и за децата во судир со законот и за институциите одговорни за реинтеграција.

Во рамките на проектот ЗП П**ланирање и дискурс за миграциската политика заснована на докази во Северна Македонија, заеднички спроведен од страна на УНХЦР, МОМ и УНФПА, УНХЦР,** беа промовирани позитивни јавни наративи за бегалците, барателите на азил и лицата без државјанство во партнерство со ГО, како што се МОФ, МЗМП, медиумите и други засегнати страни. Беа спроведени 87 активности за наративна трансформација, вклучувајќи застапување, Комуникациска стратегија за социјални промени, поддршка за Скопскиот џез-фестивал и за Скопскиот маратон и други јавни настани, како и водечка #IBelong кампања за решавање на статусот на лицата без државјанство до 2024 година.

**UN Women** им обезбеди поддршка на 13 женски граѓански организации во изразувањето на нивните потреби за локалното донесување одлуки. Ова резултираше со 74 препораки за политики до креаторите на политики за вметнување на родовата перспектива во локалната јавна инфраструктура и услугите, вклучувајќи советување за жртвите на семејно насилство. Како резултат на тоа, над 3.000 жени од локалните заедници беа охрабрени да ги искажат своите потреби и приоритети во локалното донесување одлуки во 16 општини (придонесувајќи кон ЦОР 5.в; ЦОР 5.5; ЦОР 16.6; ЦОР 16.7). Покрај тоа, UN Women ѝ обезбедија поддршка на НАЛАС во организирањето на четвртиот Форум на жени градоначалници во ЈИЕ. Над 60 градоначалници и претставници на локално ниво разменија искуства, најдобри практики и предизвици за промовирање на родовата еднаквост во локалниот живот.

**ОХЦХР и мрежата на ОН**, националните и меѓународните партнери заеднички го одбележаа Денот на човековите права, кревајќи го гласот и визијата на младите луѓе. Под слоганот **Достоинство, слобода и правда за сите**, 300 млади луѓе од различна возраст, пол и потекло преку уметнички дела застанаа во одбрана на своите права и на правата на своите врсници кои се ранливи и невидливи, и презедоа дејства за еднакви права и слободи.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ И НА ЛОКАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПОВРАТ НА ИМОТОТ И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНИОТ ЖИВОТ ПРЕКУ ПОДОБРО СПРОВЕДУВАЊЕ НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ЗАКОНИ И ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

**УНДОК** ја поддржа Владата, полицијата, обвинителството, судството и другите релевантни чинители во **имплементацијата на Регионалниот патоказ за антикорупција и незаконски финансиски текови за Западен Балкан**, како дел од Берлинскиот процес. Зголемени се капацитетите на националните партнери за спротивставување на институционалната корупција и корупцијата на ниско ниво преку поддршка на спроведувањето на Националната стратегија за финансиски истраги и конфискација на имот. УНДОК предложи нормативни промени за обезбедување на заштитни мерки за интегритет и одговорност. Отпочнати се неколку нови иницијативи, вклучувајќи корупција во спортот и борба против корупцијата од мали размери.

**УНДП обезбеди поддршка за антикорупциските напори на земјата** во спроведувањето на УНЦАЦ (членови 7, 8 и 10; како и членовите 53 до 59) и изготви Процена на ризикот од корупција во рамки на државните органи и на јавните претпријатија во сопственост на општините. Повеќе од 200 државни службеници, градоначалници и општински советници ги зголемија капацитетите во областите поврзани со локалното владеење, надзорот, антикорупцијата и управувањето со јавните финансии. УНДП ја олесни прекуграничната соработка помеѓу Северна Македонија и Косово во борбата против недозволената трговија со оружје. 415 полицајци од земјата ги зголемија капацитетите и разменија искуства со своите колеги за собирање и анализа на податоци, категоризација на оружјето и конверзија. Заеднички кампањи за подигнување на свеста за злоупотреба на мало и лесно оружје и на славеничко пукање се одржаа на двете страни. 200 полицајци беа обучени како да го користат новиот систем за управување со полициски информации.